**Универзитет Св.“Кирил и Методиј”**
**Институт за социолошки и**
**политичко-правни истражувања**
**ПСИХОЛОШКА ЛАБОРАТОРИЈА**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

# ПРВ НАУЧЕН СИМПОЗИУМ

за промовирање на активностите на Психолошката Лабораторија и промоција и презентација на досега стандардизираните меѓународни психолошки тестови на македонски јазик на тема:

## „УПОТРЕБА НА ПСИХОЛОШКИ ТЕСТОВИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВО, ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТ, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ“

26.11.2016 г.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**
**Институт за социолошки и политичко-правни истражувања**
**ПСИХОЛОШКА ЛАБОРАТОРИЈА**

# ПРВ НАУЧЕН СИМПОЗИУМ

# „УПОТРЕБА НА ПСИХОЛОШКИ ТЕСТОВИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВО, ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТ, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ“

23.11.2016 год.

**- ТРАНСКРИПТ -**

**Скопје, 2017**

Психолошка Лабораторија

Раководители:
Проф. д-р Елеонора Серафимовска eleonora@isppi.ukim.edu.mk;
Проф. д-р Маријана Марковиќ marijana@isppi.ukim.edu.mk

Психолошката лабораторија е формирана во 2006 година, во рамки на последипломската настава при ИСППИ, Скопје.
Лабораторијата спроведува обуки за стекнување на техники и вештини кои се неопходни за личен раст и развој, како и за успешна реализација на професионалната дејност.
Психолошката Лабораторија спроведува истражувања од доменот на социјалната, политичката психологија, психологијата на комуницирањето и медиумската психологија.
Психолошката Лабораторија спроведува културна адаптација и стандардизација на меѓународно признати психолошки тестои.
Психолошката Лабораторија нуди индивидуална психотерапија и психолошко советување.

Организатори на Научниот симпозиум:
Вон. проф. д-р Елеонора Серафимовска
Вон. проф. д-р Маријана Марковиќ

Дизајн и печат:
Европа 92 – Кочани

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

159.9.072(062)

НАУЧЕН симпозиум “Употреба на психолошки тестови во областа на здравство, образование и спорт, социјална заштита и менаџмент на човечки ресурси “ (1 ; 2017 ; Скопје)
Употреба на психолошки тестови во областа на здравство, образование и спорт, социјална заштита и менаџмент на човечки ресурси : транскрипт / Прв научен симпозиум, 23.11.2016 год. - Скопје : Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 2017. - 120 стр. : фотографии ; 20 см

ISBN 978-9989-633-50-8

а) Психолошки тестирања - Претприемништво - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 104626186

## Предговор

*Во рамки на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во 2006 година е формирана* ***Психолошката лабораторија****, прва во Република Македонија од ваков вид.* ***Психолошката лабораторија*** *во својата основна дејност спроведува обуки за стекнување техники и вештини од доменот на применетата психологија, спроведува истражувања од доменот на социјалната, политичката психологија, психологијата на моралот, психологијата на комуницирањето, психологијата на медиумите и нуди индивидуална психотерапија и психолошко советување.*

*Во последните 6 години* ***Психолошката лабораторија*** *интензивно работи на стандардизација и културна адаптација на меѓународни психолошки тестови наменети за употреба во разни сфери од психолошката дејност: образованието, меанаџментот на човечките ресурси, здравството. Главна мотивација да се започне со вакви активности е долгогодишната состојба со употребата на психолошките тестови во разните сфери на општественото живеење и дејствување во Република Македонија. До сега не беше направен никаков сериозен и издржан напор во изготвување на психолошките тестови, ниту се работи на целосно и квалитетно поткрепена проверка на употребата на меѓународните психолошки инструменти. Па оттука, долгогодишната апстиненција во обидите во овие спомената насоки се препозна како потреба за еден првичен напор да се трасира патот и да се отпочне ера на проверка, адаптација и креирање на психолошки инструменти и тестови во Македонија.*

***Првиот научен симпозиумот*** *освен промовирање на досега стандардизираните меѓународни психолошки тестови на македонски јазик во рамки на редовните активностите на Лабораторијата, имаше за цел и повикување на психолози – експерти во одредени области да говорат за проблемите и предизвиците со кои се соочуваат на своите работни места, а се однесуваат на примена на стандардизирани и културно адаптирани инструменти.*

*Проф. д-р Елеонора Серафимовска*

*Проф. д-р Маријана Марковиќ*

## ПРВ НАУЧЕН СИМПИЗУМ

**на тема:**

## „УПОТРЕБА НА ПСИХОЛОШКИ ТЕСТОВИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВО, ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТ, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ“

Психолошката лабораторија при Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања (ИСППИ), Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”-Скопје, го реализираше првиот научен сипмпозиум за промовирање на активностите на Психолошката Лабораторија, како и промоција и презентација на досега стандардизараните меѓународни психолошки тестови на македонски јазик. Симпозиумот се одржа на 23. Ноември со почеток во 11ч. во просториите на Институтот за социолошки и политичко–правни истражувања. Симпозиумот беше дел од циклусот презентации наречен „НАУЧНА СРЕДА“, кој успешно се спроведува од самото негово постоење.

Симпозиумот се спроведе со очекување дека ќе ја покрене свесноста за важноста на правилната употреба на психолошките тестови во Република Македонија и воопшто важноста за научната размисла, но и професионалната и научна одговорност на психолозите во Република Македонија, особено во време на општествена, политичка и економска криза.

Симпозиумот се реализираше според наведената агенда:

*11:00 ч - 11.30 ч Свечено отварање на симпозиумот*

Во овој дел кратки воведни излагања имаа следните професори: проф. д-р Мирјана Борота Поповска, директор на ИСППИ-УКИМ, проф. д-р Ганка Цветанова, раководител на сектор

за научна дејност на ИСППИ-УКИМ, м-р Мирјана Јовановска Стојановска, претседател на КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА РМ, проф. д-р Елеонора Серафимовска, кораководител на ПСИХОЛОШКА ЛАБОРАТОРИЈА и проф. д-р Маријана Марковиќ, кораководител на ПСИХОЛОШКА ЛАБОРАТОРИЈА.

По свеченото отварање, следеа паралелни сесии и тоа:

*11:30 ч - 12.30 ч*

*Претпладневна Паралелна сесија 1:*

*„Употребата на психолошките тестови во областа на здравството“*

Модератор на оваа сесија беше д-р Татјана Зорчец од Универзитетската Клиника за детски болести, а свои презентации имаа: Катина Павлоска од Заводот за ментално здравје на деца и младинци „МЛАДОСТ“, Натка Пачоска од Институт за брак, семејство и системска пракса – АЛТЕРНАТИВА, Тина Васков од Центарот за невропсихологија, психотерапија и психологија „КОГНИЦИЈА“ и Илија Дојчиновски од ПЗУ ФИЛИП ВТОРИ.

*11:30 ч - 12.30 ч*

*Претпладневна Паралелна сесија 2:*

*„Употребата на психолошките тестови во областа на менаџментот на човечки ресурси“*

Модератор на оваа сесија беше Весна Димовска од ДЕКРА, а свои презентации имаа: Мартина Стојкоска од „ДЕКРА“, Павел Станоевски од „ВЕДЕЛ ИТ“, Елена Глигоровска од „ЕСЦ-Егзекјутув Срч Консалтинг“ и Љубица Попова од МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА.

По овие претпладневни сесии следуваше мал коктел за да потоа продолжат активностите во две попладневни сесии:

*13:00 ч - 14.00 ч*

*Попладневна паралелна сесија 1:*

*„Употребата на психолошките тестови во областа на образованието и спортот“*

Модератор на оваа сесија беше Емилија Угриновска од Државниот Испитен Центар, а свои презентации имаа: Софија Димитровска која доаѓаше од ЈДГОА „Срничка“, Гордана Несторовска од ОУ „Јоаким Крчоски“, Ленче Ристовска од СУГС „Ѓорѓи Димитров“, Јана Шишковска, Меѓународно училиште „НОВА“, Ленче Алексовска, ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ.

*13:00 ч - 14.00 ч*

*Попладневна Паралелна сесија 2:*

*„Употребата на психолошките тестови во областа на социјалната заштита“*

Модератор беше проф. д-р Иван Трајков од Институтот за социјална работа и социјална политика, а потоа следеа презентациите на Снежана Мишевска од Заводот за социјални дејности, Розета Паскалиева од Меѓуопштнски Центар за социјални работи на град Скопје, Розалија Секулоска - Детски Дом „11. ОКТОМВРИ“, Весна Стоименов од СОС Детско Село и на крај, Ивана Стоименовска од Казнено поправниот дом ИДРИЗОВО.

Како почесен гостин на симпозиумот беше поканета и присуствуваше проф д-р Даниела Тасевска, Декан на Филозофскиот Факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Велико Трново, Бугарија.

Симпозиумот беше посетен од над 120 колеги психолози, вработени во разни установи, пред се́, во Скопје, кои јавно ја изразија својата благодарност што беа поканети да земат учество и да дискутираат на тема која е од исклучитена важност најнапред за психолошката дејност, но секако има и далекусежни широки општествени последици.

Сите презентации и дискусии беа снимени и се испечатени во ова специјално издание на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, кое ќе биде дистрибуирано до сите засегнати, заинтересирани и релевантни страни.

***<u>11:00 ч - 11.30 ч Свечено отварање на симпозиумот</u>***

**Мирјана Борота Поповска, Директорка на ИСППИ:**

Добар ден на сите. Најнапред да ја поздравам Деканката на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, проф. Д-р Ленче Алексовска, потоа проф. Д-р Даниела Тасевска од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, од Факултетот за филозофија од Бугарија, Професорката Ѓерѓана Ванкова од Факултетот на Југо-западен Универзитет „Теофил Рилски“ од Факултетот за педагогија, Претседателката на Комората на психолози на Македонија, моите драги колеги, драги студенти, пријатели на Институтот. Многу ми е драго што сме денес собрани во ваков голем број што за нас потврдува дека навистина ја погодивме темата од оваа „Научна среда“. Инаку, оваа „Научна среда“, која што е дел од еден циклус на „Научни среди“ што решивме да ги правиме во текот на целата година, еднаш во месецот во ден среда, всушност претставува презентација на нашето работење, на работењето на нашите колеги и, во оваа ситуација, на двете наши драги колешки Маријана Марковиќ и Елеонора Серафимовска кои се во нашата Психолошка лабораторија. Овој циклус на научни среди, всушност, презентира резултати кои се актуелни и кои се сработени од нашиот кадар во Институтот. Науката, ако остане сама за себе, нема никакво значење, па затоа ние сме најсреќни кога тие резултати можеме да ги споделиме со засегнатите страни. Во оваа ситуација се надевам дека ќе се задоволат интересите на Вас присутни овде денес и дека ова ќе биде само еден почеток на Вашето понатамошно работење од оваа област. Инаку, ми претставува исто така задоволство да Ве поздравам од Ректорот на Универзитетот, како и од Проректорот за наука Владимир Петрушевски кој требаше денес да биде присутен, но Ве поздравува поради неодложна работа и Ви посакува добра работа во текот на овој ден и рече дека се надева дека следниот пат ќе успее бидејќи и него го заинтересира оваа тема, иако не е од оваа област. Сакам уште еднаш јавно да се заблаго-

дарам на Ректоратот на Универзитетот бидејќи нé поддржува и материјално и финансиски за да можеме да ги оствариме овие циклуси на „Научна среда“, меѓудругото и на оваа среда. Се надевам дека и понатаму ќе соработуваме и ќе најдеме заеднички интерес. Ви посакувам добра работа, нови сознанија, отворање на хоризонти, почеток на добра и интересна соработка и мислам дека како психолози и како дел од оваа фела навистина сте значајни за општеството не само во кризни ситуациии, туку и за добри работи.

**Ганка Цветанова, Раководител на секторот за наука при ИСППИ:**

Почитувани гости, почитувани колеги, пријатели на Институтот, дозволете ми и во мое име да Ви се заблагодарам на присуството и да Ви посакам добредојде на првиот научен симпозиум кој има за цел да ги промовира активностите на Психолошката лабораторија и кој се одржува во рамките на манифестацијата „Научна среда“. Имено, Психолошката лабораторија е формирана во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања од страна на нашите колешки професорката Елеонора Серафимовска и професорката Маријана Марковиќ во 2006 година и има за цел да се занимава со спроведување на обуки за унапредување на личната и професионалната цел, како и со спроведување на истражувања од доменот на социјалната, политичката психологија, психологијата на моралот, психологијата на комуницирањето и психологијата на медиумите. Во 2009 година Психолошката лабораторија стана посебна единица во рамките на нашиот Институт. Оттогаш започна и една од нејзината основна дејност - тема на денешниот симпозиум, а тоа е стандардизација и валидација на психолошките инструменти. Ви посакувам успешна работа и многу вакви симпозиуми.

**Мирјана Јовановска Стојановска, Претседателка на Комората на психолози:**

Најпрво би ја поздравила директорката на Институтот Мирјана Борота Поповска, потоа нашите колеги од Бугарија, како и сите присутни. Посебно им се заблагодарувам на колешките Елеонора Серафимовска и Маријана Марковиќ за организирање на овој настан. Темата е многу актуелна за нас психолозите за употреба на психолошките тестови во различни области. Мислам дека оваа е прв симпозиум од ваков вид во Македонија и сакам да им се заблагодарам што знаат да ги организираат и реализираат нивните идеи, а ние сите овде да имаме корист од тоа. Еден многу важен голем дел од психолошката дејност е психодијагностиката и користењето на психолошки тестови и прашалници во работата на психологот. Овој симпозиум се совпаѓа со почетокот на една поширока иницијатива на Комората на психолози на Република Македонија. Основната идеа е ние психолозите да го озакониме она што секојдневно го работиме, односно да користиме стандардизирани тестови чии авторски права се откупени или легално ќе ги добиеме како право за користење. Да воведеме контрола кој може да користи психолошки тестови и каде, бидејќи практиката на фотокопирање на тестовите и подавање од рака на рака води кон злоупотреба на истите и незаконско работење. Свесни сме за досегашниот однос на општеството, а и на нас психолозите, кон употребата на психолошките тестови со што ја доведуваме во прашање законитоста во нашата дејност и во многу области, во здравството, во образованието, во судството и така натаму. Оваа идеа за воведување реформи во користењето на психолошките тестови може само ние заедно да ја оствариме и реализирајќи ја идеата да ја позиционираме нашата професија психолог на местото кое и припаѓа во ова општсетсво. Ви посакувам интересен и креативен работен симпозиум.

**Еленора Серафимовска, Психолошка лабораторија при ИСППИ:**

Огромна благодарност до сите кои денес се потрудија да присуствуваат на овој наш научен симпозиум. Навистина ме изненадивте со бројката. Можеби требаше да го организираме на друго место. Не сум видела повеќе психолози на едно место во мојот дваесетипетгодишен работен стаж и навистина се радувам на тоа. Да и се заблагодарам и јас на Директорката која е промотор на оваа наша „Научна среда“ со која се овозможува сите активности кои ги правиме да допрат до јавноста, до пошироката и до експертската јавност, се разбира. Да се заблагодарам на раководителката за наука во нашиот Инстититут каде заеднички се бориме науката да си го најде своето место во нашето општество. И се заблагодарувам и на Претседателката на Комората со која навистина се надевам и верувам во тоа дека ќе се внесе нова свежина во Комората и дека ќе отпочне еден процес во функционирање на Комората со сите нејзини активности, и уште една благодарност за тоа што ѝе поздрави и навистина ѝе поддржува во оваа наша идеа. Ги поздравувам и нашите гости од Бугарија. Благодарност и до нашите координатори и презентери, пред сѐ, до нашите координатори. Тоа се истакнати професионалци во својата област и имаа задача да ја соберат фелата во која работат и јас се надевам дека ќе имаме интересна работа и дискусија во поединечните сесии. Само би ги споменала - тоа е д-р Татјана Зорчец од Детската клиника. Јас не можам да ја претставам што сѐ има работено, ќе ми треба многу време и се надевам дека во сесијата за здравство ќе имате можност подобро да ја запознаете. Тука се нашата драга помлада колешка, наш драг постдипломец на Менаџмент на човечки ресурси, Весна Димовска, м-р Емилија Угриновска од Државниот испитен центар која работи во одделот за образование и професорот Иван Трајков од Институтот за социјална работа и социјална политика. Тие се луѓето кои, иако можеби некои од нив не употребуваат тестови, но сигурно се професионалци во својата област и навистина се запознаени со овој проблем. Би

било одлично доколку сите учесници во поединечните сесии ги споделат мислењата. Во интерес на времето ние нема многу да должиме. На почетокот имавме идеа малку да ги промовираме активностите на Психолошката лабораторија и накратко само би кажала дека оваа Лабораторија како посебна единица постои од 2009 година, а во последните четири години јас и мојата колешка интензивно се занимаваме со, пред сé, адаптација и стандардизација на меѓународно признати инструменти. Ние, освен што започнавме еден таков официјален процес на стандардизација, се опробавме и во една нова област, што значи да се креираат нови тестови во нашата држава. Сé уште сме само на почетокот, имаме само два, меѓутоа верувам дека со Ваша помош сите заеднички ќе започнеме со тој процес на креирање, а не само на адаптирање на психолошки инструменти. Влезени сме и во процес на меѓународно креирање на инструменти, што особено нé радува. Би сакала потоа во сесиите да ги споделиме нашите искуства, така што не би должела. Навистина огромна благодарност до сите што дојдовте денес. Јас се надевам дека ќе имаме интересна дискусија. По сето ова ќе излезе и една публикација и ќе нé радува да ја доставиме до сите. Можеби некој ќе може да присуствува само на една од сесиите, па затоа сето кажано на сесиите ќе биде преточено во еден текст што ќе го добиете сите. Само уште на кратко, не и се заблагодарив на мојата колешка Маријана, вака јавно па затоа сега ја користам таа прилика да кажам дека без неа немаше да направиме ништо од она што денес го правиме.

**Маријана Марковиќ, Психолошка лабораторија при ИСППИ:**

Навистина ми значи бидејќи поминавме многу години заедно и јас не би сакала да должам. Навистина многу се радувам што сме собрани во голем број. Нашата главна идеа од која што тргнавме беше да го отвориме прашањето за употреба како, кој и како ги користиме тестовите и да отвориме повеќе дискусии за примена на тестовите во различни области, токму со цел да

ги унапредиме нашите професионални дејствувања секој во својата сфера во која што работи. Би сакала да Ви кажам дека ние поминавме еден процес на стандардизација и адаптација на психолошки тест на личност. Ние успеавме официјално да го стандардизираме и да изготвиме норми за двете верзии, македонска и албанска, на НЕО ПИ 3. Благодарност до нашата колешка која е тука присутна, Сара Демири Османи која многу ни помогна околу албанскиот превод. Знаевме да ја вратиме: ајде Сара уште еднаш... Целиот тој процес со стандардизација на НЕО ПИ 3 го завршивме со официјален договор со издавачката куќа. Сите податоци кои ги добивме ги доставивме до Комората на психолози, како и до авторот на текстот. Добивме потврда од авторот дека сме ги исполниле сите стандарди неопходни за стандардизација на тест. Колку за информација, можеби ќе бидете во можност да ја отворите веб страната ИПИП која содржи голем број на психолошки тестови кои слободно можат да бидат употребувани. Од таа страна ние ја извадивме НЕО ПИ верзијата (ИПИП НЕО), истата ја стандардизиравме, а нашите имиња како автори на стандардизацијата можете да ги најдете на таа веб страна. Работевме и конструиравме две бази на ајтеми: база на силогизми кои мерат логичко размислување и база на ајтеми за апстрактно резонирање.Тоа се базени на ајтеми кои се така генерирани да можат во единица време да извадат тест кој содржи 30 ајтеми со различна тежина. Еве тоа е што е ново, што колешката Елеонора го спомена, а за што можам да се пофалам дека навистина успеавме да постигнеме преку примена на постапка која овозможува мерење на тежината на ајтемот без да се мери тежината на тестот. Како што спомена Ели, вклучени во една меѓународна мрежа за стандардизација на еден психолошки тест, но го добивме и договорот стандардизација и печатење на ММПИ РФ. Една цела година работевме на исполнување на критериумите, додека не успеавме конечно да ни дозволат не само да го преведеме, туку и да го печатиме во Македонија. Процесот на стандардизација на ММПИ РФ не е почнат на терен, но се надевам дека во најскоро време, откако ќе завршат сите изборни активности ќе можеме да одиме и на терен.

*11:30 ч - 12.30 ч*

*Претпладневна Паралелна сесија 1:*

*„Употребата на психолошките тестови во областа на здравството“*

**Модератор:** *Татјана Зорчец*, **У**ниверзитетска Клиника за детски болести

**Презентери:**

*Катина Павлоска*, Завод за ментално здравје на деца и младинци „МЛАДОСТ“

*Натка Пачоска*, Институт за брак, семејство и системска пракса – АЛТЕРНАТИВА

*Тина Васков*, Центар за невропсихологија, психотерапија и психологија „КОГНИЦИЈА“

*Илија Дојчиновски*, ПЗУ ФИЛИП ВТОРИ



**Татјана Зорчец:**

Добар ден на сите. Кога Ве гледам вака сите ми се јави една возбуда затоа што не очекував во толкав број да бидеме, особено во здравство. Да се претставам, јас сум Татјана Зорчец, работам на Клиниката за детски болести веќе 20 години, клинички психолог, магистер и доктор на науки, еден од основачите на онаа комора што беше претходно со која, за жал, немавме некоја посебна соработка. Морам тоа отворено да го кажам. Сега кога се јави новото раководство на Комората, Елеонора ме замоли да ја поддржам работата на Комората, а и на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Посебно на моите колешки кои се обидуваат за првпат да направат нешто многу битно во Македонија. Ги поддржувам и понатаму ќе ги поддржувам затоа што ние сме хирурзи на кои им требаат инструменти, а ние тие инструменти ги немаме. Значи ги немаме со години наназад. За постарите колеги се сеќавате дека во бивша Југославија постоеше сериозна институција, Завод за продуктивност дела, во Словенија беше, од кој најверојатно ги имаме инструментите од пред четириесет години, не знам веќе и сама, од седумдесетите, кои не се веќе ни соодветни за употреба и кои што ги употребуваме, но клинички едно гледаме, а на тие тестови добиваме нешто друго и сме во збунка што да правиме, нели. Така што ја поддржувам оваа идеа да се стандардизираат тестови и сите заедно да работиме на тоа. Особено клиничарите во пракса беа за кои веројатно клиничките тестови не можат да се стандардизираат, посебно ни е битен ММПИ како тест кој ние денес го употребуваме, ама со несигурност и резерва за вистинските податоци што сме ги добиле. Ова е замислено како една тркалезна маса, една отворена дискусија меѓу нас, да чујат и колегите од Комората со кои проблеми се соочуваме. Мене ми е жал што денес немаме претставник од Министерството за здравство. Беше поканета таа инстутуција, меѓутоа мислам дека не стаса никој да дојде од Министерството. Веројатно ова ќе биде после проследено и до матичните министерства за да чујат што имаме да кажеме. На оваа маса имаме претставници од повеќе институ-

ции, што државни, што приватни. На кратко би Ви ги претставила. Од нашата десна страна е Натка Пачоска, која е стручен директор на Институтот за брак, семејство и системска пракса „Алтернатива“, клинички психолог, европски сертифициран гешталт терапевт, семеен и системски психотерапевт и тренер и водител на психодијагностички едукативни сесии. Колешката Андромахи Наумовска која требаше да дојде од Психијатриската клиника во Скопје, нешто е во последен момент спречена и своето отсуство го најави. Потоа мојата драга пријателка Тина Васков која е, јас велам, горд сопственик на „Когниција“, првиот центар за невропсихологија, психотерапија и психологија, клинички психолог и магистер по невропсихологија, завршено во Белград, едуцирана во областа на психодрама, .... и невролошка психорехабилитизација на когнитивни и биохевијаралните промени. Од мојата лева страна, исто така, моја драга колешка Катина Павловска, вработена во Институтот за ментално здравје за деца и возрасни „Радост“, специјалист по детска психологија и гешталт терапија. И нашиот драг колега Илија Дојчиновски од Специјалната болница за хируршки болести Филип Втори, магистер на науки и лиценциран психодрама психотерапевт. Ова се колегите кои можеби би сакале да кажат некој збор и потоа да Ве вклучиме и Вас од публиката да кажете што Вие имате како Ваша пракса. Веројатно ни се многу слични искуствата, сите имаме потреба од психолошки тестови, кој како. Јас, на пример, во мојата дваесет и кусур годишна работа со деца и тоа како ни требаат одредени психолошки тестови, поготово за проценка на раниот развој на децата. Сега сме во некои предподготовки за адаптација на АДОС-от кој е тест за платен стандард за утврдување на симптомите на аутистичниот спектар. Значи тестот е набавен после една долга и сериозна процедура на молење на Министерството за здравство да го набави тој инструмент. Конечно го набавија, сега сакаме да го направиме преводот, до некаде е стасано, требаше многу порано, но не е завршен, а после тоа би одела евентуално и стандардизација на тестот. Тоа треба да оди преку Министерството за здравство, дали ќе оди

ќе видиме, нешто сега ги менуваат плановите по тоа прашање. Еве нешто се мрда во таа насока, меѓутоа сега треба да имаме од нашата Комора поддршка да сфатат дека сме здружени, дека сме можеби повеќе заедно отколку што сме биле претходно и на тој начин да влијаеме на нашите власти да го слушнат и нашиот глас. Знаете дека мораме да бидеме организирани за да можеме сето ова да го исполниме. И кога сите ќе бидеме заедно шансите за такво нешто се многу поголеми.



**Натка Пачоска:**

Чест ми е денеска да бидам дел од овој симпозиум, да поразговараме малку сите заедно за сето она што се вика употреба на психолошки тестови во пракса. Јас сум долги години во клиничката пракса, во клиничката психологија, долго работев во здравство, односно во ЈЗО Психијатриска болница во Скопје, 22 години работев каде што психодијагностиката беше една од главните задачи на психологот во работата, а веќе 5 години, шестата е оваа, работам приватно и главно сега психотерапијата ми е нешто што е главна работна задача, меѓутоа работам и едукации, меѓудругото, едукации за психодијагностика. Всушност, што сакам да кажам за употребата на тестовите. Благодарение на моето долгогодишно искуство  ги употребувам тесто-

вите кои што се стандардизирани во периодот на Југославија, значи освен словенското беше и српското здружение кое исто така стандардизираше тестови и дел од тие тестови ги имаме од таму, а дел се преку телото кое беше за стандардизација од Љубљана обезбедени. Значи сѐ уште моите тестирања ги правам со тие тестови, но многу значајно е искуството кое што го имам и индикаторите кои што ги добивам од овие тестови да ги проверувам со клиничкото интервју. Моето клиничко интервју не започнува и завршува во првиот дел од тестирањето, туку трае до крај на тестирањето. Дури може да се случи да завршам со него поради тоа што одредени индикатори кои што ќе ги добијам, а при тоа не ми се доволно јасни зошто ги добивам за тој клиент, тие индикатори во однос на менталната негова состојба, во однос на неговите способности кои што ги мериме и така натаму. Тогаш следи преку клиничкото интервју да ги проверувам. Тоа е токму затоа што сметам дека долги низа години се поминати откако се стандардизирани, односно откако ги имаме тие тестови кај нас и Вие знаете дека Македонија учествуваше во стандардизација, но процентуално колку што проценти имавме Македонци во Југославија, толку процентуално беа направени или вклучени во самото истражување во тој период на стандардизација на тестовите. Но, она што е уште побитно, ние знаеме дека како што одеше технологијата напред исто така се менуваа, од генерација на генерација гледаме дека имаме разлики во однос на капацитети кои што ги поседуваме, било на интелектуално ниво, било на психолошките карактеристики. Ние гледаме кај нашите млади поголема различност од она што ние бевме на тие години, токму поради напредокот кој што технолошки оди напред, така што стандардизацијата е неопходна, не заради тоа дали во Македонија е направено доволен број да бидат опфатени во стандардизирањето на тестовите, туку затоа што долги години поминале од последните стандардизации за одредени тестови и ако сега кажеме дека на WB скалата на интелегенцијата некогаш имаше прашање што е, по што е значаен 29-ти ноември - ние тоа го модифицираме – по

што е значаен 8-ми септември и така натаму. Значи тоа е модификација во праксата. Неопходни се ревидирања на одредени тестови кои што ги имаме, а се стандардизирани на територија на Југославија. Во исто време, многу значајна е подготовката и практичното искуство на психологот кој ја прави експлорацијата. Многу често се случува клиентите да бидат испратени до нас без да бидат добро информирани зошто. За да клиентот стекне доверба во нас психолозите треба време. Јас најчесто работам повеке од 1,5 час клиничко интервју преку кое работам и на градење на доверба на клиентот во мене. За среќа, јас секогаш сум го располагала тоа време и кога работев во клинички услови, и кога работам сега приватно. Тоа значи можам да го пролонгирам истражувањето, денес го правам клиничкото интервју, утре ќе тестирам интелектуални капацитети, задутре ќе зададам тестови на личност. Ова ми овозможува да го опсервирам клиентот подолго време и можам да се потпрам на мојата клиничка пракса во толкувањето на добиените индикатори. На тој начин можам да си дозволам употреба на тестови кои се стандардизирани пред долго време и во кои самоиницијативно правам прилагодување на тестовните ајтеми. Меѓутоа, од друга страна, ова може да не биде доволно добро за клиентот бидејќи тој се брза или има колеги кои работат амбулантно, што прават тие кои имаат мои термини, кои немаат толку време да го опсервираат клиентот. Токму затоа многу е значајна соработката што треба да ја направиме со стручните лица кои ни ги препраќаат клиентите кај нас за психодијагностика.

Вториот момент кој што е, исто така, многу значаен за мене е каква позиција заземам во текот на клиничкото интервју. А тоа е дали поаѓам од експертска позиција, дали од една позиција која е демографска позиција на собирање на податоци и, на крај, од една блиска позиција кон клиентот. Доколку останам повеќе време во блиската позиција тогаш клиентот има впечаток дека се фамилизирам со него. Значи потребата од баланс на позициите при тестирањето од страна на психологот во целокупната експлорација е од исклучително значење при употребата на тес-

товите. И за крај да кажам дека јас ги употребувам сите тестови, особено кога диференцијално дијагностички е нешто нејасно кај клиентот и психијатар го праќа за тестирање за да стане дијагностички појасен. Во такви ситуации се чувствувам силно одговорно повикана, затоа што од тоа ќе зависи кој вид на фармакотерапија ќе биде употребувана од страна на психијатарот. Барем јас со оние што сум соработувала многу веруваат во нас, во нашите тестови. Мислат дека ние го имаме магичното стапче и навистина психолошките тестови даваат многу точни индикации, но во инрепретацијата на истите првенствено е многу значајно колкаво искуство психологот има. Внимателноста во интерпретацијата треба да биде силна страна на психологот и секој сиров добиен податок да не го интерпретира брзо, поготово индикатор за подлабоко психопатолошко страдание. Иститот треба да го провери и докажува преку употреба на повеќе тестови и доколку тој индикатор е присутен во повеќе тестовни одговори, а сме го забележале и во клиничкото интервју. На крај, доколку не сум и покрај тоа доволно сигурна, ги употребувам и проективните техники како што е Роршах тестот. Значи многу ги употребувам проектните тестови кога диференцијално дијагностички ми е нешто нејасно. За жал, има повеќе различни сфаќања дека е контроверзна нивната употреба и така натаму, но за среќа имав таква можност да бидам едуцирана за Роршах техниката и благодарение на таа моја едукација можам да правам добра селекција кои индикатори да ги искористам.

**Тина Васков:**

Јас сакам да кажам дека многу се радувам што сме денес собрани и јавно да се заблагодарам на организаторот. Дваесет и пет години го работам ова. Прв пат присуствувам на настан структуриран, организиран од нашата научна фела и многу се радувам. Понекогаш помислувам дека нема да го доживеам тоа. Работејќи во склоп на активности на клиника бев некако прунудена да се насочам кон неврологија бидејќи во фелата не

можев да си го најдам патот. Значи многу Ви благодарам. Ви благодарам и за организацијата и за она што пред малку можев да го видам. Начинот како сте ја сработиле стандардизацијата, Вашата намера да продожите понатаму со ММПИ по сите критериуми, по сите стандарди, нешто со што веројатно ќе бидеме претпоставувам и лидер во регионот. Сега работам во Центар за невропсихологија „Когниција“, јас го водам и управувам, меѓутоа претходно имав прилика да работам на друга работна позиција и да ги посетувам центрите во регионот. Можам да Ви кажам дека кога станува збор за невропсихологија кај нас е така како што е. Невропсихологија се работи, колку што јас знам, единствено јас ја работам и ја работам на следниот начин: сите тестови, инструменти, скрин техники и така натаму, ми се дадени врз основа на релации. Благодарение на тоа што сум се образувала надвор од Македонија и потоа благодарение на одредена работна позиција. Значи ниту еден тест во неврологија што го користам не е стандардизиран. Сé останато оставам на Вас да заклучите. Притоа, што сакам да кажам? Сите тестови што подразбираат процена на спацијална когнизија односно каде шти имаме фигури, модели, шифри и така натаму, сето тоа уште е и лесно да го пренесеме од некоја друга средина во нашата. Меѓутоа, голем проблем, јас се среќавам со голем проблем, кога станува збор за вербални техники или пак тоа се само вербални аспекти. Да кажеме тестови за проверка на мнестички функции, воопшто линеарно не сум можела да ги пренесам кај нас. И сега јас што правам – импровизирам, а Вие повторно сфатете го тоа како сакате. Што значи импровизација? Доколку тестот е земен од Србија или од регионот поблиску, јас можам да го пренесам на наша популација, јас само ќе го преведам од српски на македонски, значи на мој македонски јазик. Никој нема увид како сум го превела, што работам, ниту е валидизиран, ниту е стандардизиран, па така го работам. И тоа ако е од српски. Ако е од англиско говорно подрачје, тоа се тестови со кои јас располагам, тука е веќе прилично сложено. Има некои сегменти кои воопшто не можам да ги употребам. И јас што правам? На пример,

за семантичко помнење јас од ВИТИМ го користам субтестот за информации. Така изгледа мојата импровизација. Така јас работам. Потоа, кога имаме, јас сум толку возбудена од овој настан, толку се радувам, 25 години го чекам овој настан. Сакам дека во сите други сегменти се декларирам како клинички невропсихолог, а работам – импровизирам. Притоа никој не ме контролира. Што сакам да нагласам? Тоа не е во ред. Воопшто не е во ред. Немаме систем, ниту структура која што не контролира нас како работиме. Ниту имаме систем кој нас нé штити, ниту пак имаме систем кој ги штити пациентите. Имаме тука психолози, многу се радувам. Уште повеќе би се радувала ако некој се ориентира кон клиничка невропсихологија, студентите сакам да кажам. Што е притоа важно? Како да добијат структурирано знаење? Сега навлегувам во една друга проблематика. Ќе дојдат кај мене, јас дел од нив не ги препознавам. Ќе видат како работеле, како работам. Може ли потпис да ми дадете? Ќе им дадам потпис. Или ќе си размениме ние со Тања, многу често со Тања сме разменувале тестови. Имаш тоа преведено од македонски на албански? Имам преведено, ќе ти дадам. Било студент, било колега ми се обраќаат - овој тест како го даваш, ќе ме прашаат, јас велам вака, вака и вака. И ќе продолжи да го дава, никој не го следи како го дава. Никој пак мене ме следи. Јас сум научила, што сум научила, како сум научила, не се знае. Значи сакам да кажам дека во најголем дел како работиме, освен што немаме тестови што е тема на оваа дискусија, набавувањето оди преку лични контакти, адаптацијата се базира на нашите способности какви и да се тие. Примената на техниките е без увид и без контрола. Оваа средба, исто така, сакам да ја видам како поттик за сите нас и еве, барем за себе можам да кажам – конечно момент кога јас се нафаќам да преземам одговорност за она што се случува во психолошката фела. Би сакала кога сите ние што сме тука ќе се обидеме секој на свој начин, од свој аспект да даде придонес таму каде што може, толку колку што може. Бидејќи моето чувство е дека сé до сега чекавме некој друг нешто да ни направи. Во моето искуство, 25 години, никој ништо не напра-

ви. И јас заклучувам дека ние сме тие кои што треба да почнеме нешто. Колешките веќе почнале, јас само сакам да кажам дека сум апсолутно расположена да дадам свој придонес. Било да е средба или нешто конкретно – пракса и така натаму.

**Маријана Марковиќ:**

Една од целите на овој симпозиум е токму тоа, да Ве охрабриме, оти е можно да се стандардизираат тестови зошто ние сме го направиле. Ако ние сме го направиле, зошто да не можете и вие. Ние сме тука да Ви излеземе во пресрет за она за кое Вие би имале потреба. При контакти со автори, при процесот на преведување, во статистичка обработка, во изготвување на примерок и слично. Значи, ние како Психолошка лабораторија при ИСППИ, го нудиме тој дел кој што подразбира техничко завршување на процесот. Вашиот домен ќе биде во селекција на релевантни тестови, во проверка на преводот... Ние сме отворени за соработка.

**Катина Павлоска:**

Од тоа што го слушнав и од она што го гледам го делиме истиот став дека одвај го чекав овој момент да се видиме, да разговараме, да размениме искуства. Најчесто се жалби во однос на состојбата. Јас доаѓам од Заводот за деца и младинци во Скопје. Тоа е единствена институција од таков вид во нашата земја, за жал. Добро е специјализрана и е мултипрофесионална така што ние имаме тимови кои што се бават со предучилишна, со училишна, со адолесценија и нивните семејства. Така сме и ние како психолози поделени. Има специјалист кој се бави со предучилишна возраст во која се најчесто развојните проблеми кај децата кои се во нашата земја, како и во светот доста чести. Во земјава нема ниту педијатри, ниту психијатри, ниту психолози кои се вични, располагаат со инструменти да можат да ги препознаваат, така што, за жал, семејствата патуваат од целата

наша земја да дојдат и да добијат дијагностика и третман во нашата институција каде што покрај психолозите, психијатри, педијатри имаме и дефектолози кои работат третмани на децата со развојни проблеми, каде што е и аутизмот и останатите. Значи имаме училишни и сé она што спаѓа во училишна возраст – емоционални проблеми, проблеми во однесувањето. Јас сум во областа на адолесцентната психологија, така што работиме со сé она со што се судруваат младите и најчесто се тоа емоционалните проблеми, растројствата и тука е спецификата во однос на примената на психодијагностиката. Сега јас ја имав таа среќа кога некогаш бевме Југославија, како и колегите, да дојдам до психодијагностичките инструменти кои во тоа време ни беа на располагање. За да можеме да ги користиме инструментите соодветно, за жал, не било само тоа кај нас во Македонија, тоа беше случај во цела Југославија, да студентите не ни излегуваат соодветно подготвени да ги применуваат и интерпретираат тестовите. Така што ние се собравме една мала група клинички психолози кои бевме во позиција да го поканиме во тоа време фамозниот професор Бергер и поминавме една година тренинг во областа на психодијагностика и јас би сакала денес да Ви поделам нешто што ми остана како главна порака од тој тренинг со него. После оној тестовен романтизам што го одликува 20. век во психологијата, она ако го имаш инструментот тогаш си семоќен, дека тестот ќе ти каже сé. Првото прашање што треба да го поставиме е што јас тоа сакам да тестирам? За да дојдам до таа најважна процедура е дијагностичкото интервју. За да направиме валидно интервју потребно е знаење не само од психологијата, во зависност од областа во која сме професионално ангажирани. Така што ако работиме во социјалната област треба да имаме знаења од областа на социјалната патологија. Ако сме во клиничка психологија, како што сме ние, многу е важно да ја знаеме психопатологијата односно психијатријата, да знаеме во кој правец го водиме разговорот и што бараме, што истражуваме, што е тоа. Најважно е да го разбереме пациентот што се случува. Моето искуство после првичните несигурности

кога ќе се сретнеме со пациентот/клиентот веднаш како инструмент го користиме тестот како тој да ќе ни даде одговор на многу прашања. Со тек на годините и искуството при обсервацијата дојдов до тоа дека тестовите, оние стари со кои сé уште располагаме, не ни се адекватни, не ни се валидни бидејќи тоа што го гледаш и тоа што го добиваш не соодветствува со реалноста. Така што јас да Ви кажам отворено долги години не користам тестови во вид на прашалници. Значи сé што е question (прашање), тоа е исклучително со ММПИ, во исклучутелни ситуации го користам ММПИ и тоа онаа форма што е со картици. Бидејќи јас можам во текот на администрацијата на тестот одма ги одделам прашањата кои се сертификантни за нешто зошто јас тоа не го видов во обсервацијата. Така што тоа е она што го правам – проверувам. Бидејќи кога доаѓа клиентот кај нас, тој доаѓа најчесто поради некое растројство, тој бара помош, излез сега и овде. Она што значи структура на тоа како се води една психодијагностичка процедура е можеби три сеанси, ние тоа го правиме во една многу поскратена форма бидејќи најчесто уште при првата средба пациентот се лути да му се даде интервенција. Вие ако одите директно да добиете одговор на тоа што е тоа зошто доаѓа пациентот, што го мачи, тоа е како да го ставите во ситуација на стриптиз, да тој треба да се соблече пред вас. А она што го носиме во својата природа е да го кажеме на социјално лице, за жал, и кога доаѓаме за помош често не сме подготвени да го извадиме тоа пред друг, а понекогаш не сме ни сами свесни за тоа. Така што јас користам проектна техника многу стара од триесетите години од минатиот век што ја научив со Бергер. Тоа е она, сите знаеме, цртеж на чевечка фигура. Меѓутоа, тоа го правам во рамки на дијагностичката интервенција. Значи ќе ги земам сите податоци географски и одиме кон цртежот, добивате најмногу одговори со асоцијации. Не она да интерпретирате бидејќи тоа е многу шпекулативно за тоа што значи самиот цртеж, туку она што значи асоцијација. Што е тоа што ти се допаѓа кај него или неа, кој е нивниот проблем? Најчесто пациентите после првичните неколку минути

веќе излегуваат од првичната проекција. Значи онаа бариера се руши и преку цртежот ние можеме да го користиме и во тераписка интервенција и во дијагностика. Она што ни е потребно за да знаеме во кој правец ќе одиме е да направиме онака брза проценка на интелектуалното ниво. Тоа ни е многу важно за да знаеме во кој правец да се движиме бидејќи за да користиме било кој психотераписки правец треба да ги процениме когнитивните способности. Кога не се работи за специфична проценка, кога се бара нешто конкретно и на планот на когнитивното функционирање, се работи за нешто што е оштетување или специфично нешто на тој план, она што ние го користиме се исто така прастарите инструменти. Она што го реков со развојот на технологијата. Јас кај младите, претпоставувам за разлика од порано, знаете од пред дваесетина години кога сме биле во ситуација да не вклучуваат во регрутација на војници, млади. Е сега тоа била батерија на тестови од кои четири биле когнитивни и еден за проценка на личност и тие биле стандардизирани на ниво на 22 милиони, колку биле тогаш во Југославија. Знаете дека нашите деца не се снаоѓале. Во нашата средина таквата изложеност на таков вид на когнитивен напор за нив било нешто – немале искуство, не се снаоѓале. Јас тогаш се наоѓав во Белград, за срека во тоа време бев на супервизија за психодијагностика кај Бергер и тука сме дискутирале како да постапуваме. Бидејќи правилата за употреба на тестови се апсолутно строги, ако сакаш да адаптираш мораш да се придржуваш до сите процедури. Како јас сега да се придржувам до процедурите кога 90% од тие што се дојдени на регрутација не успеваат на групните тестови што им биле дадени. Излегува дека сите се ретардирани. Тука имавме многу дискусии како тоа да го премостиме. Во поглед на достапноста во денешно време на сé она што се случува во светот, јас се надевам дека сега со овој денешен собир ние сите ќе се ангажираме повеќе да дојдеме до тие техники, да ја збогатиме својата пракса. Да додадам само дека младите денес наоѓаат тестови за интелегенција на Интернет. Ја знаат техниката на тоа. Така што тие норми што ги имаме од југословенско време

слободно мораме малку да ги покачиме. Меѓутоа, Равен и Кос многу ги користев и се апсолутно чувствителни за диференцирање на нормални способности. Значи за диференцирање дали имаме субнормални способности. Брза и ефикасна проценка на когнитивното функционирање за да диференцираме дали е над просек.

**Татјана Зорчец:**

Само да споменам дека Хрватите имаат лиценцирано за ова се вика (Наклада Слап). Тие си имаат апсолутно направено адаптација на хрватската популација. Не е Хрватска нешто поголема, околу 6 милиони и  имаат еден куп психолошки тестови адаптирано.

**Илија Дојчиновски:**

Добар ден од мене. Возбуден сум и јас, со позитивна трема од оваа убава атмосфера меѓу многу психолози. Јас доаѓам од „Филип втори“, 11 години работам таму како здравствен психолог. Институција која како приватна можеби има најразвиена психолошка служба. Работам со уште две колешки, фактички тука сум и нивен претставник. Имам повеќегодишно клиничко искуство со хируршки пациенти, како и пациенти кои доаѓаат заради различни интервенции. Би го споделил моето досегашно искуство во однос на користењето на тестови затоа што овој симпозиум е наменет за примената на психолошки тестови и ситуацијата со нив во нашава држава. Јас би издвоил два-три моменти во нашата работа како психолози. За дел од пациентите кои доаѓаат за хоспитализација или за некакви операции, психолошки тестови не користиме. Значи дијагностика со ММПИ не работиме од една проста причина што пациентите во нашата институција не доаѓаат психологот да ги тестира, туку доаѓаат да си решат некој сериозен здравствен проблем. Така што доминантно со оваа популација на пациенти и семејствата работиме

психоедукација на прием и психолошко советување во текот на болничкиот престој. Бидејќи сме со полно време вработени таму ги следиме пациентите постоперативно, до отпуст и работиме и анти-стрес програма на заминување од болницата. Во овој дел многу е ретко користењето психолошки тестови и тоа е генерално искуството и во разговорите со колеги од Европа кои работат во медицински сетинг со хируршки/соматски пациенти. Користењето на психодијагностички инструменти е многу ретко или воопшто не се користи. Се применуваат исклучиво по проценка. Евентуално ако се работи за пациенти со некаква видлива патологија, клиничката проценка би ја дополниле со ММПИ иако е гломазен инструмент. Она што во Македонија се користи е српска верзија од која ние сме си направиле наша, па овде се поставува прашањето дали ние смееме да го користиме во вештачења, во психолошки наоди и извештаи. Србите направиле нивна скратена верзија, ние сме си направиле наша адаптација на нивната и што ние имаме – Господ еден знае. Значи што ние користиме? Моето искуство со ММПИ е доста збунувачко затоа што ми се случува да добијам профил кој не ми одговара на мојата клиничка проценка. Сакам да си верувам себе си, но во исто време сакам да му верувам и на инструментот затоа што за таа цел го задавам, да ми даде некакви информации плус. Јас се доведувам во ситуација, не знам дали ќе се сложите, наместо мене ММПИ да ми помага во проценката, мене да ми одмага. Односно ме збунува. Наместо да ми расчисти некои дилеми, ми создава нови. Тоа е моето генерално искуство со ММПИ. Инаку, во нашава институција јас сум правел лично некои мои експерименти со некои невропсихолошки тестови, но тоа е инцидентно и несистематско. Нешто што сакам да споменам е една важна тема, а тоа е користењето на психолошки скали и тестови за научно-истражувачки цели. Работиме магистерски трудови, работиме докторски трудови. Користиме инструменти кои ние си ги адаптираме онака како што ние знаеме. Толку колку што знам англиски, толку ќе го адаптирам. Колку што знам македонски, така ќе го склопам текстот. Како се преведени, дали се

точно преведени... па на крај имаме магистерски и докторски заклучоци и дискусии врз основа на сето тоа. Но, да не ја отвараме таа тема колку сето тоа е валидно, па ќе прогледаме низ прсти затоа што е така како што е. Инаку, во однос на ситуацијата со примената на тестови во Европа би пренел искуство од мој престој во Белгија во една голема клиника во која работат 22 психолози. Поделени се во различни области, имаат клиника за болка, клиника за психоонкологија, здравствена психологија, на интензивна нега. Имаат два-тројца невропсихолози и тие се поделени за популација над 80-годишна возраст, невропсихолог кој се бави со помлада популација со сите специфики. За мене беше изненадувачко тоа искуство затоа што користат пократки инструменти кои се достапни на интернет и се бесплатни, а поретко батерии на тестови за чиешто оценување треба да се плати. Бев, исто така, во еден психијатриски оддел каде што работат тројца психолози, каде еден од психолозите вели дека исклучително ретко користи психолошки тестови, другата колешка користи понекогаш – ММПИ, го задава еднаш-два пати во годината и третата вели дека почесто користи психолошки тестови во поглед на психодијагностиката. Значи доста се базираат на клиничка проценка и нема стандардизиран пристап во примената на истите. Секој од психолозите ја организира работата според потребите и барањата на одделот. На пример, колегата кај кој бев гостин, работи во одделот за интензивна нега, кардио одделот и невро одделот, тој не користи воопшто психодијагностички тестови. Тој има приватна пракса каде што ги користи по потреба, меѓутоа на работното место воопшто. Очекував повеќе психодијагностика, повеќе тестови. Од друга страна, имав прилика да посетам и неколку оддели на универзитетската клиника во Гент каде што има исто доста психолози. Една колешка која работи во центарот за трансплантација на срце, бубрези и црн дроб од нејзината папка извади исто така фотокопирани тестови. Разговаравме на темата тестови од психологија. Коментарот нејзин беше дека и таму во Белгија баш за психологијата нема многу пари. И тие таму во еден дел се

снаоѓаат со преводи, адаптации, фотокопирање, што мене ме изненади зашто очекував во Белгија сето тоа да биде некако стандардизирано и на повисоко ниво. Инаку, генерално се повикуваат на холандски норми. Во некои стандардизации Белгијците се вклучени, во некои не. Како и да е, стои заклучокот дека во однос на психологијата и примената на тестови малку е потешко да се добијат парични средства за стандардизациите. Си реков, ако е таму тешко, тогаш што станува со нас овде. Навистина ми е драго што сме тука и што Комората на психолози е овде зашто би сакал овие случувања и понатаму во однос на комуникацијата да продолжат. Сега барем имаме повторно едно тело кое почнува агилно да функционира. Ние како институција стоиме на располагање, имаме голем проток на пациенти, секако не генерално со некаква психопатологија, но тука сме да стандардизираме нешто што оди во прилог на медицински пациенти, норми за такви популации.

**Тина Васков:**

Само да се надоврзам. Некако се доби впечаток или јас не сфаќам, во клиничка пракса се користат тестови, не се користат, можат да не се користат и така натаму. Сакам да кажам дека во невропсихологија апсолутно се потпирам на невропсихолошки инструменти. Апсолутно, секојдневно со сите клиенти/пациенти, кој како ги нарекува. Дали било процена за мнестички функции, говорно-јазичен статус, егезекутивни функции, спацијална когниција. За што и да е, јас имам бројка. Таа бројка ја користам и во дијагностика и во норми според образование, возраст и така натаму. Значи ми користат и во дијагностика и во рехабилитација и во научно-истражувачка работа. За разлика од другите психологии, во навод да кажам, прилично егзактно и тука нема многу што јас лево-десно. Имам бројки за норми, за таа вораст таа, за таа возраст друга категорија и така натаму. Уште да се надоврзам на она за Белгија. Има психолог што се бави со возрасна популација бидејќи таму имаме често и сé

почесто нарушување на когнитивниот статус и деменци, а основен психодијагностички инструмент кај деменции особено кај Алцхајмер, кој што е доминантен, е невропсихолошка процена. Бидејќи на сите други техники, било да е тоа компјутер, магнетна лабораторија и така натаму, не се добиваат специфични показатели. Се прават тие испитувања со намера да се елиминира сé друго, она што останува всушност е процена на невропсихологот. И затоа велам прилично егзактно. Добиваш профил, дали соодветствува на хортикално дегенеративна функција, Алцахјмер, дали соодветствува на крива на учење, после тоа при сеќавање изгледа така, па тоа соодветствува на васкуларна. Како да ви кажам, кратко, јасно, со бројки, многу е егзактно, веројатно најегзактен аспект на психологијата.

**Натка Пачоска:**

Да се надоврзам. Додека се направи тоа тело кое што ќе стандардизира, веројатно тоа ќе биде нешто што можеби ќе биде од Министерство за образование, поттикнато, па потоа кој ќе го прави... Ние мора да работиме. Ниту пак знаеме со која динамика ќе се стандардизираат тестовите. Значи тоа што го имаме, тоа ќе треба да го користиме. Затоа што психолог кој ќе работи во здравството, а првенствена дејност му е психодијагностика и го бараат тоа од нив. По пат ние работиме советување и психотерапија и многу други, но првенствено психодијагностика. Во таквите ситуации многу е значајно добра обука во однос на индикаторите кои што се добиваат. На пример, скатер анализата е таа која што ми покажува што се случува кај клиентот. Не е битно дали тој ќе биде 110 IQ или ќе биде 108. Дали ќе биде во просек или над просек. Можеби е побитно дали е просек или граничен. Тоа е веќе многу значајна разлика, меѓутоа во која категорија е тука и не е толку битно кога зборуваме за диференцијално дијагностички. Да разјасниме, побитно е дали постои помеѓу субтестовите разлики во постигнувањето внатре во субтестот, дали постои разлика на некој потежок ајтем. На пример,

последователно на првите три-четири ајтема кои се лесни има негативен резултат, а петтиот, шестиот и седмиот ни дава позитивен одговор. Тоа е веќе диференцијал, дијагностички познат индикатор. И токму заради тоа многу е значајно за овие техники што ги имаме добра обука и добра пракса. И благодарение на она што лиценцата го бара, Комората го бара за лиценцирање, а тоа е да има едногодишна пракса. Всушност, мислам дека младите психолози ќе можат да го стекнат тоа препознавање, знаење во однос на добиените резултати како и на кој начин да ги интерпретираат. За младите психолози ова е најзачајниот момент дали има или нема стандардизирано. Оти ние имаме толку искуство што мене дали е стандардизиран или нестандардизиран тестот, јас од рака ќе видам некои работи. Оти јас имам триесетгодишно искуство. Можам да речам, е ова го видов, но морам да имам и показател. Им верувам на тестовите, сé уште им верувам без оглед што се застарени и некои велат дека се нестандардизирани, не се употребливи, културулошки не е адекватно. Битно е што можеме да направиме за младите психолози. Тие ќе работат, влегуваат во здравство да работат, во образование да работат и така натаму. Значи најзначајно е кога ќе ја добиваат таа обука да им обратиме адекватно внимание. Од нас зависи на кој начин ќе ги обучиме и како ќе ја пропагираме нашата професија.

**Соговорник од публика:**

Нешто во поглед на тестовите. Сите се сложуваме дека тестот во раката на искусниот психолог е едно моќно орудие или јак алат кој му дава значење на неговата работа, кој што е проверлив и се сложуваме дека тестовите кои се однесуваат на когнитивната област на неговото интелектуално функционирање. Тој е значаен услов затоа што добиваме мерлива категорија на неговото функционирање сега, после и така натаму. Дава карактеристики на неговата личност, како ги користи неговите потенцијали, дали е во границите, дали е во депресија. Значи нема дискусија

околу употребата на тестовите кои се однесуваат на интелектуалното функционирање. Апсолутно. Дискусијата е околу тоа под какви услови. Околу предвидливоста на тестовите. Околу странските тестови, нестандардизирани, непроверени на нашата популација, ни даваат релевантни информации и се користат.

**Соговорник од публика:**

Јас сум Тања, инаку сум претставник од една група училишни психолози од основни училишта. Ве слушавме вас, кое е искуството ваше. Што е со нас училишните психолози кои, исто така, имаме потреба да користиме тестови кои ги немаме, освен РАВЕН или шат-пат по некој друг тест, кој како се снашол, точно од времето за кое Вие зборувавте. Сами научивме да го применуваме, но е премалку за да ние нешто дознаеме. Ние немаме право, не сме клинички психолози да дијагностицираме, меѓутоа имаме потреба да направиме една проценка на учениции. За жал. Многу е поголем бројот на ученици за кои што имаме таква потреба за да можеме да реагираме односно да ги препратиме во други институции кои имаат право да дијагностицираат и понатаму да ја вршат нивната работа. Оваа тема и овој симпозиум токму се поклопи со она што сега ние како секција на училишни психолози два-три пати се чукаме по глави од каде ние да добиеме тестови и како да ги применуваме, оти тие што ги имаме ние сами сме се научиле да ги работиме. Никој нас не ни помогнал, нé свикал или не знам што. Бидејќи една проценка на симптоматологијата со која се сретнуваме е прилично, би рекла, субјективна и не можеме врз основа на таа наша лична проценка, јас барем така чувствувам, да препратам дете во Заводот за ментално здравје бидејќи најмногу таму ни се контактите, и да бидам сигурна дека правилно сум го упатила детето. Родителите прашуваат каде го праќате, зошто го праќате и така натаму. Значи, јасно е моето прашање: каде сме ние училишните психолози и нашата потреба за тие тестови и што ние можеме да направиме заедно со сите што се заинтересирани?

Во кој дел да учествуваме за да конечно добиеме тест и да можеме да го користиме?

**Маријана Марковиќ:**

Токму тоа е целта бидејќи сите Вие работите во различни апекти на психологијата. Проценката на тоа кој вид на тестови Ви се Вам потребни, можеби ги знаете или не,  можете Вие да ја направите, а ние Ви стоиме како помош за понатамошната процедура.

**Соговорник од публика:**

Ние даоаѓаме една група психолози од предучилишни установи, значи од градинки. Јас сум моментално 4 години во таа институција, прво бев во образованието. Во образование кога бев употребував невербални тестови. Значи само тие кои ги имав од Институтот и од колешката што беше од Заводот за вработување. Ми беа дадени на нејзина и моја одговорност. Никогаш не сум ги копирала, ги употребив еднаш во Училиштето „Петар Поп Арсов“ и ме замолија да употребам КОРНЕЛОВ индекс по потреба на вработените. Значи да се видат тие сами себе до кој степен и до каде се. Дали е анксиозност, дали е агресија, па Ве прашувам Вас сега во однос на оваа клиничка психологија дали уште се употребува Корнелот и дали ако на секое второ прашање се повторува е знак на нешто? Така нé учеа, ова го кажувам од пред 20 и нешто години. Користев и невербални тестови и други. Кога отидов во една аналитика, што викам јас, да го читам аналитички истражувањето, ова е моја интерпретација, мојата директорката вели: застани, јас ништо не Ве разбирам! Ви кажувам како сме третирани. Значи ништо не нé разбираат. Кога ќе кажам концентрација, перцепција, тие ги научиле како зборови, но не ги разбираат. Ние не сме дијагностичари, во образование не смееме да се потпишеме. Кога ги препраќаме децата кај Вас, обично родителите ми напоменуваат кај кого

најмногу, која е таа личност... Меѓутоа, ние немаме црно на бело и не можам јас да докажам наод и мислење, значи да дадам од мој аспект, па да го препратам. Морам тоа врз основа на институција. За тоа ми е потребно мислење на директор, односно одобрение зашто не смеам сама да работам. Ние психолозите како згаснати, така да кажам, сепак доминираат педагози и ние психолози си седиме така.

**Соговорник од публика:**

Што ќе правиме додека немаме развиен систем на тестови? Само треба да бидеме многу внимателни кога ќе ги користиме тестовите. Можеби ние од нашето искуство сме заклучиле дека треба да се потпреме само на нив, но има секојдневно нови млади генерации кои излегуваат и ова не го знаат. И тие ќе се потпрат буквално на тестот. Пораката е во наредниот период да бидеме многу, многу внимателни при донесување заклучоци, при давање на наод и мислење, особено во дијагностиката каде што навистина потпишуваме. Тоа е многу сериозно. Верувам дека не е невозможно да бидеме во право, но за младите треба многу да се внимава. Потребни се обуки.

**Татјана Зорчец:**

Она што е апел мој следен до Комората е значи мора да постои официјализирање на соработката помеѓу нашите институции и Комората. Исто така и од Институтот за психологија на УКИМ. Сепак е најстариот и најкомплексниот. Секој ден доаѓаат деца и од Институт и од Комора кои бараат потврда дека биле на пракса и дека треба да обават некакво стажирање. Ставот на мојата институција, на Детска клиника, е дека не може да се прими ниеден човек од страна ако нема официјализиран договор. Значи ако сакам јас моето искуство да го пренесам на било кој од колегите овде, млади кои треба да учат, ние мора да имаме официјална соработка. Така што и тоа нека биде апел. Друго нешто

што сакам да кажам за младите психолози. Во развиените земји има милиони тестови. Вие не можете еден возрасен или дете да го тестирате 6 часа. Вие треба да направите селекција кој тест Вие ќе го употребите според тоа што Вие би сакале да добиете. Кога сме биле ние млади на почеток, ќе сме дале едно десет теста, ќе го тестираш, ќе го убиеш пациентот од тестирање и на крај ќе добиеш податоци со кои тие не знаеш што да правиш. Имаш поплава од информации кои тебе ќе те збунат и ти накрај не можеш да донесеш заклучок од тоа што си сакал да го видиш. Нашиот тренинг, поготово на оние што работиме во здравството, мора да знае и со кој тест ќе се оди. Што сакаш да добиеш.

**Анета Андронакис:**

Јас сум од ОУ „Златан Сремац". Сакам да кажам дека дека кога пред 30 години се најдов во водите на посебните училишта побарав помош од нашиот Институт. За жал, немаше кој да ми пружи помош. Требаше да Ви се заблагодарам како ИСППИ што не собравте. Помош побарав од многу институции, не добив тогаш пред 31 година и седнавме со колегата од „Иднина" сами да си работиме еден на друг тестови. Имавме само еден тест ВИСК. Ти мене, а сега јас тебе. Па, ајде ќе викнеме некое дете, експерименти ќе правиме додека не почнавме да навлегуваме во тестот. Па се смениjа времињата, дојдоа многу потешки деца, ВИСК-от го тргнав на страна зошто не можев да го употребувам, децата со ментална возраст сега ми доаѓаат од 6 месеци до годинаипол, така што никако не можам да го употребам. Ја укинав графо моториката на детето и се најдов во една шах-мат позиција, колегата отиде на друго место и немав со кого да споделам. Јас почнав да употребувам скала за проценка – Дентонови скали. Вие не знаете колку мене позитивно ми делува. Но, што се случува. Ми доаѓаат инспектори и ме равнат со сите други. Ми вика, дај ми тест. Чекај, викам, знаете кај сте вие? Ми текна дека на времето пред 10-15 години

кога го правев ВИСК-от имав некој тест, го извадив и им реков: ова го барате? Да, тоа. Тоа е работа на психолог. Кога го подадов тестот тој веќе напиша таму дека употребувам тестови. Не е тоа дека јас треба да употребувам тест. Мојата работа во посебното училиште, мене не ме интересира на која ментална возраст се, зошто ги гледам со пелени ми доаѓа, не зборува и така натаму. Јас работам директно бихевиор терапија. Значи со тие деца мора да воспоставиме контакт. Јас не можам да бидам по резоните и да тестирам, да кажам мислење, па ова, па она. Јас работам конкретно со деца. Воопшто не ме интересира оној дел од психологијата за тестирањето, она што ми го бараа инспекторите. Второ, би сакала овие скали за проценка што ги имам, баш беа кај мене група психолози и имавме предавање за тимското работење во посебно училиште, затоа што никогаш сама не работам. До мене имам логопед, дефектолог, социјален работник, заедно го сработуваме тоа што е ни е цел. Така што многу специфична е работата во посебните училишта, а не равнат со другите училишта што многу ми пречи. Би сакала овие скали за проценка, ги споделив со колегите, да ги споделам и со Вас за да видите дека затоа што нема дијагнози, не знае со кое дете до каде и што е. А со овие скали за проценка многу лесно можат да видат до каде и што можат, која цел да ја поставaт. Затоа што мора и цел на програмата да се направи. А со помош на овие скали тоа можам да го постигнам.

**Соговорник од публика:**

Јас сум психолог. Ние имаме организирана форма во однос на тоа да создадеме тест кој треба да се користи. Треба да се соберат колегите во однос на менторирање, поддршка на младите психолози. Како институција (не се разбира која) ние имаме потпишано меморандум за соработка и со Клиника и со останати институции каде што законска обврска на секој студент е во текот на една година да обавува пракса од 30 дена. Затоа апелирам до сите што имате можности да ги примите студентите, да

направат квалитетна пракса. Да не се сведе само на потпишување и добивање одреден документ со цел да имаме квалитетен кадар. Кажавме дека како психолози работиме во различни области, но имаме заеднички потреби.

**Соговорник од публика:**

Само на кратко, јас доаѓам од посебно училиште за деца со оштетен слух, работам со дечиња глуви и наглуви. Не работиме на дијагностика, но сакам да кажам како во тој дел се снаоѓаме, не се работи за здрава популација. Што правиме со овие дечиња? Имам тестови од Заводот за вработување, иако не ја затекнав колешката, за слепите дечиња користам вербални тестови или си сецкам и си правам некакви коцки со различни текстури. Кај глувите дечиња само се прешалтувам, ги користам иновативните, вербалните не доаѓаат предвид, особено што говорот за глуви всушност покажува сé. Кај ти е главата, кучето, всушност ти му кажуваш сé, го гледаш како зборува и нема потреба тестот да го примениш. Тоа сакав да го споменам од овој аспект – да не се заборава и на овие популации, да има стандардизирани скали и инструменти. Исто и во однос на праксата, имам лично искуство кога доаѓаат колеги студенти во училиштето. Ќе тропнат на врата, се извинувам има овде психолог, може ли на пракса да дојдеме? Деца, кој ве праќа? Ми треба писмо и ќе ги вратам зошто писмото треба да го однесам кај директорот, тој го бара. Ќе се вратат, професорот им рекол дека не даваат писма.

**Маријана Марковиќ:**

Ви благодарам на сите. Да се вратиме на темата. Секој на своето работно место се соочувате со потешкотии од различен вид. Било организациски, било отсуство на поддршка од фелата. Тука се отворија не само прашања кои се однесуваат на тестовите, туку прашања кои се однесуваат на нашата професија, а да не го отвориме прашањето за компетентност да се биде психолог,

кое веќе постои, а ако скаме да влеземе во новите текови треба и да работиме на утврдување и усвојување на компетенциите на професијата психолог. Би се вратила повторно на тестовите и би кажала дека ние Ви даваме поддршка колку што можеме. Ние самостојно ја почнавме иницијативата без поддршка од никого. Што значи секој од Вас може да започне постапка за стандардизација на психолошки тест. Мојата порака е – започнете. Процедурата е следна. Прво правите селекција на тест кој што Ви е потребен. Наоѓате која издавачка куќа го печати тој тест. Се праќа писмо до издавачката куќа дали ќе дозволи тестот да биде преведен и адаптиран на македонски јазик. Кога ќе Ви каже да, почнува постапката на вратен превод и потоа почнува постапката за изготвување на норми. Постапката за доаѓање до тестови не е тешка. Тешко е Вие да издејствувате во рамки на Вашите организации, од каде што доаѓате, верификација дека е тоа потребно. Тоа е друг чекор од она за кое ние денес сме собрани. А во однос на техничкиот домен, веројатно ќе треба како фела да побараме поддршка од Министерството за образование, Министерство за здравство и Министерство за труд и социјална политика.

**Мирјана Јовановска Стојановска:**

Кога Ве гледам сега тука, уште сум порадосна затоа што мислам дека како нова претседателка, избрана пред 4 месеци, дојдов на право место да бидам со моите колеги. Сите заедно што седиме во Комората и заедно со сите Вас да почнеме да правиме нешто што ќе биде добро за сите нас. Особено да ја потврдиме важноста на нашата професија во ова општество, да го добиеме местото што го заслужуваме како професија. Почнувајќи од овде да почнеме да стандардизираме тестови, да работиме. Секој од Вас може да го добие мојот личен телефон кој сака да учествува во ова, да работи, да помогне, да дојде во Комората. Ние веќе формиравме една комисија која ќе биде за воспоставување на стандарди за верифицирање на тестови. Заеднички да го по-

дигнеме нивото на кое што функционира нашата професија. Да не помислиме дека ние сами нешто импровизираме и дека ние сами нешто правиме, туку да бидеме дел од една група, една професија која значи, која знае што прави во животот.

**Татјана Зорчец:**

Постапката не е толку лесна, како што рече Маријана. Нас ни требаше во однос на АДОС-от за проценка на аутизмот да не поткрепи Министерството за здравство. Значи трошоците не се мали. Второ, мора да имате компетенции за да го добиете тој тест за да тие Ви го дадат. Значи Вие не можете да отидете и да купите тест и тоа е тоа. За да го добие Министерството за здравство тој тест мораше да ги има моето CV, да види кои се моите компетенции, кој стои зад тоа, кој тоа би го правел, како би го правел и така натаму. Целиот процес ќе се супервизира од нивна страна, информациите одат таму, преводот го правиме ние, проверка институција во Америка. Значи тоа е процес кој е сериозен и кој бара и пари и време и искуство во целата работа. Пак ќе кажам, за да го земе институционално некој да го работи, наши преводи се, ми треба ова, ова, да процениме, да видиме и да бидеме поткрепени. Да не бидеме распашана команда секој нешто да прави како што до сега сме правеле. Еднаш веќе да се обединиме и да бидеме структурирани.

*11:30 ч - 12.30 ч*

*Претпладневна Паралелна сесија 2:*

*„Употребата на психолошките тестови во областа на менаџментот на човечки ресурси“*

**Модератор:** *Весна Димовска*, ДЕКРА

**Презентери:**

*Мартина Стојкоска*, „ДЕКРА“

*Павел Станоевски*, „ВЕДЕЛ ИТ“

*Елена Глигоровска*, „ЕСЦ- Егзекјутув Срч Консалтинг“

*Љубица Попова*, МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА.



**Весна Димовска:**

Добар ден на сите. Добронидојдовте на Симпозиумот за употребата на психолошките тестови во областа на Менаџментот со човечки ресурси што ќе се случува во овој нареден час. Би сакала да го поздравам Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања токму за оваа иницијатива, како и Маријана и Елеонора кои ја поттикнаа темата на оваа работилница, нели употребата на психолошките тестови. Во оваа училница сме за употребата на психолошките тестови во доменот на менаџментот на човечки ресурси во јавниот и приватниот сектор. Она што ќе следува е презентација на презентерите, најмногу до 10 минути. Ќе Ви ги претставам, за нивното искуство во употребата на психолошките тестови во нивното секојдневно работење. Потоа ќе имаме дискусија и ќе бидеме сите отворени за прашања и Ваши сугестии, за Ваши искуства, активности и размена на искуства во употребата на психолошките тестови. Со нас присутни се м-р Мартина Стојкоска, вработена во ДЕКРА за посредување, на позицијата експерт за ЧР, Павел Станоевски, регрутер во ВЕДЕЛ ИТ кој има долгогодишно искуство во употребата на психолошки тестови, Љубица Попова од Министерството за одбрана и Елена Глигоровска, ни доаѓа како професионалец во областа на ЧР од ЕГСЕКЈТУТИВ СРЧ КОНСАЛТИНГ, лице меѓу нас со најдолго искуство во оваа професија, а веројатно и во употребата на психолошките тестови. Мислам дека можеме да започнеме.

**м-р Мартина Стојкоска:**

Јас сум Мартина, работам како ЧР експерт во ДЕКРА, која е германска компанија со седиште во Штутгарт и има три бизнис единици вклучувајќи "персонал" кој се занимава со решенија од областа на човечките ресурси. Она што ние го правиме во ДЕКРА во Македонија е посредување при вработување, привремени вработувања, регрутација и селекција, развој во доменот на човечки ресурси, како и правење анкети и истражувања за

пазарот на трудот. Чест ми е да споделам дека ДЕКРА во Македонија направи 10 години, глобално повеќе од 90 години. Како ЧР компанија, применуваме современи практики при регрутација и селекција на кандидати кои подразбираат и употреба на психометриски тестови. Пред сѐ, практиките ги пресликуваме од матичната компанија во Германија, но поголемиот дел од тестовите кои ДЕКРА во Македонија ги користи, не се стандардизирани. Значи употребуваме тестови кои ни се дадени на употреба од матичната компанија или поблиска подружница на ДЕКРА, тоа е ДЕКРА Хрватска која ги има откупено тестовите. Институтот веќе започна со стандардизација на НЕО ПР и понатамошни тестови кои ќе ги користиме како професионалци при регрутација и селекција. Верувам дека различни инструменти се користат во компаниите, меѓутоа јас тука ја претставувам нашата компанија и еден од најкористените тестови за проценка на личноста кој го користиме е Кателовиот 16ПФ тест на личност. Овој тест се состои од 16 примарни фактори на личност, како и 5 општи фактори кои даваат целосна слика на личноста која ја обработуваат. Како средство за проценка, 16ПФ се користи во професионална ориентација и селекција, советување, исто така се користи и во психијатријата, меѓутоа како средство за проценка во клиничка пракса се применува клиничка интерпретација на резултатите, така што може да се користи и како дијагностичка алатка. Сега накратко ќе зборуваме за тестот 16ПФ кој се применува во професионалната регрутација и селекција. Тестот кој ние го користиме е петто издание, има 185 прашања и за секоја од скалите има по 10-15 ставки, така што нуди прилично јасна слика за личноста која ја проценуваме. Претставува доста валиден инструмент за проценка на личноста. Автори на прашалникот се Рејмонд Кател, Карен Кател и Хедер Кател, година на прво издавање во Хрватска е 2000-та, што значи дека ние во нашата компанија користиме поново издание стандардизирано на хрватска популација. Шаблонот на оценување има машки и женски норми. Интерпретацијата на скоровите добиени од тестот е во форма на профил на личност што го правиме врз база на

Прирачник за примена 16ПФ од 2000-та година, додека интрепретација во клиничка пракса не употребуваме, бидејќи, пред сé, работиме со здрава популација во делот на професионална селекција. Секој добиен скор под четири или над седум дава некаква индикација за личноста, односно овие екстремно ниски или високи скорови ни покажуваат дали одреден фактор на личност е поизразен или е помалку изразен. Пример за фактори: доминантност, ниво на самоконтрола, емоционална стабилност и слично. Дополнителните скали како зачестено бирани зборови, социјално пожелни одговори, тенденција на бирање негативни одговори, контролираат дали испитаникот одговорил искрено и каква е неговата тенденција на одговарање.

Втор тест кој го користиме, претспоставувам дека на сите Ви е познат, сте го сретнале на факултет или во Вашата секојдневна пракса, е EPQ или The Eysenck Personality Questionnaire кој мери четири димензии кои се протегаат на два краја од скалата, интровертен- екстровертен, невротицизам - стабилност, психотицизам - социјализација и “Л” скалата на лага. Тестот има 90 прашања на кои се одговара со ДА и НЕ. Клучот за оценување е шаблон, меѓутоа изворот од кој го користиме претпоставувам дека е од Институтот за психологија, бидејќи не ни е познат изворот на тестот кој го применуваме. Клучот го поседуваме, но не знаеме од каде потекнува. Димензиите имаат референтна скала од максимални и минимални вредности кои можат да се добијат. На пример, за психотичноста, ако испитаникот добие вредност над 5 тогаш навлегува во психотично однесување, што веќе наметнува понатамошна клиничка интерпретација.

Други тестови кои ги користиме се Равеновите прогресивни матрици кои се содржат од 48 логички невербални задачи распределени во два сета од кои еден сет (кратка верзија) од 12 задачи (сет I), и уште еден сет (долга верзија) од 36 задачи (сет II). Кратката верзија најчесто се задава на лица со средно образование. Додека, долгата верзија од 36 задачи се задава на високообразовани личности. Овие задачи се прогресивни по тежи-

на. Што значи тоа? Како се движиме кон крајот на тестот, така задачите стануваат потешки, значи расте тежината и сложените задачи кон крајот се наманети за возрасни и адолесценти со надпросечна интелегенција. Значи на крајот добиваме еден скор кој ни кажува дали испитаникот е подпросечен, просечен или надпросечен. Тестот временски е ограничен. Задачите што не се решени или, пак, неточно се решени, не се бодуваат негативно. Кога тестот е зададен со временско ограничување, тогаш се мери интелектуална ефикасност или интелектуална моќ. Што значи интелектуална моќ, односно ефикасност? Тоа укажува дека индивидуа со просечна интелегенција во одредени услови, пример кога е притисната со време, кога е во стресна ситуација и слично, може да даде максимум од својата интелегенција, додека индивидуи со многу висока интелегенција, доколку се временски ограничени да не го дадат својот целосен капацитет, под влијание на ограничувачките услови – време, стрес. Токму заради тоа во професионалната селекција, Равеновите прогресивни матрици зададени временски ограничени претставуваат тест на интелектуална ефикасност, а не тест на интелегенција. Кога тестот не е временски ограничен, тогаш претставува тест на интелегенција. Верувам дека повеќето од присутните го користите Равен  во секојдневната практика и добро сте запознаени со неговата намена и употреба.

Покрај овие три теста, го користиме и НЕО ПР, еден од тестовите кој Институтот веќе го стандардизираше. Пет факторскиот модел на личност кој ние го користиме е форма на самопроценка при што ревидираната верзија од 2003 година има 240 прашања и неограничено време за решавање, но како и секој друг тест на личност, знаете, колку побрзо и со помалку размислување одговараме на прашањата, толку поискрени сме во нашите одговори и отприлика потребни се 40-тина минути за решавање на тестот. Се оценува по шаблон, додека интерпретацијата е врз база на добиен скор кој ги отсликува димензиите на личност, вклучувајќи ги аспектите. Тестот го добивме од Институтот за психологија кој, исто така, ја користи оваа верзија, додека при



интерпретација користиме прирачник НЕО ПР, примена и интерпретација Хрватска 2004, според хрватски норми. Од пракса можам да кажам дека имаше одредени разлики во димензиите на личност при тестирање на испитаници од Македонија и испитаници од други земји, така што претпоставувам дека има одредена разлика во скоровите и во димензиите на личноста при употреба на тестови кои не се стандардизирани за одредена популација. На пример, нашите испитаници постигнуваат многу пониски скорови на димензијата "постигнување" отколку испитаниците во Хрватска. Значи нормите по кои се прави интерпретацијата, не се соодветни за нашите испитаници.

Исто така, го употребуваме и ППА (анализа на личниот профил - PPA), како инструмент за проценка на луѓе во работна средина. Не знам дали го водат како психометриски или како бизнис тест. Тестот го администрираме, меѓутоа оценувањето и интерпретацијата ја спроведува Томас Интернешнл (Thomas

International). Сите наведени тестови, се користат во комбинација со интервјуа, бидејќи психометриката е точна, меѓутоа, не секогаш преку тестирање дознаваме за оние посуштински елементи на личноста. Резултатите не секогаш ги отсликуваат вистинските карактеристики на личност. Пример, можеби некој има лош ден и не е расположен за тестирање, или пак е премногу уморен да се концентрира и слично, што директно влијае на резултатите на тестовите. Затоа постојат и контролните скали во тестовите, за да дискриминираат колку некој бил искрен во своите одговори или дава социјално пожелни одговори, колку некој избегнува некој тип на одговори и слично. Генерално, ова се тестовите кои ние ги применуваме и сакам да напоменам дека ниту еден од нив не е стандардизиран во Македонија. Пред сè, стандардизациите на тестовите кои ние ги користиме се направени на хрватска популација.

**Весна Димовска:**

Додека ја подготвуваат следната презентацијата, она што на почетокот испуштив да кажам, тука сме психолози, голем дел од Вас како и ние се имате сретнато со психолошките алатки, нели, на додипломските студии. Она за кое додипломските студии не Ве подготвуваат е како да ги применувате, како да ги читате, затоа што самите психолошки алатки се користат во делот на целокупниот работен век на вработените. Она што Мартина Ви го презентираше во делот на регрутација и селекција, зошто ДЕКРА работи на тоа, е само дел од сферата на користење на овие алатки, меѓутоа голем дел од алатките се користат и во делот на развој на вработените, во проценка, во комплементарност на тимови и планирање за сукцесивно заменување на вработените. Значи самите психолошки тестови имаат примена во секој дел од работниот век на вработените, вклучувајќи го и нашиот како психолози. Тие се многу добра алатка, меѓутоа сите тие имаат свои позитивни страни, силни страни, но и свои слабости кои се надополнуваат со други техники за да може да

се извлече максимумот од сите нив. И тоа е она што дојдовме да Ви го споделиме како знаење. Како практично се применуваат и какви потешкотии имаме како психолози во делот на примената или какви леснотии имаме ќе видите исто така со дел од алатките што се веќе етаблирани на глобалниот пазар. На пример, прашалниците/техниките на Thomas International, конкретно се користат глобално како алатка која компјутерски генерира еден финален извештај, една наратива каде не можете да навлезете во поединечни фактори и скоровите од истите доколку Ве интересираат, наспроти нашите (16ПФ, Равенови прогресивни матрици, НЕО ПР) кои ги користиме и решаваме рачно со матрици, со наменски ексел табели, за добивање на конкретните резултати, но како ќе го формулирате крајниот извештај може да биде различно зависно од она што Ве интересира кај личноста на кандидатот.

**м-р Павел Станоевски:**

Јас сум Павел Станоевски, работам како менаџер за регрутирање во INSCCALE – Данкса IT компанија. Имам претходно искуство, односно вкупно работно искуство како психолог во човечки ресурси од осум години. Имав можност да ја започнам кариерата со Мартина, сум Ваш студент, исто така и искусен психолог. Сум работел со редица психолошки тестови до сега. Јас нема да дискутирам тест по тест, Мартина веќе го помина тој дел. Јас повеќе би зборувал за нивната примена и практична употреба. Првично ќе Ви раскажам за дел од моето искуство и она што понатаму би продолжил се препораки за сите оние кои би се занимавале со човечки ресурси - независно дали е тоа процес на вработување или задржување на вработени. Примена на психолошките тестови, и на индивидуалните и на групните, може да се најде буквално и во двата сектора. Како што кажав, претходно сум работел во 4 различни компании и секаде сум користел тестови, меѓутоа ќе се задржам на три специфични теста за кои Мартина дискутираше, односно тестот 16 ПФ (тест

на личност), АПМ (Равеновите прогресивни матрици), односно ментална моќ и интелектуална ефикасност и EPQ (Ајзековиот прашалник на личност). Сум извршил повеќе од 20.000 тестирања до сега од кои (малку сум претерал), од кои само за магистерската 10.000, но имав таква шанса и го искористив тој момент. Како и да е, менторот ми дозволи да внесам само 1.400 како официјални резултати. Она што јас го најдов како корисно од примена на овие психолошки тестови првично е во процесот на селекција. Не дека тестот ќе даде точна слика или дека ќе одлучи место мене откако ке се добијат резултатите, но секогаш е стартна точка за тоа како да се започне некое интервју, кое или би ги потврдило или би ги отстранило сите сомнежи кои би ги имал за кандидатите. 16 ПФ и АПМ се секогаш најдобра опција кога станува збор за селекција на менаџерска позиција. За пониски позиции пак, кога би барале талентирани кандидати, овозможуваат информации: како кандидатот се снаоѓа во „густо" кога е ограничен со време, односно како би перформирал (она што нас не интересира). Така што главниот бенефит е проценката за неговата ефективност и ефикасност. Така ќе знаеме за каква позиција би бил соодветен и плус 16 ПФ секогаш дава слика за тоа какви лични потенцијали има одредена личност. Пред да започнеме со „наоѓање" на некој профил, ние секогаш треба да знаеме каков профил ни треба. Врз база на тие карактеристики/критериуми се дефинира профилот кој подоцна ќе се селектира (кој да речеме, еве, преку 16 ПФ отприлика очекуваме да биде: доминантен, да биде независен, да има самоконтрола и ред други особини кои би биле важни за тој профил - бидејќи секој профил има различни карактеристики). Следно е кога се обезбедени кандидатите за овој профил, резултатите од тестот ќе Ви дадат подобра насока со кој од овие луѓе да се продолжи процесот на селекција, а кој не (претходно од CV-то сме дознале дека има искуство и ги има бараните особини - но ние можеме само да претпоставуваме, а не и да бидеме сигурни дека тој човек ќе биде идеален меч за позицијата). Меѓутоа, мое иксуство е дека секогаш она што 16 ПФ и АПМ го покажуваат - во пракса 99%

испаѓа реално. Така што примената и употребата на овие два теста е навистина од големо значење за мене. Нестандардизираноста не би ја коментирал - факт е дека скоро сите психолошки тестови се нестандардизирани во МКД, меѓутоа со искуство - со тек на време кога би ги користеле - ќе Ви го изострат осетот и тој „гап“ нема да Ви претставува проблем. Дефинитивно ќе имате корист од практичната примена. Исто така, овие тестови сум ги користел и при задржување на вработени или преструктура на организацијата. Кога сме имале клиенти-компании кои преминуваат од мали во средни/средини во големи, па речеме имаат потреба: да унапредат 5 вработени кои немале таква позиција до тој момент, па за тој нов сектор ќе им треба еден раководител и останати вработени. Со помош на овие тестови може да се изврши проценка или да се лоцираат вработени од самата компанија. Сме ги користеле за да утврдиме кој од кандидатие има таков потенцијал за да преземе таква позиција (да не речам менаџерска), кој сепак треба и да организира и да планира, да работи со луѓе, да работи на нивен развој и така натаму. Секогаш оние кои добро поминале на овие тестови понатаму имале успешен развој во кариерата и унапредување. Имам применето искуство со слични тестови и во систематски здравствени прегледи (кои се законски задолжителни), со цел да се процени психичката стабилност на вработените. Не сум сигурен дали е со закон регулирано да се проценува психичка стабилност, но гледам дека никоја здравствена организиција каде сум бил на систематски никој не ни бара психолошки тестови. Тоа ми беше супер искуство, таму ги направив тие 10.000 тестирања во компании од приватен и јавен сектор, при што на крај се доби многу интересна слика. Имаше компании каде од 100 луѓе, 90 беа психички нестабилни или барем така се однесуваат (со сигурност не можеме тоа да го дефинираме, бидејќи ни јас не можам да кажам дали е некој психички стабилен или не, но сѐ е добра насока). За овие систематски ги користев EPQ, IQ, АПМ итн. Сите даваат индикатори на личноста бидејќи јас лично сметам, а и низ искуството сум се уверил, дека интелектуалната ефикас-

ност е поврзана со перформирањето и однесувањето на определено лице. Во принцип, тие што имаат поголема интелектуална ефикасност - подобро се снаоѓаат и во принцип се повеќе изградени како личности. Значи имаат повеќе силни страни на личноста, која ги дефинира и прави да се однесуваат на работното место со успех и личен развој. Имам и приватно искуство користејќи психолошки тестови. Сум ги користел за клинички проценки, со тоа што не сум се осудил да им детектирам психолошки проблеми. Чисто само ми се обратил некој кој сакал да дознае дали може да си помогне и разбере себе, и отприлика да му дадам некои совети каде би "лежел" проблемот. Обично проблемите индиректно се рефлектираат и ние не знаеме од каде доаѓаат и зошто така се рефлектираат. Тестовите се добра алатка за детекција. Како и да е, има подобрување кај ваквите случаи после дадените насоки и совети. Значи Ви ги споменав тестовите: 16 ПФ, АПМ и EPQ, тоа се оние тестови што најмногу ги користам и ми требаат. Сакам да ги поседувам и стандардизирани бидејќи така би бил уште попрецизен во моите проценки. Сите оние од Вас кои сакаат да работат во човечки ресурси, без разлика за која цел ги селектирате луѓето, факт е дека треба да изберете прави луѓе - бидејќи повторувањето на процесот, или започнување нов процес на регрутација и селекција, чини и дополнително време и ресурси (кои не ги посакувме бидеќи тоа значи повеќе трошоци, а и секогаш е подобро да унапредуваме отколку да вработиме нови). Меѓутоа, психолошки тестови можат да се користат и во ситуации каде, од одредени причини некои веќе вработени се незадоволни или едноставно се на погрешна позиција, па за тоа незадоволство или неперформирање да се корегира – се прави реевалуација и се распределуваат на посоодветни позиции. Би ги споменал резулатите од инстражувањето за магистерскиот труд, од опфатени 20 компании со менторот намаливме на 10 во приватен, 10 во јавен. Поделени во три различни категории (мали, средни и големи). Чисто како информација, резултатите покажаа дека во помалите фирми нивото на психичка стабилност е поголемо. Колку им е по ОК тоа

што го работат, толку се поисполнети и психички постабилни. Колку што е поголема компанијата, толку процентот на нестабилни е поголем. Во принцип, важно е да има што е можно подобра организација, добро мапирана работа – и да се знаат улогите и да се има план за развој на секоја позиција. Како најзагрозена професија (што мене ми беше најчудно), се испостави дека е воспитно-образовната, односно градинка, предучилишна возраст. Сите беа здрави-прави, но најверојатно стресот кој доаѓа од работа со деца индиректно влијае врз психичкото здравје на вработените. Знаете каква галама може едно дете да направи, а кога се 30, ...веројатно влијанието е драстично поголемо. “Најчисти“ профили се покажаа техничките професии, зборувам за ИТ, како број 1 да речеме, а е следена од научната дејност. Ако некој генерално сака да дознае повеќе информации за истражувањето, бидејќи е опширно и траеше година-дена (се развлече), слободно може да ме контактира. Може да се најдат информации за јавен/приватен сектор. Значи, банки и финансиски институции, фармацевтски куќи, телеком оператори, IT сектор, јавни институции, итн. Така што информациите се доста сеопфатни. Она што би го заклучил сосема на крај: убаво што вака се организираме сите ние психолози и мислам дека сите треба да дадеме некој фидбек и придонес за целата ситуација со стандардизирање и, во најмала рака, да се договориме кои тестови би ги користеле или би сакале да ги стандардизираме. Верувам дека повеќето од Вас тука сте психолози и верувам дека ќе имате многу бенефит од сѐ ова што се обидуваме да направиме - без разлика што точно работите во секторот на човечки ресурси. Генерално тоа би било од мене. Кој сака може слободно да ме исконтактира.

**Елена Глигоровска:**

Благодарам на поканата да бидам тука со Вас и навистина ми е задоволство. Многу им благодарам на колегите што имаа одлични презентации. Сакам само малку да дадам осврт на мојата

кариера со цел да им дадам мотивација, а можеби и инспирација на колегите дека психологијата и психологот може многу сестрано да ги надогради своите способности и квалитети и да не ги лимитира никогаш, особено ако постојано се стреми кон самоусовршување и кон една флексибилност која ја бара современиот начин на водење бизнис, работа и така натаму. Само споменувам некои проекти кои во периодот од 10 години, кога сум ангажирана професионално да бидам во делот на менаџментот на човечки ресурси како консултант, можеби некои Ви се блиски, а потоа ќе се задржам на денешнава тема. Значи можеме да работиме буквално и да дадеме свој придонес во секој сегмент од работата во менаџмент на човечки ресурси: проекти поврзани со структурирање, преструктурирање, организација, реорганизација на компании, проекти за систем на наградување, плати и градење на систем на плати, можеме да работиме во поддршка на интернационални комплексни проекти, во развој на менаџмент и високи менаџерски структури, како што во моментот се случува, Management developing programs. Можеме да работиме нешто што ревизорите сами си го направија, а всушност се однесува на една целосна ревизија за воспоставени стандарди во менаџмент на човечки ресурси во една организација, со законската легислатива, но и со сите други стандарди и политики. Значи комплексноста е голема. Психологијата им овозможува на луѓето, барем јас тоа можев сама со себе да го видам, но и со сите други кои ги менторирав и поддржував и до ден денес тоа го работам. Значи тие имаат способност да приоѓаат со една голема дисциплина, со голема посветеност, со многу голема аналитичност, со високо логичко размислување и со голема адаптибилност. Ви давам една инспирација да продолжите во својата насока, а да Ви кажам дека секој насока е добра. Работам сега како консултант во EXECUTIVE SEARCH CONSALTING, компанија која и по самото име е фокусирана кон консултантски услуги. Самиот збор SEARCH зборува дека работам со луѓе. Компанијата работи 10 години. Секогаш кога сум работела со тимови кои доаѓаат од различни дисциплини и работат во об-

ласта на човечки ресурси, тоа дава еден квалитет повеќе. Нашиот тим е сотавен и од електро инженер и од машински инженер, секогаш психолози, еден, а најчесто двајца, исто од дел од финансии и други профили и тоа дава целовитост да бидеме успешни во барањата на нашите клиенти. Работиме во регрутација и селекција, поврзано со нашата тема, консултантски услуги како дел од оние проекти работени во сегментот на развој и работиме еден сегмент, дел од човечки ресурси на нашата компанија која ги поврзува тие услуги во доменот на човечки ресурси. Каде имав можност да користам алатки, тестови, психометриски и од кога? Од многу одамна, но кога веќе проблемот е лоциран, колегите отишле каде-каде напред, многу им благодарам на тие што веќе успеале да стандардизираат некои тестови. Значи уште од 1995 година. Прв пат бев ангажирана како консултант да направам селекција и избор за една компанија, па потоа почнав и да работам таму. Им беше особено важно да ги видат на продажниот тим способностите и јас да најдам методологија. Што тогаш најдов во моментот, искрено веќе не се ни сеќавам, применив југословенски норми, немаше стандардизација во Македонија, но ми даде некоја помош, ми даде основа бидејќи бев многу на почеток во оваа област и можев потоа по пат на интервју понатаму да развијам. Што сега во меѓувреме се случува? После ова што овде ќе го наведам, нешто што го споменаа колешките, моето искуство што кажува. Бидејќи специфичноста на консултантската работа е различна отколку другите области во кои работеле колегите и се наоѓале со она што јас го работам, можам да кажам дека сме се одлучиле да користиме алатки кои се препознаени од нашите клиенти, а наши клиенти се пред сé интернационални компании и во овие 10 години работиме исклучиво со интернационални компании. Алатките се поврзани со нивните побарувања. Користени се во центри за проценка побарани од наши клиенти, но како дел од нивни регионални активности, проекти во повеќе држави во регионот. Од Словенија, Црна Гора, Србија, па Македонија... Главно беше работен од психолози од Словенија. Ние, како и во многу други

проекти, само учествувавме. Нормално како психолог прво се прашав дали ќе може да се примени на нашава популација. Не бев задоволна искрено да кажам со резулататите што ги добивме, но колегите од таму кажуваат дека тие работеле и провериле дека ќе може да се примени проектот и имплементира во сите овие држави што ги споменав. Значи ние како тим учествуваме во тие целосни конечни резултати. За овие години имав можност да работам четири пати во вакви центри и секогаш клиентите, односно организаторите на тие центри ја носеле со себе својата методологија и ни ја препорачувале дека таа треба да се воспостави на ниво на нивните стандарди и не можам многу да зборувам на таа тема. Низ овие години на работа, повторно ќе споменам, повеќе насочено од потребите на клиентите кои на светско ниво познаваат одредени алатки и тие алатки во сите тие држави ги користат и ние со Гидни, мојата активност е од 2006/2007 година во консултанство, некако најдовме една најпроста, најлогична, меѓутоа најсеопфатна методологија на користење по Thomas International, алатка која потоа ќе ја објаснам. Инаку се базира на типологија на карактеристики на однесување, една тестна методологија, верувам на сите Ви е позната, можеби знаете дека се користи од 1956 година. Инаку, комбинација на влијание, смиреност, подреденост – така е разработена методологијата да овозможи оние што го имаат едното однесување поизразено, наспроти помалку изразено од секое од овие испитувани однесувања. И потоа преку методологија која ја развиле до перфекција гарантирајќи дека 98% од резултатите даваат навистина голема чувствителност во однос на тоа дали добиваме вистински или лажни резултати, ако сакаме тука да внесеме нешто лично. Значи, пред сé, е насочена кон човекот, работата и неговото однесување во работната средина, во моментот кога работиме на тестот. Не е тест, туку 24 реда со по 4 збора во секој ред, што препознаваме како наша карактеристика како најчесто однесување, колку нé карактеризираат најмалку и најмногу. Во 2007 година работевме со колегите кои беа во регионот, овластени за Македонија. Тоа беа колеги од Бугарија и

работевме на преводот на Thomas International, на основниот инпут, односно прашалник и работевме долго време, два месеци земајќи ја предвид оригиналната англиска верзија, бугарска и српската верзија кои веќе со години работеа. Како психолог сум аналитична и навистина сакав тоа перфектно да биде средено, така што до ден денес македонската верзија на Thomas International е таа што ние ја креиравме тогаш. Извештајот е сѐ уште на англиски јазик, верувам дека така ќе остане и понатаму затоа што мислам дека нема на други јазици извештаи. Во поново време започнавме да работиме и со Екстендидист, тоа е повторно истата методологија, не сум сигурна, многу малку го користевме. Дава еден поширок извештај и таму треба да работиме на превод на прашалникот што е исклучително важно бидејќи за сите овие алатки главната препорака е да се користат на локалниот, мајчиниот јазик. Доколку не се користат, можат да направат многу големи проблеми. Го споменаа колегите, тоа е персонален профил, за 12 минути се пополнува. Зошто го користиме и зошто клиентите го бараат? Обработката е од сертифицирани Thomas експерти. Можат само да ја вршат обработката, односно да ги внесат податоците во системот или врз основа на оние маски што се добиваат да направат анализа. И што дава? Проценка на предности, стравови, мотиватори, кои се слабите страни, кои се јаките страни и тоа е она што се добива како профил. Она што многу пати сме го користеле и е одлично, е тоа што дава прашања за интервју. Значи доколку сакаме со профил да ги поврземе прашањата што би следеле и би сакале нешто да провериме, тогаш ни помагаат со прашања кои произлегуваат. Овозможува да се поврзат барањата, значи да се дефинираат барањата во однос на личноста и неговото однесување на одредено работно место, а потоа со персоналниот профил да се најде врската, односно да се потврди дали тој човек токму со тие негови карактеристики одговара за тоа работно место со неговите барања и лични очекувања преку однесувањето во работната средина. Се користи за анализа на тимска култура, Ви кажав дека се користи пошироко во тренинзи, развојни проекти, гра-

дење на компаниски усовршувања, доусовршувања на поединци, на тимови, на менаџери. Значи една широка применливост и дава можност многу брзо, во период од еден ден да се осознае тимот, да се осознае кој е идеалниот тим, да се дознае како тие луѓе во која насока да се развиваат и на крај и овозможува на компанијата бенефит, без многу трошоци и време, туку само во еден ден да добие валидни резултати зад кои стои Thomas International. Верувам дека се тоа експертски тимови, дека се одлични психолози, но тие не се од нашите простори и не знам колку внимавале на сите наши катактеристики во развојот на нашите претпријатија. Повторно ќе кажам дека ова е искуство со интернационални копмании. Значи компании кои не се создале во нашата земја, не се развиле, не поминале низ тие фази, затоа што ако таму треба да ги применам сите овие сознанија малку би размислила поинаку. Затоа што има големи, големи разлики. Како што рековме, оние особини – доминација, влијание, смиреност, подреденост = ги оценуваме дали ги поседуваат високите или ниските скорови, се комбинираат и на таков начин се добива профилот. Персоналниот профил ни дава можност да им помогнеме на вистинските луѓе да дојдат на вистинските места. Толку од она што можев да споделам. Многу ќе ни користи ако на еден начин бидеме интегрирани, информирани. Јас од Весна дознав дека некои наши колеги многу, многу имаат создадено на ова поле. Тоа е затоа што сите сме преокупирани со многу работа. Затоа поздравувам вакви средби, поздравувам размена на мислења и Ви благодарам.

**Љубица Попова:**

Јас сум претставник на Министерството за одбрана. Повеќе ќе се осврнам на практичниот дел од нашата работа. Ја поздравувам ова Ваша иницијатива и овој собир што го подготвивте. Ние имаме потреба од доста соработка со други институции. Да кажам нешто за мене. Во моментот сум специјализант на медицинска психологија, уште еден месец, така што тоа тре-

ба да се заврши. Инаку, сум магистрант на психологија на труд на Филозофски факултетот. Меѓутоа, не можеше паралено да се одвиваат двете работи така што сега сум во едукативен процес. Што се однесува на мојата кариера во однос на работата како психолог, работам од 2004 година во Воена болница. Инаку, со транформација на Воена болница, нели премина во 8-ми Септември, ние останавме како Воено медицински центар во состав на Министерството за одбрана. И така функционирам во Воено медицински центар. Сакам да Ви кажам нешто околу нашата работа која е многу комплексна. Ние, како психолози, работиме многу комплексно тргнувајќи од процесот на селекција, понатаму морам да го споменам и клиничкиот дел, значи работиме психолошки наоди и мислења комплетно со клиничка батерија. Меѓутоа, најпрвин ќе се осврнам на селекцијата. Ние работиме на селекција на кадидати за доброволно служење војска, понатаму на кандидати кои сакаат да бидат професионални војници, потоа кандидати кои конкурираат за Воена академија и кандидати кои конкурираат за пилоти. Значи првата селекција за пилоти се одвива кај нас. Потоа следуваат понатамошни селекции во зависност од школата каде што треба да се продолжи школувањето. Исто така, со колешката учествуваме во селекција на кандидати кои конкурираат во Министерството за внатрешни работи за полицајци и инспектори. Ние учествуваме во селекција на кандидати и со средно училиште, меѓутоа и за тие со завршен факултет. Тоа беше доста напорно за нас. На кој начин работевме? Значи ние работиме и во Министерството за внатрешни работи и во нашето Министерство за одбрана. Работевме идентично, начинот на работа се прифати од двете страни. Работевме со селекција со тест за резонирање на ликови кој е сличен на прогресивните матрици. И ние го нарекуваме тест за интелектуална ефикасност и тоа го нагласуваме во воведниот дел. Тестот не ја мери општата интелегенција на кандидатот туку ефикасноста, колку тој ќе биде ефикасен во овој момент, односно во оваа ситуација која за него е несекојдневна. Имаме критичен скор. Под тој критичен скор кандидатите не

го поминуваат тестот и со нив немаме повеќе комуникација, а додека понатаму тие што ќе поминат одат на индивидуален дел. Тоа е разговор со секого поединечно. Во Армијата со нашите кандидати ние разговараме со секого поединечно. Во Министерството за внатрешни работи тоа не можеше да се реализира затоа што беа премноги кандидати и многу краток временски период – околу 800 кандидати имавме и требаше за два дена да ги селектираме и беше многу напорно. Работевме во 10 групи 10 психолози одеднаш, на два пати, наутро и попладне и беше многу напорно, како и за нив, така и за нас. Сакам да напоменам од каде се тестовите, сигурно тоа ќе Ве интересира. Тестовите ни се наследство од ВМА, од ЈНА. Моите колешки имале соработка со ВМА и нашите доктори од Воена болница специјализираа во Белград, значи комплетно наследство од ВМА. Како невербалните тестови, како клиничките тестови, сите што ги споменавте, ние сите ги имаме. Работиме со ВД 2 за интелегенција, АЈ ЕС ДИ КУ го имаме, ВИ го имаме – тест за емоции. Меѓутоа, сите тие се со српски прирачници и со норми кои се од тоа време, но сепак се стандардизирани за македонско поднебје. Значи во упатството кое го имаме за работа немаме стандардизација за популацијата на Југославија, туку имаме стандардизација за поднебјето на Македонија, за сите републики беше различно во тоа време и така продолживме да работиме. Тест за резонирање на ликови кој го работиме има направено една стандардизација после осамостојувањето, некаде 1992/93 година и имаме норми. Тие норми ни се во однос дали е со средно училиште, дали е со факултет и во однос на годините, односно возраста. Така ни е стандардизиран и се држиме до тие критериуми кои ни се зададени. Инаку, друго што е новина во нашето Министерство, помалку од една година, истиот тој тест е софтверски обработен на компјутер и сега кандидатите го работат на компјутер и овде се добива листа на точни и неточни одговори направено од компанијата, не се сеќавам која беше тоа. Така субјективниот фактор или притисоците кои ги имавме, имавме доста притисоци да се попушти, да се додаде, се отстранети. Се добива

листа со податоци кој што добил, колку направил, која задача е точно одговорена, која не е точно одговорена. Нашиот дел е во клиничкото испитување. Ова доаѓа како технички дел, техничко спроведување на тестот и добивање резултати. Значи нашето искуство, нашаето знаење и она што ние треба да го селектираме, кандидатите што треба да ги селектираме, доаѓа со нашето индивидуално психолошко испитување. Работиме, исто така, и систематски прегледи во Воено медицискиот центар, работиме редовни системаски прегледи, вонредни систематски прегледи, систематски прегледи од други работни организации, работиме лекарски прегледи за возачка дозвола, лекарски прегледи за оружје за цивили. Друго, доколку настане некој пробнлем, некое проблематично однесување кај некој припадник на Армијата веднаш се праќа на вонреден систематски преглед и овде се применува клиничката батерија на тестови и од нас се бара да направиме психолошки наод и мислење. Исто така и моите колешки во касарна работат на тој принцип, доколку се забележи проблематично однесување се бара психолошки наод и мислење на припадникот на Армијата. Другата работа која сакам да ја напоменам, другата наша активност е едукативната работа со предавања што ја вршиме на персоналот вработен во Армија, по касарните и другите едници. Најмногу внимание посветуваме на стресот – пасивен стрес, реакции на стрес, сакаме да бидат што повеќе запознаени во врска со тоа, а што е нормално да се јави во абнормална ситуација. Во абнормална ситуација нормално е да се јават абнормални реакции. Да се види што е нормално, што е ненормално за да можат тие подобро да се адаптираат на такви ситуации. Можеби сте запознаени имав поголеми контингенти на припадници на АРМ кои одеа на мировни мисии, прво Ирак, потоа Афганистан. Сега тие контингенти се помали, многу помалку припадници на АРМ одат на мировни мисии, меѓутоа ние учествуваме во психолошка подготовка пред заминување во мисија. Исто така со предавања, а кога се враќаат од мисија задолжително следи преглед од психолог. Значи ние сме многу потребни во рамките на Армијата, како во

селекцијата, така и тековно во работниот процес и работните задачи во рамките на Армија.

**Елеонора Серафимовска:**

Јас сакам да им се заблагодарам на сите учесници и на презентерите. Некои го откажаа своето учество и верувам дека навистина имаа големо оправдување. Ќе беше интересно и нив да ги слушнете, ама верувам дека ќе има и други можности. Јас би сакала да споделам нешто, всушност, да го повторам она што сите го знаеме, а тоа е фактот дека и во областа на менаџментот на човечки ресурси се работи со нестандардизирани тестови за популацијата на Македонија. Меѓутоа, во исто време ќе се согласам со Павел за она дека долгогодишното професионално искуство на психолозите во оваа сфера може да го „моделираат" скорот на тестот и да кажат слободно – на овој скор можам да му верувам, на овој не. Меѓутоа, тоа не значи дека треба да останеме на ова скалило и да не се трудиме да ги стандардизираме тестовите со кои работиме. Во последната година јас дури зборувам дека треба да направиме и сопствени тестови за нашата популација. Сите сме свесни дека за тоа треба одредено знаење, долгогодишен професионализам, но тоа не е неостварливо. Велиме дека нашите норми се блиску до српските, но сепак, дури и српските норми се разликуваат од нашите. Така што, знам дека искуството си го прави своето, после толку години Вие имате изострено око, кој, како, што, но мислам дека сепак не треба да останеме на тоа ниво. Во времето кога нашата земја беше дел од Југославија, центар одговорен за стандардизација на психолошките тестови беше во Љубљана, и таа се правеше на следниот начин - од секоја република на одреден број испитаници се задаваше тестот и затоа велиме дека тоа беа „југословенски" норми. Македонски испитаници секогаш имаше во тие тестови, наша популација, но таму беа испитаници од сите други републики. Значи, нормите беа упросечени со српските, босанските и така натаму. Не велам дека ние не сме слични како некогашни сосе-

ди, меѓутоа тоа не се само Македонци и тоа не се македонски норми. Исто така, да кажам дека во овој процес на стандардизација секогаш конструираме софтферско решение за тестовите, каде можностите за грешка во пресметката на скоровите речиси е нула. Најдобро е така да се направи. Ние имаме софтверски решенија за сите тестови кои сме ги стандардизирале. Профилот се добива за секунда, а имате и графичко решение на истиот. Е сега, како тече тој процес на стандардизација: го почнуваме целиот процес со обраќање до авторот на тестот кој обично нé пренасочува прво до издавачката куќа на тестот. Откако ќе ја пополниме целосната апликација ни се дозволува да почнеме со процесот на вратен превод (back translation process). Почнуваме со превод на текстот и при тоа да напоменеме дека не се работи само на просто преведување на тестот од англиски на македонски, туку дека тоа е процес во кој мора да се обезбеди и лингвистичка и психолошка еквиваленција на македонската верзија со англиската верзија на тестот. Културниот код мора да биде внесен. Значи, во овој процес се вклучени и преведувачи и лингвисти и психолози. Откако ќе ни го одобрат вратениот превод, преминуваме на процес на валидизација и стандардизација, поточно на испитување на релијабилноста и валидноста на тестот. За некои тестови не треба норми, некои тестови имаат коефицинти или критички скорови. Но, да не должам премногу...Знам дека сте Вие свесни дека стандардизацијата на тестовите е навистина огромна процедура и е воедно сложена, тешка, чини средства, меѓутоа не е неостварлива. Сепак, Вие одлучувате за професионални судбини на луѓето, одлучувате дали да се вработат или не, во здравството се поставуваат дијагнози, во социјалната сфера се одземаат старателства врз база на тестови кои не се стандардизирани. Сите велат дека се снаоѓаат и знам дека се снаоѓате, правите интервјуа, дополнителни проценки, меѓутоа тестот е нашата основна алатка, единствената алатка на психолозите. Ние немаме друг инструмент. Психолошките тестови се она по кое ние се разликуваме. Никој друг не може да зададе и интерпретира психолошки тест освен психолозите.

А ние токму на таа алатка не си работиме, што мене ми е многу жал. Можеби некој не се чувствува сигурен и подготвен да го спроведе процесот, но од некаде мора да се почне. А веруваме дека со соработка сé е можно. Вам Ви требаат тестовите и тоа е факт. За почеток доволно е желба да се започне и одговорност да се работи на овој процес. Ние сме тука да Ве охрабриме во овој процес.

**Весна Димовска:**

Јас би сакала да се заблагодарам на Елеонора и Маријана затоа што она што го прават се партизански чекори, „како да стапнете на Месечината" во Македонија. Јас тоа така го доживувам од неколку аспекти. Од аспект на тоа што ние, како психолози, кога стапивме на работа она што ни беше барано е кои психолошки инструменти да ги користиме. Катедрата за психологија воопшто не ни дава инструмент, како да го користиме тој инструмент, кои се стандардите за тој инструмент, како да ги читаме извештаите за тој инструмент и колку можеме некому да наштетиме со тој инструмент. Така што она што ние го правевме беше само снаоѓање. Она што навистина го баравме и ни треба, еве Елеонора и Маријана сами прават исчекор да го направат, е токму таа стандардизација на тестови и, верувам, обука на некој начин за употребата и читањето на извештаите,и на скоровите. Одговорноста е голема. На почетокот на нашата кариера кога ќе кажете дека сте психолог и тоа е супер, од Вас бараат да донесете психолошки тестови (а Вие се чувствувате) како Вие да ги измислувате, креирате или од некое дупче ги откопувате. Значи одговорноста е огромна. Да не зборувам за Министерството за одбрана во делот на клиничка психологија, но да си поиграте со нечиј професионален живот, дали е тој вистинскиот и одговара за вистинската работа е страшно. Го говорам ова од сопствено искуство, го говорам од име на колегите, а верувам дека и Вие сте имале такво искуство или ќе дојдете до тоа. Затоа го поздравувам овој чекор затоа што е многу битен за да не се сна-

оѓаме сите сами, туку напротив, да имаме сигурно тло врз кое чекориме. Она што дел од нас го правеа сами, се едуцираа, прашуваа, бараа ментори во постарите колеги и копаа, копаа сами, верувајте е многу макотрпна работа и токму затоа сакав да се освестиме малку за одговорноста која ја имаме ние психолозите на било кое поле на кое работиме и треба да застанеме на здрави нозе. А тоа ќе ни го овозможат Елеонора и Маријана.

*13:00 ч - 14.00 ч*

*Попладневна паралелна сесија 1:*

*„Употребата на психолошките тестови во областа на образованието и спортот“*

**Модератор:** Емилија Угриновска, Државен Испитен Центар

**Презентери:**

Софија Димитровска, ЈДГОА „Срничка“

Гордана Несторовска, ООУ „Јоаким Крчоски“

Ленче Ристовска, СУГС „Ѓорѓи Димитров“

Јана Шишковска, Меѓународно училиште „НОВА“

Ленче Алексовска, ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ



**Емилија Угриновска:**

Посебна чест и задоволство ми е што сум денес тука со Вас. Во неколку наврати планирав некако да се собереме сите психолози кои работат во образование на едно место, иако, и до сега морам да кажам дека ме имаат контактирано некој од Вас од различни причини. Како и да е, денес сум тука како претставник на Министерството за образование, кој е психолог и може да направи нешто за психолозите во образование. Можам да Ви кажам дека јас како единка и било кој од Вас како единка ништо не можеме да направиме. Ниту во поглед на темата за која денес се собравме, ниту во поглед на нашата професија во училиште. Мојот начин како да направам јас нешто повеќе е тоа што се ангажирав малку повеќе во Комората на психолози и како што веќе претходно слушнавте, Комората забрзано работи, па од првиот ден откако се смени раководството до сега сме одржале многу, многу средби, многу состаноци, се формираа многу комисии и се блокиравме од обврски. Но сé со цел да го подобриме она што го работиме како психолози, подобрување на нашата професија и статусот како психолози во општеството.Ссекаде не само во образованието. Значи ние можеме реално да направиме многу во поглед на нашата професија само ако се здружиме, па затоа апел да учествувате во работата на сите тела и комисии на Комората и само така навистина можеме да направиме многу. Да се слушне, пред сé, гласот на психолозите и да си зборуваме за нашите права на правиот начин. Не мислам дека треба да чекаме некој друг да ги реши проблемите, туку спротивно, еве вака како што сега се собравме, да се собираме и понатаму, организирано да дејствуваме и со лична работа и труд да си ги решиме проблемите. Една од главните работи со кои се соочуваме секако е користењето на психолошките тестови во образованието. Не само во образование, туку и пошироко. Клиничката пракса веќе си го кажа своето, од аспект на тоа што сé потпишуваме, учествуваме во вештачења, нечиј живот одредуваме, а не знам колку е легално и законски сето тоа што го правиме ако ние знаеме дека нема стандардизирани тестови во државата. Жал-

но е од тој аспект, а уште пожално кога станува збор за деца. Значи ние работиме со најранливата категорија – учениците. Каква е ситуацијата во образованието и како Вие како психолози се снаоѓате, колку од инструментите ги користите, ќе биде предмет на оваа сесија. Имајте предвид дека сите горе-долу се соочуваме со истите проблеми во сите аспекти од работењето на психологот. Не очекувам нешто поразлично да кажете од она што веќе го слушнавме, но е битно да се знае што, всушност, Ви треба во Вашата работа, кои инструменти Ви се потребни. Кога ќе направиме систем на она што Ви е потребно, ќе можеме да почнеме да работиме посериозно на тоа. Во мојат пракса, еве јас не се претставив за оние кои не ме познаваат, значи покрај тоа што сум претставник на Државниот испитен центар (така ме најавија), јас сум и гешталд терапевт, работам приватна пракса, претходно имам работено во приватна пракса во здравствена установа. Значи го знам делот за тестирање во здравството, па дури и во болница, во Заводот за рехабилитација, физикална рехабилитација. Значи секакви видови на тестови имам користено. Она што го забележувам е дека студентите не знаат што е она основното, односно што е работата на училишен психолог. До таму е стигната работата. Зошто? Значи биле на пракса, биле во некое од Вашите училишта и работеле со некој колега. Веројатно некој што е тука присутен. Не го неведуваат работењето со психолошки тестови во работа на психологот. Прашањето е: зошто? Затоа што тоа веројатно не го ни виделе кога биле на пракса. Некој користи, некој не, за среќа има некои колеги тука кои имаат позитивно искуство во минатото, но еве новите генерации не го сретнуваат тоа кога одат на пракса. Ние ќе ги пратиме на пракса, а тие пак се враќаат без искуство каков тест да користат, ниту пак виделе примена на некој тест во образованието. Значи имаме многу проблеми, не е само непостоење на стандардизиран тест, имаме повеќе проблеми во областа на работата на психолозите во образование. Но, еве оваа сесија, благодарејќи на Елеонора и Маријана, ни обезбедува за прв пат да проговориме за нашите проблеми. Тоа е целта на овој симпо-



зиум. Да си ги кажеме проблемите за да можеме да се насочиме и кон нивно разрешување. Комисијата која ја формираше Комората, односно Управниот одбор на Комората, чиј член сум јас, за важните комисии се договоривме некој од нас да биде претседавач за да може да се завршуваат работите, да течат побрзо и да може да се реферира на секој Управен одбор. Станува збор за комисија која ќе работи на поставување на стандарди и норми за стандардизација на психолошки тестови. Таа комисија нема да стандардизира тестови, туку ќе ги постави стандардите и точно ќе знаете што треба да се направи, дури и на ниво на процедури, за еден тест да биде стандардизиран. На крајот на краиштата сите тие стандардизирани тестови, како што се надевам дека во следниот период ќе ги има во експанзија, да бидат регистрирани во Комората во еден посебен регистар за секој психолог што ќе работи да може точно да види кој тест е стандардизиран, кој го поседува итн. Можеби ќе имаме проблеми со поседувањето, каде можат да се обратат да го добијат, дали тоа ќе се наплаќа од таа институција што го дава или не... Значи сите информации ќе бидат на едно место, систематизирани и сето тоа на сите нас ќе ни биде од голема помош. Да престанеме да лутаме, бараме, да препишуваме или копираме од странство, нешто што на крајот

ќе ни се покаже во пракса дека не го мери она што нам ни е потребно. Или дури може да Ви даде погрешни информации како тест. Поаѓајќи од сето тоа, бидејќи комисијата е во формирање, планираме да има претставници од сите поважни институции, првично универзитети. Ќе бидат претставници и од Институтот тука, се договоривме да има претставник од Институтот за психологија, некој од професорите што предаваат психологија и психометрија, но ни останува сепак место во таа комисија и јас отворено Ви кажувам, сите што се заинтересирани, сметаат дека имаат доволно знаења и време и сакаат да учествуваат во тоа, јас ја оставам оваа комисија отворена за секој ентузијант што сака да се приклучи да работи. Значи како за почеток ова е најавата дека сега со полна пареа почнуваме да работиме и се надевам дека сите ќе се вклучите. Не знам колкав број од Вас тука се членови на Комората, но би требало во интерес на заштита на делата да се вклучувате помасовно. На денешната сесија за образование се присутни колеги кои заедно со тимот организатори, гледавме да бидат покриени повеќето институции, кои се бават со психологија во образование, ќе почнам од проф. Д-р Ленче Алексовска од Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, Јана Шишковска, психолог кој работи во Меѓународното училиште НОВА, која ќе има сосема поинаква перспектива од останатите нас. Потоа Гордана Несторовска, специјалист по училишна психологија, вработена во ОУ „Јоаким Крчовски“, Ленче Ристовска од Средното училиште „Ѓорѓи Димитров“, професор и психолог, и Софија Димитровска, психолог претставник од Градинката „Срничка“. Јас не би должела повеќе за состојбата за користење на тестовите, тоа ни е многу јасно, но да почнеме да разговараме за конкретни тестови, да се обидеме да не бараме само помош од некој друг, туку да се насочиме сами кон себе и да видиме што можеме да направиме. Одлична е идеата што сме сите собрани на едно место и ова треба да го искористиме позитивно.

**Ленче Алексовска:**

Прво би сакала да Ве поздравам. Навистина е убаво чувството кога ќе видите толку колеги, колешки кои секој работи во различно подрачје. Честитки за Комората. Овие активности што ги слушнавме навистина мислам дека ќе вродат со плод ако сите заеднички дадеме придонес во тоа. Мене ме повикаа, за мене големо изненадување. Сега ќе кажам една историја и спецификата што ја работам. Прво да кажам дел од моето образование. Јас имам завршено Факултет за физичко образование, спорт и здравје, значи сум професор по физичко, меѓутоа сум и дипломиран психолог. Завршив два факултета. Не случајно, поради тоа што мислам дека психолошката подготовка во спортот е неопходна. Бев врвен спортист, репрезенататтивец на Македонија во кошарка, капитен на репрезентацијата. Сешто може да се оствари. Во сѐ можете да постигнете успех. Меѓутоа, во спортот успеваат само најдобрите. Зошто го кажувам ова? Затоа што сето тоа што ќе го сработите морате да го покажете на терен. И тоа е видливо. Ако тоа го немате тогаш ќе Ве селектираат. И затоа, овде има и мајки, има и повозорасни можеби имаат внучиња и така натаму, првата порака ми е своите деца да ги запишете на спорт. Не мора да станат врвни спортисти. Не мора да станат Кире Лазаров, Перо Антиќ и така натаму. Значи спортот развива особини како што се дисциплина, упорност, поставување на цели, истрајност, справување со порази, да знае што е победа. Дури и победата е стресна. Навистина, кога ќе се запрашам сама себе дали моите деца сакам да бидат врвни спортисти, не смеам да го кажам јавно - ама можеби не сакам. Затоа што тоа е многу тежок пат, многу работи треба да се спојат во една личност. Значи физички треба да бидете неверојатно подготвени, технички да бидете автоматизирани за да решите ситуација, а замислите противникот Ве брка. Значи, психолошката подготовка е дел од секој спорт. И мора да постои. Јас сум горда на мојата активност во моето дваесетгодишно искуство како спортски психолог. Значи 1997 година кога прв пат се појавив во македонска кадетска репрезентација која што одеше на европ-

ско првенство во Словенија, ние освоивме шесто место во А дивизијата, во највисоката група. Сега сме во Б дивизијата последни. Таа група беше најдобрата која уште игра, зошто тогаш ја поставивме базата, она што значи спортски психолог. Кога дојдов како спортски психолог првото прашање беше: „Нас ни фали нешто?“. Значи мислат дека нешто им фали, деке личноста не е во ред, дека треба да ги лечите и така натаму. Меѓутоа, тоа беше 1997 година. Потоа работев со пливачи кои отидоа на Олимпијада. Потоа работев со ракометната репрезентација кога во 2007 година бев повикана за еден предизвик, Исланд во бараж фазата кој нé нокаутираше 5 години. Не можевме да отидеме ни на европска, ни на светска сцена. Требаше да победиме некој што завршил на второ место на Олимпијада. Што е првото нешто за спортски психолог? Да не прифаќате сé по секоја цена! Прво се прашувате дали Вие можете таму да партиципирате. Едноставно, си држите до себе си. Јас велам: Да го видам тимот. Го гледам тимот на некој натпревар. Кога ќе видите дека можете да дадете придонес ги викате тие што Ве викнале и искажувате што барате Вие за да се вклучите. А тоа е следното: тренерот и селекторот мора да имаат визија да Ве викнат. Но, тие со кои треба да работите се спортистите. Не може во тимот тројца да сакаат, четворица да не сакаат. Или сите сакаат или нема потреба да бидете вклучени. Па можеби после сто години ќе им текне кога ќе сфатат дека сме последни и така натаму... Истото тоа го направив и јас. Знаете како ме дочекаа? Јас велам: „Спортистите се мангупи, викаат – има спортисти и луѓе.“. „Значи велиш дека не сме луѓе?“ - велат тие. „Не, Вие сте луѓе, ама Вие имате специфична психолошка структура која одговара на она што го бара спортот. Вие не сте обични.“ Како што се качувам по скалите во „Континентал“ ме сретнува еден и вели: „Ооо, вие ќе ни предавате?“. И вака ме гледа. Оти тоа беше сениорска репрезентација од 23 до 33 години. Имав претходно машки, женски, многу ќе ти биде вакви се, такви се. Но знаете што? Ако верувате во оваа приказна, ако сте ја пробале и ако таа успева, никој нешто не Ви може. Ама мора да станете стручни за ова, затоа што ова

е најспецифичното место. Верувале или не, постигнавме неверојатен успех. Замислете Исланд го победивме тука со седум голови. А таму кога отидовме изгубивме со шест гола, а тоа ни да даде шанса да одиме на светско првенство. Тоа беше таква еуфорија што кај мене пристигнуваа колешки, колеги кои беа психолози за да видат што работам. Јас сум секогаш отворена за пренесување на знаењето. Ниту кријам тестови, давам тестови на сите што сакаат, тоа што јас го имам, експлицитно кажувам како доаѓам до целта. Сега сакам истото и на Вас да Ви го пренесам. Што е најосновното во спортската психологија и што е во оваа моја дваесетгодишна кариера? Зошто јас не создадов други спортски психолози кои ќе бидат така етаблирани. Затоа што откако заврши тоа три години со репрезентацијата во ракомет, кај што постигна седмо место, четврто место на европско првенство, се вклучив во Карате федерацијата. Знаете зошто ми е лесно мене? Зошто покрај Психологија го завршив Факултетот за физичка култура и ги имам сите спортови кои ми ги бара мојата професија. Ова е апликативна спортска психологија. Има наши колеги и колешки кои поради роднински врски влегуваат и слично и се шетаат. Тоа направи да се врати спортската психологија назад. Мора да се изработи. Знаете мора да се постави цел да се изработи, можеби нема да ти се врати со успех, ама едно си сигурен пред себе – јас дадов максимум. Значи целото мое знаење го давам, а спортот е многу специфичен. И затоа кажувам дека спортот е специфична активност која бара познавање на биомедицински предмети, познавање на педагошко-психолошки и познавање на дисциплината. Зошто? Експлицитно ќе ви кажам. Повикував мои познанички, другарки и така натаму. Ама мора да сфатиме дека мора да се едуцираме за спортот. Што значи тоа? Тоа значи колку играчи играат, што значи техника, кои елементи од техниката. Тоа е спортист фудбалер и вака ви викам: јас сум штопер и сакам да ме подготвите. Се прашувате што е тоа сега? Си викате не сакам тоа да го работам. Спортистите знаете какви се? Ако во првите пет минути не стекнат диоверба во вас, не ги погодите таму каде што ќе им

донесете успех, тие вас ве селектираат. Основата е да бидеш психолог. Јас имав напади зошто не може и со други факултети, еве тие ќе учат. Не. Матичноста треба да те задржи. Премногу е интимна работата. Вие знаете што значи за едно дете кое е можеби најголемиот талент да напишете нешто што не содејствува со неговите особини? Ќе го уништите. Во таа приказна, во тоа сѐ што се случува, мора да се научи спортот. Тоа не значи дека секогаш треба да бидете најдобар репрезентативец. Во Србија имаше еден спортски психолог и кога јас отидов да се едуцирам, ги прашувам дали сум на правиот пат, тие ми одговорија – штом си спортист, тогаш си на правиот пат и многу полесно ќе ти биде. И навистина е така. Таа ми вели јас не сум спортист ама ми требаше десет години да работам со спортисти да видам каква е нивната психолошка структура. Како тие размислуваат. Спортистот кога ќе изгуби мисли дека сѐ се срушило. Тоа е чудно за обичните луѓе. Ама кога ќе победат, тие се најдобри. Спортистот значи препотенција. Ако со секој се објаснува тој никогаш нема да дојде до вистинскиот резултат. Спортската наука вака вика: за да бидете врвен вие треба да имате високи интелектуални способности. Јас си викам што значи високи интелектуални способности? Почнувам да истражувам. Почнавме да ги тестираме спортистите од сите видови спортови. Одеднаш ни доаѓаат борачи. Можеби кошаркарите имаат високи интелектуални способности, ама не и борачите. Борачите имаа златен медал на европско, ама немаа високи интелектуални способности. Сакам да кажам дека кога ќе навлезеш овде тогаш барате специфични интелектуални способности. Сега ве носам во тестирањето. Она што значи профил на личноста на спортистот во однос на тестовите кои се применуваат. Тестови за општа интелегенција, ама не го применуваме Векслер, најчесто применуваме прогресивни матрици затоа што е на ниво на перцепција бидејќи тоа е дел од спортската интелегенција. Затоа што тој спортист треба да има видно поле – на пример плејмејкерот кога ќе ја води топката треба да ги гледа и другите четири, значи видното поле е битно. Понатаму треба да има брзина на реакција, зна-

чи брзо да му се обработува информацијата и тоа треба да се истестира. Знаете што е најдобро, експлицитно ви ги кажувам работите, кој сака да работи на терен нека дојде, нека повели, јас ќе му направам едукација за сé што сака. Значи спортска интелегенција се поправа. Деведест проценти од спортистите влегуваат во просечна интелегенција. Ретко се некои кои се натпросечни, а она што ви го кажав за спортска перфектност – брзина на реакција, просторна ориентација – во тие тестирања се покажа дека тие имаат високи резултати во зависност од спортот кој го применуваат. Тука може да му се каже на спортистот дека може да се поправи. Која позиција ја играте - задни везник. Добро, сега ги барам сите твои три позиции кои ќе ти бидат чисти во мозокот. За да ти станат тие позиции чисти ти работиш на нив со автоматизирање на техниката да најдеш решение кога е потребно. И со тоа завршуваме со тој интелектуален простор, одиме на особини на личноста. Во особини на личноста вака се вели во спортската наука: секој тренинг да поставува цел. Во однос на личноста го применуваме тестот за онаа базична анксиозност кој е со 18 прашања и се бодува од 20 до 80 бодови и од 20 до 40 е оптимална анксиозност, базичната, наследната анксиозност. Имаме земено тестови од Педагошки завод. Колешката од таму многу тестови безрезервно ни ги даде. Да се вратиме на темата во однос на стандардизацијата, во однос на создавање нормативи и стандарди за спортската популација. Ние тие тестови не ги измисливме, се користеа во бивша Југославија. Од 1965 година постојат спортски психолози. Формирани се три центри: Љубљана, Белград и Загреб. Од таа година не можеше во Југославија ниту еден спортист да отиде без тестирање. Од 1965 година направени се стандардизирани тестови на бивша Југославија. Ние, всушност, ги користиме тие. Но, најдобро е да се има нормативи за својата популација. Зошто ниту сме Хрвати, ниту сме Срби, ниту Словенци. А тогаш сме ги тестирале сите како луѓе од поранешна Југославија. Идеата е феноменална за стандардизирање на наши тестови. Таа идеја апсолутно ја поддржувам и секоја чест. Меѓутоа, и овие тестови

кои ги применуваме, без оглед што се 50 години стари, даваат феноменални резултати. Одговараат на тоа поднебје, зборувам за спортистите. Порано бев вклучена во Комората и имаше многу убави поставени критериуми, принципи, стандарди. Колку се реализираа или не, тоа е друга приказна. Тоа беше едната работа, а другата е за професионалниот респект. Мене кога ќе ми дојдат, на пример, деца со проблеми од семејството, од училиштето, јас се јавувам на мои другарки, тие во кои имам доверба. Тие се бават токму со она што им е специјалност. Јас ги препраќам таму, никако не импровизирам. Зошто јас не сум клинички психолог, не сум семеен психолог. Јас го правам она што најдобро го знам, јас сум спортски психолог. Особините на личноста е второто подрачје, веќе ви кажав, и третото подрачје е мотивацијата. Затоа што и тоа важен сегмент. Не знам колку ќе допрам до Вас зошто ова во спортот е многу специфично. Не е само да сакаш и да имаш желба. Туку мораш да направиш оптимална мотивација. Во моментот да ги искористиш сите твои способности што ги имаш и да ги ставиш во функција на постигнување на врвни резултати. Не она што се случува во пракса – мораме сега да победиме, мораме сега да победиме - и што најчесто кажува тренерот ако не победат: изгоре во желбата за победа. Е сега и тој дел треба да се разработи, но има многу фази. Повторно ќе кажам, работам на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, машки факултет, а од пред еден месец сум декан на Факултетот. Верувам во својата приказна, ја пробав дека може и јас сакам во наредните 10 години да направиме да има спортски психолози во секој клуб, зошто тоа пазарот го бара. Извонредно место каде што можеме да се вклучиме, во секој клуб, репрезентација и селекција. Ќе завршам со интервјуто на Лино Чеврар, на сите ви е познат: ние треба да се справиме со македонскиот страв од пораз. Така беше? Ние сме директно повикани. Штом сме повикани ние ќе дадеме одговори за тоа. Ви благодарам за вниманието и поканата.

**Софија Димитровска:**

Добар ден на сите. Ви благодарам на идеата и на поканата за учество на една ваква средба. Претходно беше кажано дека на некои ова им е прво вакво искуство на едно место да видат толку многу колеги и во моето дваестгодишно искуство ова е прв пат да се најдам во една ваква ситуација да зборуваме за заеднички проблеми на едно место во толкав број. Доаѓам како претставник на психолозите во предучилишната дејност, претставник на најмалите, меѓутоа не и на неважните. Сметам дека е сериозно важна возраст за која за среќа општеството дава некаква важност во последните неколку години. Можам да кажам дека искуството покажува дека во сферата на интересите на Владата, за среќа, последните неколку години влезе раниот детски развој и во последните неколку години се прават сериозни промени во овој домен. Направени се конечно една нова програма за ран детски развој, неколку инструменти за работа кои се вметнати како задолжителни елементи за користење во нашата дејност и навистина нешто се случува. Се случува и нешто друго што нам лично не ни се допаѓа, а тоа е маргинализирање на нашата улога, улогата на психолозите во целата оваа дејност. За ова посебно би сакала да обрнам внимание на претставниците од Комората. Бидејќи денес зборуваме за проблемите, јас ќе се фокусирам на тоа. Пред да кажам нешто за употребата на мерните инструменти во нашата дејност, би сакала да кажам малку статистика затоа што од таму произлегуваат и неколку проблеми во нашата работа. Имено, во нашата дејност во моментов згрижени се некаде околу 32.000 деца кои се опфатени во 54 установи, а секоја установа претставува една заедница од неколку градинки, што значи дека во нашата држава во моментот функционираат двесте или триста градинки, не ја знам точната бројка бидејќи не постојат официјални податоци во Министерството за труд и социјална политика. Но, за град Скопје знам дека во моментов функционираат 18 предучилишни установи и во рамките на нив има по 4 до 5 градинки. Во мојата установа конкретно имаме 6 градинки, за некој ден ќе имаме и седум и




само еден психолог. Што значи тоа? Тоа значи дека на некои отприлика 1.600 деца згрижени во моментот имаме само еден психолог, но за среќа и еден комплетен стручен тим кој подразбира присуство и на педагог, дефектолог, логопед, педијатар. Значи една комплетна екипа која може да работи на оваа проблематика. Можеби бројката на деца некому му изгледа мала, но тоа е една значајна бројка, особено ако се знае дека работната задача е непосредна работа со деца и следење на нивниот развој. Она што сакам како информација да го кажам е дека непосредната работа со деца и следењето на нивниот развој е само едно од десетте подрачја на работа кои се пропишани со закон во предучилишната установа, односно како задачи на психологот. Меѓутоа, тоа не значи дека е една десетина од нашата работа, не оди тоа правопропорционално, особено што загрижувачки е зголемувањето на бројот на деца со развојни потешкотии, што значи дека добива на важност ова подрачје на нашата работа. Јас за себе лично можам да кажам дека ми е значајно подрачје од мојата работа. И уште нешто, психолозите во нашата дејност имаат право да одберат и сами да ја програмираат, односно да проценат на кои домени од можните задачи можат да дадат акцент и сами да ја креираат својата политика на работење. Сепак, јас овде нема да зборувам за моето лично искуство, ќе зборувам како претставник на сите психолози од градот и делумно на психолозите од Републиката. Не нема многу. Во градот сме само 11 и покриваме популација од

скоро 11.000 дечиња во моментот, а во Републиката состојбата е уште полоша, на 34.00 деца во моментот работат не повеќе од 15-16 психолози вкупно, па сега Вие претпоставете колку е тоа малку или многу. Пред да кажам за тестовите, сакам да кажам за она што се спомена за иновациите кои добија третман на законски регулирани документи и обврски на градинките. Отворање на советувалишта на деца и родители е една форма на работа која ја имаат како обврска градинките кои имаат вработено најмалку тројца стручни работници. Тоа значи дека градинката со најмалку тројца стручни работници во рамките на својата установа да овозможи советувалиште за деца и родители. Најголем дел мислам од установите во Македонија го имаат тоа направено и тие советувалишта функционираат во рамките на нашата секојдневна работа. Зошто е ова важно поврзано со темата? Јасно е дека една од главните задачи на овие советувалишта е да прават процена на развојниот статус на децата со цел да ги утврдат развојните можности и потребите на децата од предучилишна возраст и, што е најважно, да направат рана идентификација на пречки на децата во развој или потешкотии со кои тие се соочуваат. Од тука доаѓа сериозната потреба за користење на ваквите инструменти. Самото дваесетгодишно искуство веќе ми помага сериозно во тоа без користење на стандардизирани мерни инструменти. Имено, ние можеме да забележиме некаква промена и без тест, меѓутоа тоа секако не е доволно и наш заеднички став, на сите мои колешки е дека овие инструменти ни се сериозно потребни. За разлика од установите во здравствената дејност каде што родителите со децата имаат поактивен пристап, тоа се тие кои го прават првиот чекор, тие се тие кои ја освестиле потребата да побараат некаква помош. Овде нашата улога како психолози кои работат не на дијагностика туку на детекција и идентификација и јас имам чувство дека нашата улога е многу посериозна затоа што Вие како психолог сте оној првиот кој што треба да потенцира дека постои некаков проблем, што е многу различно од тоа кога самиот тој доаѓа кога има проблем и бара помош. Тоа во пракса значи дека Вие треба

да имате една сериозна сигурност со која зрачите за да лесно поминете низ процесот на убедување на родителот дека е потребно да побара помош и да се обрати во здравтсвена институција. Искуството си го прави своето и ни дава за право многу често да направиме издржана проценка во тоа дали е потребно да се побара помош или не. Моето искуство е дека многу ретко се случува да направиме погрешна оцена и да испратиме некое дете во институција, а да немало потреба. Мислам дека во 100% од случаите сме во право зошто, ако не друго, пет пати размислуваме да го направиме тоа и навистина мислам дека соодветно го правиме тоа. Меѓутоа, она што е важно е дека неопходна ни е сигурноста од мерен инструмент позади кој ќе стоиме ние и кој ќе ни помогна во нашата одлука да го испратиме родителот во една таква институција. Друга една работа што е важна како промена - тоа е задолжителна форма на евиденција на развојните постигнувања на децата која е регулирана со закон, а тоа е водење на досие на детето. Не знам колку ова го знаат, а особено ми е важно ова кај колегите, колешките од образование, зошто Законот за образование ова не стои како форма, ниту како обврска, ама еве сметам дека и ова е уште еден важен момент кој треба да се потенцира. Значи Законот за детска заштита пропишува задолжително водење на досие на детето, односно изработување на развојно портфолио во кое два пати годишно се евидентираат развојните постигнувања на секое дете кое е запишано, од запишувањето до завршувањето на посетата на предучилишната установа и според Законот треба да се следи детето при запишувањето во основно образование и градинката да го префрли досието во таа друга институција. Праксата покажува дека тоа не функционира, веројатно затоа што Законот не го бара тоа. Значи не постои согласност меѓу Законот за детска заштита и Законот за образование и, за жал, еден огромен труд на стручните работници од предучилишните установи останува во нечија фиока или домот на родителите без да добие можност да ја олесни работата на нашите колеги во основното образование кои би стартувале со веќе оформена слика за секое дете. Тоа

е исто така една од новините. Се надевам дека ова ќе биде дискутирано таму каде што треба и ќе се направат некакви промени. Она што исто така не засега како психолози е тоа што во законската регулатива воопшто не постои дека досието на детето, пазете една сериозна документација излегува со многу листови, многу хартија, не постои обврска тоа да го прави психологот. Тоа го прават воспитувачите, а нашата улога овде е само добра волја на колешките да побараат совет или во ситуација кога ние сметаме дека може да се направи некој погрешен потез, па ние да се наметнеме во тој процес. Меѓутоа, ниту некој официјално не повикува, ниту не обврзува и некој што претходно го кажа во врска со инспекциите, би кажала дека редовно кога инспекциите доаѓаат нас никој не не споменува и никој не не́ бара и никој не знае што работиме, никој не се интересира. Да го оставиме ова на страна, сега би зборувала за користењето на тестовите. Го пренесувам искуството не мое, а тоа е следното: психолозите во најголем дел од градинките користат многу малку инструменти за работа. Најголем дел од тие инструменти се стари повеќе од 20 години, најчесто над 25 и 30 години. Најголем дел од тие инструменти се набавени исклучиво преку лични контакти на колешките кои сами ги изнаоѓале. Тоа се главно нестандардизирани, адаптирани, фотокопирани, сами изработени, испечатени и така натаму. Значи правиме една сериозна импровизација на тој план со цел да си помогнеме таму каде што никој друг не ни помогнал. Не дека не знаеме како, сите сме се обиделе на некаков начин, сме тропнале на некоја врата, меѓутоа никогаш не сме можеле да најдеме разбирање. Факт е дека во институциите не постои сериозна подготвеност и поддршка во користењето на овие инструменти. Да не ги напоменувам инструментите кои ги користиме, мал е бројот. Тоа е нашето искуство во тој поглед, имаме сериозна потреба и заеднички став дека постои и реална потреба и одлична волја и компетенции за користење на ваков вид инструменти. Но за тоа ни е потребна поддршка и институција која ќе стои зад нив.

**Гордана Несторовска:**

За разлика од колешките од градинките кои се навистина малубројни, бројната состојба на психолози во основните училишта е нешто подобра. Во последно време во сите училишта има психолог. Ние психолозите сме обединети во една секција на психолози од основни училишта и ние минатиот месец ја констатиравме потребата да се обединиме и да видиме кои тестови ги имаме воопшто ние во училиштата и кои тестови се стандардизирани, од кога се стандардизирани, дали се оригинални, преведувани и сето тоа ни претставува проблем, бидејќи навистина ни е потребно да набавиме тестови кои ќе ја олеснат нашата работа во училиштето во поглед на дијагностиката. Кога јас се вработив во училиштето пред скоро дваесетина години состојбата со тестовите беше навистина лоша, за разлика од сега кога е очајна. Со години го задававме КТЗ тестот за упис на децата во прво одделение. Јас бев навистина задоволна од тој тест бидејќи не само што содржеше три компоненти – детето како има координација на рака, око, како емоционално го доживува тестот и  интелектуалниот дел – ни даваше една бројка, една вредност која ни посочуваше за тоа каков напредок може да очекуваме од детето и колку е подготвено во тој момент да појде на училиште. За жал, тој тест веќе не се користи бидејќи децата доаѓаат на училиште една година на помала возраст и мој личен апел е да се обидеме да видиме дали можат да се ревидираат нормите или да се изработат некои норми за една година помали деца кои би ни биле сериозен патоказ во нашата работа со децата. Според сегашните закони за работа со децата при упис во прво одделение ние не треба да даваме тест, но јас лично го задавам  тестот на човечка фигура според  Гудинаф. Едноставно е упатството, значи не е спротивно на Законот, јас можам да дадам тест за човечка фигура и го анализирам тестот. Не е лесно да ги анализираш тестовите на сите деца кои ќе се запишат, но имам една насока што можам да ја дадам на наставниците што да очекуваат од своите идни првачиња. Во поглед на децата со посебни потреби во моето училиште ниту еден

тест што го поседувам за општи интелектуални способности или обични тестови не можам да ги дадам на децата со посебни образовни потреби, особено на децата со аутизам. Имам деца кои во училиштето се веќе осма година. Во почетокот го задавав тестот на човечка фигура од Флоранс Гудина, сега веќе нивните возрасни карактеристики не им дозволуваат да седнат и да нацртаат човек како што го работеле на почетокот. Така што сега нивните интелектуални способности што ги покажуваат на тој тест се пониски. Не дека нивното интелектуално ниво е пониско, но едноставно треба да најдам тест кој ќе биде соодветен на возраста. Равеновите прогресивни матрици ги имаме повеќето од психолозите во основните училишта и црно-белата варијанта и пократката варијанта во боја. На големо наше задоволство тие беа на времето набавени, но стандардите и нормите кои ги користиме се многу одамна. Не би знаела точно од која година, но мислам дека од осумдесет и некоја година беше едниот стандард што го прочитав. Во поглед на Равеновите прогресивни матрици со години ги анализирав постигнувањата на учениците според нормите за селска популација бидејќи јас работам во основното училиште „Јоаким Крчоски" во Волково. Со тек на време сфатив дека тие норми не се веќе соодветни. Започнав да ги применувам нормите за градска популација зошто не само што се промени структурата на населението, се промени и составот и иницијалната сосотојба (интереси, способности, усвоени вештини) на учениците, дел од децата одат во градинка. Мислам дека и тестот станува полесно прифатлив поради слични активности што ги гледаат децата на компјутер и затоа сериозно сметам дека Равеновите прогресивни матрици можеби како тест се добри, но стандардите кои ги користиме треба да се ревидираат. Поседувам и мал број примероци Тифинов тест кој се задава да се работи на самиот лист, но не го давам во последно време од аспект што толку многу е издеформиран тестот, од копирање не се гледаат сликите, а бидејќи е невербален тест со слики, навистина не претставува соодветен материјал да се зададе. Тестот на човечка фигура е одличен

тест, неопходно е малку повеќе време за прегледување и анализа, но дава добри прогностички резултати за нас во училиштата. Се прашувам колку е сериозен наод и прогноза ако за еден испитаник дадеме наод и мислење со еден тест. Сметам дека тоа навистина не е соодветно и не е доволно. Знаете веќе дека со Законот училиштата треба да имаат формирано инклузивен тим кој треба да работи со децата со посебни образовни потреби. Меѓудругото овој тим треба да даде мислење и прогноза на состојбата. Тоа не е возможно ако поседуваме само еден тест или ниеден од одредена област. Во поглед на диференцирани тестови за способности во моето училиште поседувам тестови од серијата ДАТ и тоа субтестови за математика, сфаќање на механички односи, сфаќање на просторни односи и вербала. Вербалата не ја задавам веќе со години, претпоставувам, исто така, не ја задаваат и другите психолози. Толку многу се застарени термините што учениците навистина не ги разбираат. Исто се проблем математичките операции затоа што материјалот што тогаш се работел во тогашно осмо одделение, сега деветто, веќе тој материјал не се изучува во таа возрасна група. Преместен е во подоцнежните години во средно училиште. Значи дел од тестовите кои сме ги задавале веќе не сме во состојба да ги задаваме бидејќи воопшто не ни одговараат на потребите, способностите, знаењата и интересите на учениците. Од проективните тестови знам дека повеќето колешки го користат цртеж на дрво, куќа, човек, кој е добар инструмент за почетна комуникација и за добивање некој увид во состојбата. Цртеж на семејство сите го задаваме како одличен тест за приод кон детето, особено ако детето ни дојде прв пат во канцеларија не би му дале веднаш тест за интелегенција без претходен разговор со детето и некои останати техники на опуштање. ПИЕ тестот го поседуваме повеќето од основните учичишта, го набавивме преку Заводот за вработување на времето, но за жал јас ги немам оригиналните фолии за прегледување во боја, туку имам црно-бели фолии и навистина е суспектно колку точно ги мериме вредностите. Исто можеме да го користиме тестот на недовршените речени-

ци, скратената детска верзија за која јас поседувам некое упатство кое е нешто правено-недоправено и не е оригиналното упатство за толкување на тестовите кои би ни помогнале да направиме една сериозна анализа. И од другите тестови кои ги поседувам во училиштето, мислам дека и повеќето мои колешки ги поседуваат, тестот на креативно мислење – ТКТ, голем дел од нас го добивме одамна од Филозофски факултет - Институт за психологија Ни овозожува да ја унапредиме работата со креативни, талентирани деца и да го процениме нивото на креативно мислење. МОБ 2002 го имаме, тоа е скала на самопроценка, мотивација за постигнување, добиен е неофицијално преку пријателства. Од Факултетот исто така имаме добиено неколку скали за самопроценка на анксиозност, агресивност, депресивност, самопочитување, КУПЕР-СМИТ, инструменти за процена на асертивност, инвентар на проблемите кај адолесцентот и слично. За крај би сакала да споменам едена скала за самопроцена на учениците, наречена Скала на седум интелегенции, што е исто така е добиена од Институтот за Психологија. Таа скала за самопроцена е изработена според Теоријата на мултипла интелигенција на Хауард Гарднер кој смета дека, покрај општа интелегенција која е потенцијал, постојат и седум суб-делови кои се релативно независни, во различна мера се застапени кај секој човек и се поврзани со нашите интереси и способности. Скалата на седум интелегенции ја користам заедно со други инструменти за процена на специфичните видови на интелектуални способности при професионална ориентација на учениците. Овој инструмент, иако не е стандардизиран тест, им го препорачувам на младите колеги како добра насока во кои области детето е повеќе способно и заинтересирано, кои се негови поголеми способности и може да се искористи во професионалната ориентација. Јас ќе повторам, ние се сретнуваме со една сериозна состојба на мал број тестови. На една моја посета во Франција како дел од преокт, бевме однесени и гледавме како се работи со учениците. Таму психологот воопшто не ги тестира децата, туку тестирањето на групни тестови го вршат помошници

и ги анализираат статистичките податоци. А психологот работи индивидуални тестови и сето тоа што е индивидуално за да се добие слика за детето. Нивниот психолог беше изненаден кога дозна дека ние немаме тестови кои се задаваат на компјутер. Тој начин на компјутерско спроведување на тестирање би ни ја олеснил работата, затоа што лесно се спроведува, нема потреба од умножување на материјалот, а прегледувањето на тестот е поедноставно. Мислам дека повеќето колешки со задоволство и голем успех би ја прифатиле можноста компјутерски да ги зададеме тестовите во нашите училишта.

**Јана Шишковска:**

Јас малку од поинаква перспектива, но не значи дека не се соочуваме со слични проблеми. Јас работам во меѓународното училиште НОВА седум години. Факултетот и постдипломските студии ги завршив во Англија и веднаш потоа се вратив тука и почнав да работам во НОВА. Тестовите се клучен дел, меѓутоа што со нив. Убаво е што ние ги тестираме, јас сум среќна што работам со стандардизирани тестови затоа што ми е таква популацијата. Меѓутоа, имаме и македонска популација со која се соочувам со проблеми, па ги насочувам кај некои од моите колеги. Сепак мислам дека во образованиот процес тоа не е доволно. Ние ќе ги истестираме, но што со тие податоци? Како нашите податоци ќе им помогнат на учителките, на родителите или на сите оние кои работат со деца? Ние во НОВА имаме Центар за диференцирано учење и јас како психолог во основното училиште, но и во овој Центар, таму сум јас и три колешки кои не се психолози по професија и тие се имаат стекнато со титулата специјалисти во учењето врз база на некои тренинзи кои ги имаат направено. Едната е насочена кон читањето, другата кон математика и третата е за поголеми ученици и тука станува збор за организациски вештини и слично. Целта на Центарот е да се развиваат учениците, да го постигнат нивниот академски и личен потенцијал преку тоа што ние индивидуално ќе им се об-

ратиме наместо како група. Како доаѓаат тие до нас? Загрижен професор, родител, некој од администрацијата ги насочува кон Центарот и така почнуваме процедура. Првиот дел од процедурата е да седнеме сите заедно, сите оние кои работат со детето и разговараме за нашите обсервации зошто не напредува, што се потешкотиите. Потоа јас и директорката, понекогаш и другите членови на тимот одиме, правиме опсервации за време на часот сé со цел да се добијат повеќе информации за ученикот за кој станува збор. Следниот чекор е да ги поканиме родителите да видиме што тие има да ни кажат. Дали тие имаат слични обсервации, дали се тие загрижени на било каков начин или ние им ги кажуваме нашите грижи. Тогаш родителите барале согласност за тестирањето. Секогаш бараме согласност. Некогаш родителите не се сложуваат. Откако ќе дадат согласност им давам јас батерија од тестови. Ние се имаме определено само за една батерија тестови за која сметаме дека е за во образованиот процес, ова е академски профил на детето и ретко правам тестови на личност. Се фокусираме на академскиот дел повеќе. Правиме тест за когнитивни способности, значи тест за интелегенција, кој е академски. Има една анализа што се прави меѓу нив, два теста за да се види дали постои дискрапанца помеѓу способностите на детето и постигнувањата на детето. Доколку ја увидиме таа дискрапанца, тогаш се прашуваме зошто. Зошто тие деца кои ги имаат тие способности, не постигнуваат соодветни резултати. Имаме скрин тест за дислексија, односно за потешкотии во читање. Имаме Конорс профил кој гледа ADHD, не е дијагностички, меѓутоа ни дава профил за тоа какви проблеми се воочуваат во однесувањето како ученик. Во тоа учествуваат родителите, некогаш и детето и, секако, некој од училиштето. Често децата ги праќаме кај логопед со кој соработуваме. За да добиеме информации. Често забележуваме дека имаат потешкотии во процесирање на јазик. Тоа многу често го забележуваме во училницата кога треба да им се повторуваат инструкции повеќе пати. Значи правиме сé за да добиеме што повеќе информации. И сега што правиме потоа? Ги имаме информациите. Ги ко-

ристиме за да одредиме каков тип на поддршка му е потребна на ученикот. Имаме различни типови на поддршка: еден на еден, кога колешките работат еден на еден со нив и јас, во зависност од потребите. Имаме поддршка за време на часот или едноставно одлучуваме дека, затоа што кај нас доаѓаат од многу различни држави, ќе им дадеме малку повеќе време, малку повеќе поддршка низ туторски часови и слично. Значи ние информациите, отако студентот ќе стане член на Центарот за диференцијално учење, изготвуваме индивидуална програма за учење. Значи информациите од тестовите ги користиме за да нè информираат за тоа какви модификации ние мора да направиме за тој ученик за време на часот, за време на тестирање и слично. Едноставно, ги користиме за полесно да дојдеме до целта. Ги користиме да ги постигнеме целите, потоа ги ревидираме целите, на крајот на секој ставаме мерливи цели за на крајот на секој семестар да можеме да видиме до каде сме со ученикот и слично. Кога ќе се заврши тестирањето ја подготвуваме индивидуилизиураната програма за модификации за време на часот и надвор од часот, за дома и слично. Потоа повторно се сретнуваме со родителите каде ги информираме за тоа кои се нашите сугестии. Често учениците во првата година ги вадиме и надвор од часот по одредени предмети, особено ако потешкотиите се во читање. Имаме структурирана програма за работа со ученици со дисклексија. Јас кога се вратив тука бев на обука за психодијагностика за да видам што е тука достапно и би сакала некогаш да користам и дел од тие тестови, меѓутоа никогаш не сум се чувствувала сигурно да ги користам. Не знам многу од колешките, само преку едукации што сум можела да ги запознаам и навистина сакам повеќе да учествувам, се чувствувам малку изолирано. Работата ми е пониква, сепак би сакала и јас да имам можност за повеќе соработка. Ова што ние го имаме како протокол е протокол кој се користи во многу земји, посебно во меѓународни училишта. И нас ни фалат луѓе и ние сакаме повеќе специјалисти, кај нас е потешко зошто англискиот треба да се зборува на високо ниво. Меѓутоа, треба да ги разгледаме тестовите, да, ама треба да раз-

гледаме што со нив. Зошто ако ние само тестираме, значи не може ние до недоглед да ги тестираме децата. Навистина треба да одредиме кои се тие тестови што во нашата институција ќе ни помогнат за да ние му помогнеме на тоа дете. Затоа што навистина е безпредметно само да тестираме. Ова што Ви го кажав како батерија на тестови што ја изработуваме, одзема едно пет часа со секој ученик. Меѓутоа, сме се определиле затоа што сметаме дека навистина во едукативниот процес тоа се тие тестови што ни даваат највеќе информации. Значи не ги гледаме само бројките, го гледаме ученичкиот профил, кои му се слабости и како да работиме.

**Ленче Ристовска:**

Претходните говорници го  кажаа она што и јас би сакала да го кажам. Кога ги слушав од претходната група, си велев и јас го имам ова како проблем. Се пронаоѓам секаде. Јас сум втората генерација психолози, а првата генерација што се вработивме во просвета. Јас сум вработена во средно училиште, дел од колешките во основни училишта. Првите година-две војувавме други борби, требаше да направиме некакви програми, да почнеме со нешто, немаше кому да му се обратиме, сами го трасиравме патот, си помагавме меѓу себе и така стигнавме до некаде. Тоа беше сé уште бивша Југославија. Во тоа време Заводот за вработување ги тестираше осмоодделенците и тие кај нас доаѓаа истестирани. А и сега кога ги слушам претходниве колешки, што направиле во градинка, што во основно училиште – кај нас доаѓаа личности кои се во една специфична возраст. Знаете што носи таа возрасна група, кои се карактеристики, кои се нивни барања и борби што ги водат со себе, со родителите, по потрага на својот идентитет често пати бунтовни – значи ние се соочуваме со поинакви проблеми. Првите години јас не користев никакви тестови, бидејќи кажав дека доаѓаа тестирани од Заводот за вработување за професионалната ориентација, а за интелегенција не. После тоа кога се јави потребата од профе-

сионална ориентација повторно во Заводот за вработување ги испраќав учениците и таму ги тестираа. Пред неколку години од Град Скопје имаше проект и јас барав во втора година да бидат тестирани учениците од гимназиското образование за да им се олесни изборот на подрачјето што ќе го изучуваат во трета и четврта година, а со тоа ми се олесни и мене работата. Но, знаете дека на секој психолог му е предизвик да има и тестови. Во деведесетите години во соработка со Заводот си купив тестови иако си мислев: што ќе ми се овие тестови кога сите деца се тука паметни и интелегентни. Тие што ги имав јас беа за општа интелегенција. Го купив и ПИЕ прирачникот, но ми беше тежок за работа така што не можев да се снајдам со него и едноставно прекинав да го користам. Тестовите што ги имав ги користев еден период од работниот век кога држев настава по психологија во четврта година како нагледно средство, да ги видат учениците. И сега чувам неколку примероци. Јас немав голем број примероци за да можам масовно да тестирам. Во последните години се соочуваме со други проблеми, семејни проблеми, барање на идентитет, бунтовност, асоцијално однесување. Јас размислував што да направам, како да дојдам до некои сознанија конкретни, мерливи, од каде да најдам тестови, кој да ми даде. Не видов никаде поддршка или место каде да се обратам и се потпрев на мојата интуиција, на моето долгогодишно искуство преку интервју со ученикот, со родителите, да дојдам до одредени сознанија за да може да го решам проблемот. Доколку имаше потреба, во соработка со родителите ги упатував учениците во Заводот за ментално здравје. Ова е последна година од мојот работен век и можам да кажам дека се чувствувам исполнета, задоволна. Мислам дека се снајдов добро, секогаш се трудев да помогнам на сите кои ми се обраќаа за помош. Решив многу случаи и голема сатисфакција е кога ќе дојде родител да се заблагадари и кога ќе го видиш ученикот дека е успешен и среќен. Важно е чувството дека нешто си направил, си помогнал некому. Ние немаме волшебно стапче за да ги решиме сите проблеми со кои се соочуваме. Во доменот на моите можности, моите

способности се трудев да ги извршувам моите работни обврски, не велам дека сум во сѐ добра, има и некои недостатоци, меѓутоа со љубов си ја вршев работата.

**Елеонора Серафимовска:**

Со оглед дека времето е кратко, за крај ќе кажам нешто кратко. Прво, да и се заблагодарам на Ленче, таа денес беше во двојна функција: некој од високо образование и некој како спортист и навистина ми е драго што ја обезбедивме да ни дојде. Особено што не е само психолог, туку и спортист. Јас се надевам дека некој ќе се вклучи во таа област зошто навистина немаме спортски психолози во нашата држава. Благодарност до Ленче што останува отворена да поддржува и подучува млади психолози во оваа област. Благодарност до Јана која доаѓа од другата страна, од една друга димензија, училиште кое работи на еден поинаков начин и со поинакви стандарди. Тоа не значи дека не можеме да соработуваме. Благодарност и до Гордана, можеби некој ќе рече погрешно ја избравме женава, ни кажува дека имаме многу работа, имаме тестови, зошто се жалиме. Меѓутоа знам како тешко се снаоѓаат во оваа работа. Нормите се стари, стандардите се стари, но, како и што зборувавме на нашата првата средба - не е невозможно да се ревидираат тестовите, само ќе треба напор, познавање и многу работа. Благодарност до колешката што ќе оди во пензија - Ленче, таа кратко кажа ама знам дека има огромно искуство и ни даде реална слика на нашето школство. Благодарност и до Софија која е вистински професионалец во својата област и која се обиде точно да ни ги дијагностицира проблемите со кои се соочуваат психолозите во работата со најмалите. Ќе оставиме простор за дискусија, но би сакала да се ограничиме на нешто. Добро е што и од Комората се тука и ни даваат поддршка. Ќе повторам дека јас и колешката започнавме еден процес на стандардизација, но тестовите не ни требаат нам, Ви требаат Вам. И ние сме отворени за соработка, сѐ што се однесува во тој дел. Знам дека се потребни средства,

апсолутно се потребни средства, не можам да кажам дека ќе ги правиме без пари, меѓутоа не дека е невозможно. Возможно е, имаме ресурси, имаме сопствени капацитети на кои можеме да се потпреме, Вие имате огромно искуство, ги имате учениците пред Вас, ги имате децата во градинките, така што со мала помош мислам дека можеме да направиме многу работи. Јас се надевам дека ова е само прв чекор од нешто што се вика работа на психолошки тестови. Знаете, психолошките тестови се наш основен инструмент. А дваесет години од осамостојување не вложуваме во нашиот основен инструмент. Вие вложувате, знам, се снаоаѓате меѓу себе, умножувате и на крај самите сфаќате дека голем дел од нив не можат да се искористат. Општеството оди напред, а ние се обидуваме да фатиме чекор со промените, па тестовите што ги правиме не ги правиме повеќе во хартиена форма, иако верувам дека има случај каде што треба и хартиена форма. Тоа се веќе софтверски апликации кои даваат готови профили. Работиме во тој дел и Ве охрабруваме дека е можно сето тоа. Знам дека е дополнителен напор, Вие сте преоптоварени со она што го работите, но да не губиме надеж дека ова е невозможно. Ова е прв научен симпозиум, јас се надевам дека ќе направиме секоја година барем еднаш да можеме да се среќаваме. Се надевам дека Комората ќе почне да функционира. Многу ми е драго што дојдовте во толкав број. Не сум видела толку психолози на едно место. После тоа ќе Ви доставиме пибликација од оваа средба. Ова нека биде само почеток. И на крај, да ги поздравам нашите студенти по психологија организирани во Здружението ПСИХЕСКО, тие се нашата иднина и да најдеме начин како тие можат да се вклучат во овој процес на стандардизација. Би се заблогодарила и на нив кои многу ни помогнаа во организацијата.

*13:00 ч - 14.00 ч*

*Попладневна Паралелна сесија 2:*

*„Употребата на психолошките тестови во областа на социјалната заштита“*

**Модератор:** *Иван Трајков*, **Институт за социјална работа и социјална политика**

**Презентери:**

*Снежана Мишевска*, Завод за социјални дејности

*Розета Паскалиева*, Меѓуопштнски Центар за социјални работи на град Скопје

*Розалија Секулоска*, Детски Дом „11 ОКТОМВРИ“

*Весна Стоименов*, СОС Детско Село

*Ивана Стоименовска*, Казнено поправен дом ИДРИЗОВО



**Иван Трајков:**

Најнапред да Ве поздравам од мое лично име. Јас сум Иван Трајков. Доаѓам од Филозофскиот факултет, Институтот за социјална работа и социјална политика. На оваа денешна научна среда од колешките Елеонора и Маријана јас сум определен како модератор на сесијата поврзана со улогата на психолошкото тестирање во сферата на социјалната заштита. Да се надоврзам на претходните колешки во однос на чувството дека сме во голем број собрани тука, но во континуитет меѓусебно соработуваме. Не само психолозите во областа на социјалната заштита, туку и со психолозите кои што работат во другите сектори затоа што секторот на социјална заштита е еден конгломерат каде што улогата на психологот е од суштинско значење. Можам да кажам дека некој носител на дејност, според називот што стои над Министерството за труд и социјална политика, би биле социјалните работнци. Меѓутоа, она што е поврзано со психолозите и тестирањето и оној псхолошки наод и мислење, секогаш се доведуваме до ситуација согледувањата да се базираат на она што детектираат и она што укажуваат психолозите и затоа одговорноста е од пресудно значење. И користењето на психолошките тестови во рамките на работата на психологот во областа на социјалната заштита е од пресудно значење. Можеби од претходните соговорници слушнавте, претпоставувам дека истата ситуација ќе се повтори и тука, дека се користат тестови. Всушност, користите тестови кои се нестандардизирани, кои секој на свој начин ги адаптира. Всушност, целта на оваа научна средa, која што е организирана од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, е да се детектираат потребите кои што ги имаме ние психолозите во секторот социјална заштита за да ги видиме - не дека не ги знаеме – аномалиите. Потребно е да ги детектираме проблемите со кои се соочуваме и затоа сте најповикани Вие, кои директно ги применувате психолошките тестирања со корисниците. До сега слушавме пациенти, клиенти меѓутоа, сега ние ќе работиме со корисници и дали користиме и кои психолошки тестови ги ко-

ристиме, кои мерни скали ги користиме, кои се потешкотиите со кои се соочуваме итн. Бидејќи секторот социјална заштита, пак ќе повторам, е еден поширок сегмент во рамките на социјалната заштита, се обидовме да ги опфатиме најповиканите страни. Значи Меѓуопштинскиот центар за социјална работа која што е институција глобална и која што може да се носи со проблемите на државно ниво. Со тоа што градот Скопје е град каде што потребите кои ги решаваат професионалците во Меѓуопштинскиот центар се многу пообемни од оние кои што се од другите градови. Значи имаме преставник од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Скопје, колешката од Заводот за социјални дејности, институција одговорна за установите за социјална заштита. Тука е колешката од Јавната установа за згрижување на деца и младинци „11. Октомври". Опфативме еден сегмент кој што, да не речам, дава услуги од сферата на социјална заштита во рамките на вонинституционално згрижување. Тука е колешката од СОС Детското село кои се вклучени директно во рамките на системот на социјална заштита како згрижувачки семејства и даваат услуги во сферата на социјалната заштита и колешката психолог која што го опфаќа делот од казнената политика, доаѓа од Јавната установа Казнено поправен дом Идризово. Се надевам дека на крајот од оваа дискусија ќе произлезат позитивни индикатори во однос на тоа кои ни се нашите потреби за да можеме од некаде барем да тргнеме во однос на она што претходно го детектиравме како потреба за стандардизација и адаптација на одредени психолошки тестови. Тие, за жал, ние сите, всушност, Вие ги користите и давате одредени мислења во однос на тоа, а мерните инструменти кои ги применувате се такви какви што се. Најпрво јас би се придржувал според она што е наведено во програмата. Како излагачи, би ѝ дал збор на колешката Снежана Мишевска. Накратко, јас само би ги замолил колешките сите да се престават која од која институција доаѓа, иако вие најголем дел меѓусебно соработувате и подобро се знаете и од мене. Меѓутоа, за некои кои што евентуално немаат допирна точка со социјалната заштита, би било ред да се претставите. Повели Снеже.

**Снежана Мишевска:**

За колегите што не ме знаат од центрите за социјална работа јас сум Снежана Мишевска. Психолог сум во системот на социјална заштита веќе 22 години, од кои 11 сум во Центарот за социјална работа и 11 во Завод за социјални дејности. Значи нешто што се работи во база, директно со корисниците во системот на социјална заштита, нешто што значи спојка меѓу Министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа во насока, на подигање на квалитетот на услугите, во насока на едукацијата, во насока на мониторинг, во насока на постапките кон корисниците. Имаме и дел во истражување кој што не можеме да го допреме заради капацитетот, следење на појавите, мерење на причинско-последични врски меѓу социјалните ризици кое што е појавно во средината. Значи имаме голем опсег, а од скоро време сме вклучени дури во процесот на лиценцирање на стручните работници кои се вклучени во системот на социјална заштита, кои се, пред сé, социјални работници, психолози, педагози, правници, токму од аспект на постапување на овие стручни профили во системот на социјална заштита. Имавме една дилема зошто сега да се лиценцираат и психолозите во овој дел. Дилемата е разрешена на друго ниво затоа што тоа не е лиценцирање на самиот психолог како психолог, туку лиценцирање на неговите знаења и компетенции за постапување во системот за социјална заштита. Значи моето искуство како психолог е многу одамна, од минатиот век и во овие 21 година на осамостојување, односно 25 години на Македонија. Како и она што го слушнавме во претходното излагање во секторот на здравство, јас не можам да забележам прогрес во психологијата, односно во поставеноста на психологот. Тука има еден огромен регрес. Сé она што го имавме како бенефит, што го добивме од нашите системи претходни во однос на тестовни материјали, скали на проценки и т.н., дури и во образовната сфера, значи некако го гледаме како уназадување. Ме интересирала секогаш и Катедрата за психологија и она што јас како фела на професори го имав и она што сега го имаат и она што го

добив од едни професори кои што доаѓаа од Југославија, како што беше  Миклош Биро, каков што беше Бергер... По мене најголема компетенција во проценката и примената на тестовите ми го даде токму клиничкото досие и изработката и психометријата како материја, како предмет што го изучував благодарение на тогашната професорка и сегашна Бешка која што навистина нé воведе во изработката, нели, и во значењето на тие психометриски мерни инструменти, што му значат на психологот во неговата работа. Со првото влегување во системот на социјална заштита се соочив со тоа дека немаше ниеден колега расположив да ми даде поддршка, нели, да ме внесе во системот, затоа што моето матично образование не ми даде основно познавање како да се впуштам во овие води. Знаевме многу за образованието, знаевме многу за клиничката сфера, знаевме многу за предшколските установи, за детскиот развој итн., но за социјалната сфера немавме никакво познавање. Моето учење беше од некои воени психолози кои што ми дадоа такви скали на проценка и тестови кои, нели, беа само преведени и кои што мене не ми беа од голема важност затоа што сметав дека ММПИ апсолутно не е точен во системот на социјална заштита да го користите, бидејќи ние не правиме психодијагностика и давање на едно психијатриско толкување на личноста. За среќа, учествував во целиот проект на изработка на стандардизација и валидизација на ВИТИМ. Тоа траеше две години и мене ми ги отвори портите да видам колку е тој процес долготраен, колку е сериозен токму во стандардизација и валидизација затоа што самиот превод ништо не значеше. Мене ми помогна многу, а верувам и на нашите колеги психолози кои изработуваа клиничко досие. Клиничкото досие е токму во тоа, во интервјуто клиничко, во скалите за проценка кои што сега колегите кажуваат дека се само преведени и во она изготвување на наод, на мислење на психолог токму во адекватноста, нели, на самиот, на структурата на извештајот што треба да биде и што треба да биде содржано. Ги користевме тестот на недовршени реченици и профил индекс емоции и ММПИ итн., но сé тоа беа преведени

некои тестови за кои, како што заклучивме во претходната сесија, немаме стандаризација и валидизација и апсолутно не ни помагаат. Низ работата во системот на социјална заштита и поставеноста на психологот апсолутно не е да дијагностицира, туку едноставно треба да процени колку корисникот отстапува од оној типичен раст и развој. Отстапувањето едноставно може да се примени, мислиме поадекватно со оние скали на проценка. За скалите на проценка не Ви треба голем процес на стандардизација и валидизација, туку нешто што е лесно, она што го кажа Маријана, еден лесен процес за добивање достапност на тие скали на проценка, едноставно апликација, одобрување итн., но ние се соочивме кога дојдов да работам во Заводот за социјални дејности со систем кој бара повеќе почитување на процедури, вмрежување, одобрување итн. и кој изискува пари. Парите ни се болна точка, болна точка која што навлегува во самиот систем на кадровски ресурси и психолозите кои беа ставени во немила состојба, значи беа ставени во состојба на проценители. Треба истиот да биде и проценител и помагач и терапевт и поддржувач итн., што нели се коси со она – кадија Ве суди кадија Ве тужи - не може да бидете објективен. Ме поттикна малку и разговорот од претходната сесија. Ние психолозите барем треба да бидеме свесни за својата лична и професионална одговорност. Она што го пишуваме го ставаме на хартија. Дали тоа е базирано на мерливи инструменти, која верификација некој од надвор ќе ја потврди, колку имаме супервизори кои што работат на нашиот личен и професионален раст и развој и колку имаме ментори. Значи тоа е еден цел циклус кој како на професионалци треба и системот да ни го обезбеди. Треба малку и да поведеме сметка од аспект на личната одговорност. Сметам дека, еве и колегите ќе кажат, јас мислам како практичар, кој што долго време сум работела со корисници, дека, да, праксата и искуството Ви дава многу добри компетенции и знаења, но никогаш не можете да се потпрете на тотална објективност. Значи Ви се допадна дека праксата е водич, но морате, јас постојано велам, треба да го проверам тоа што го знам и

треба да го проверам и тоа што не го знам. Значи никогаш не треба да се рече никогаш, туку да се проверува и дефинитивно нас ни се потребни мерни инструменти кои што ќе ни дадат насока. Затоа што во системот на социјална заштита корисниците се, не можам да Ви кажам од која се плејада, значи од правата и услугите вклучувајќи ги и детето и семејството и пошироката социјална средина. Значи имаме огромен број корисници, но едноставно проценката треба да ја направи психологот, педагогот, социјалниот работник. Зависи за кое право или услуга се пријавува корисникот. Работиме претежно тимски, имаме центри кои не се екипирани, имаме центри каде еден стручен работник ги презема улогите и на психолог и на педагог и на правник итн. Така што сме ставени во ситуација да го изгубиме и матичното, она за кое сме поставени според професијата, а од друга страна, треба да се биде само добар проценител на ризиците, потребите и потенцијалите на корисникот. Треба да биде скретничар, односно управувач на правата услуга која што треба да ја добие корисникот и да биде еден,  да кажеме, координатор на поправките или корекциите и услугите што треба да ги добие корисникот надвор од системот. Токму од таа причина на објективност, на компетентност, на квалитет на услуги, на добивање на промени кај корисниците и задоволување на нивните потреби. Не е во насока што сега го имаме, значи и проценка и поддршка и советување и советувалиште и терапија итн., а мислам дека нашите психолози се потковани затоа што сите имаат лични едукации и раст и развој, сите се внесени во системи други, надвор од системот во кои што работат и функционираат, само треба една добра организација и мислам дека во системот на социјална заштита најкорисни нас ќе ни бидат скалите за проценка, затоа што ние сме само проценители и упатуваме до адекватни институции каде што третманот е заштита. Дијагностиката треба да ја уловат компетентни лица од таа област. Уште нешто заборавив, треба да кажам уште една реченица, вака малку ме понесе и мене оваа цела ситуација и разговорот од претходната група. Инаку во стандардизацијата на услугите и потре-

бата за лиценцирање, односно во насока на добивање на поквалитетни услуги за корисниците, во насока на проценка на квалитетот кој што понатака нас ќе ни даде и поттик во анализите да го подобруваме квалитетот на услугите на корисниците, Заводот во соработка со УНИЦЕФ изработи една програма за континуиран професионален раст и развој токму во насока да сите оние стручни профили кои влегуваат во системот на социјална заштита добиваат едни основни базични знаења за потребите на корисниците и ризиците и потенцијалите нивни, токму во делот на обезбедување на квалитет на услугата, во делот на потребите и во делот на правата. Оттука поместени се одредени техники на проценка кои што можат да ги употребат профилите во стручниот тим, секој од своја позиција, и да одговори од својот матичен профил кој што му дава една рамка за она отстапување што го реков, во делот на она што е еден типичен раст и развој дали на возрасната личност или на детето. Од друга страна, неколку пати Заводот за социјални дејности се обрати до Министерството за труд и социјална политика токму во насока на барање на средства за изработка на тестовен материјал и бевме одбиени од причини што тоа е голем процес, изискува многу пари итн. Не добивме позитивен фидбек и се обидовме ние, како Завод за социјални дејности, во соработка со Заводот за социјални дејности на Србија, да добиеме едни скали на проценка. Од самиот автор добивме дозвола да бидат преведени и едноставно не се некакво откровение, но едноставно сметавме дека на сите наши психолози, педагози и социјални работници ќе бидат една граница каде да се движат во таа проценка и едноставно само ги преведовме, го наведовме изворот и ги дадовме на колегите токму од причина да сите постапуваат барем унифицирано токму во насока на обезбедување на ист квалитет на услугите на нашите корисници и согласно стандардите и процедурите кои ги изготви Заводот за социјалните дејности. Поминатите се обуки во однос на овие модули кои што опфаќаат од делот на системот познавање, од комуникација, од работа со деца во ризик, задоволување на нивните потреби, од

работа со семејства, од работа со локалната заедница, бидејќи нашата работа е мултидисциплинарна, токму во насока на добивање на тој квалитет и проценката и процедурите и стандардите. Секогаш се трудиме да воспоставиме еден стандард да овие процедури, техники и методи кои што се поместени и во модулите и во овие техники, да ги практикуваме како професионалци. Да почнеме од една база, па колку минимална да биде таа.



**Розета Паскалиева:**

Како преставник на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа би започнала со она што е основна дејност, а тоа е социјалната заштита со која целиот центар опфаќа повеќе области, многу категории на граѓани, многу категории на странки со кои секојдневно работиме, даваме услуги во многу делови од социјалната заштита. Конкретно, работа со лица со пречки во развојот, лица кои се опфатени во службата за брак и семејство, кои имаат семејни проблеми, конфликти, разводи, доверувања на деца, регулирања на видувања помеѓу деца кои не живеат со родителите, надминувања на конфликтни состојби во семејството или по разводот. Располагаме со советувалишта за брак и се-

мејство, работиме со лица кои се жртви на семејно насилство, сторители на семејно насилство. Имаме центар за згрижување, служба за заштита на деца, служба за заштита на возрасни и стари лица. Во рамките на таа служба работиме и со бездомници, работиме со мигранти, азиланти. Многу е широка лепезата на сите корисници на нашите услуги, навистина. До сега барем од она што сме го учеле на факултет по едукација и подготвеност за работа, многу повеќе сме добиле и јас и повеќето што сме дипломирале овде, обука и за работа во делот на медицината и клиничкиот дел и во образовниот дел во однос на педагогијата. Но, во делот на социјалната заштита навистина има малку од она што може да се примени како знаење, како искуство од факултет, а потоа и како нешто што понудил факултетот или, пак, други институции кои нудат скали за проценка или било какви инструменти за работа во оваа област. Навистина недостигаат речиси во сите области, односно служби во кои работиме. Пред овој собир, овој симпозиум, имавме состанок на кој исто беше утврдено дека сите кои сме вработени во центарот имаме потреба навистина од конкретни стандардизирани скали, прашалници и методи и техники кои би можеле да се применат во оваа категорија. Никако не може да се каже  дека еден тест може да се примени во секоја категорија, иако станува збор за возрасни деца, возрасни лица или, пак, за деца. Сепак, специфични се категориите, не може исти скали за проценка да се користат на дете кое било жртва на полов напад или, пак, некое кое има проблем со прифаќањето по разводот на родителите или, пак, возрасни. Значи за секоја категорија навистина треба посебен пристап и посебни инструменти за работа. Кај нас најчесто се користат Ајзенковиот тест,  го користевме, иако сите овие, како што и другите колеги зборуваат досега, не се стандаризирани. Го користиме по потреба Маховер тест, го корисиме Гудинаф тест , Корнел индекс, ПМ.  Значи тоа се тестови за кои што можам да кажам дека се снаоѓаме и гледаме да функционира сé како што ни налагаат условите. Меѓутоа, секако дека е потребно да се работи во тој дел на стандардизација, преведување на

тестови, прашалници, кои би биле не толку опширни како овој тест кој Вие сте го стандаризирале. Сега има доста прашања, а ние секогаш сме ограничени со време, со рокови за постапување кои постојано ги контролираат и инспекциите и Заводот за социјални дејности и немаме услови да даваме некои обемни прашалници. Во нашата служба секогаш се работи тимски, во тимот секогаш имаме психолог, педагог, социјален работник и правник, и секој за својот дел е ангажиран. Јас, како психолог, во мојот тим навистина имам потреба да добијам конктретни инструменти за работа со кои поуспешно би ја извршувала работата, иако имаме некои прашалници како скали можеби за проценка од Заводот за социјални дејности, но само за одредени служби. Еве конкретно за одделението за семејно насилство речиси и да нема скали со кои би се правела конкретна проценка за стресот, траумата која ја доживеала личноста, во каква состојба се наоѓа сега, дали се работи за возрасен или за дете, што е недопусливо да се случува. Би кажала значи, секогаш работиме според методологија за работа која ни ја налага Законот за брак и семејство во нашиот дел, но ќе додадам и од службата за брак и семејство според Законот за управна постапка, според методологијата за работа која ни ја налага Заводот за социјални дејности и се придржуваме до таа методологија. Но, секако, би сакале и ние да придонесеме и да учествуваме во унапредување и во надополнување на овие постоечки прашалници, тестови. Овие сега што ги користиме не се стандардизирани што сите ги користат и еве, добро, навистина ја поздравувам оваа иницијатива да промени нешто, бидејќи на секое поле, каде и да погледнете, на социјална заштита, но и по другите полиња, секаде е неопходно стандардизирање, преведување. Јас дури откако бев повикана на овој симпозиум размислив и околу сите можеби магистерски или докторски студии кои се подготвуваат, а особено оние што се истражувачки, каде што се користат тестови за истражување, колку се сите тие валидни. Јас еве магистрирав минатата година, меѓутоа со преведен тест од англиски кој е нестандардизиран, но препорачан од Катедрата на психологија и затоа мора да се промени.

**Иван Трајков:**

Во секој случај, луѓето кои што се директно вклучени во реализација на тестирањето во областа на социјална заштита ќе треба да земат учество понатаму во подготовката и стандардизацијата и тие се тие кои што треба да ги детектираат оние тестови и мерни инструменти кои што им се најпотребни. Колешката истакна една плејада на услуги кои ги даваат колегите од сферата на социјална заштита и само ќе Ве замолам да кажете колку психолози се вработени во Меѓуопштинскиот центар, чисто колку да се има претстава.

**Розета Паскалиева:**

Официјално вработени се 17, меѓутоа во секое одделение имаме недостаток на кадар. Јас не сакав да кажам бидејќи тоа не е тема.

**Иван Трајков:**

Чисто колку да добиеме претстава во однос на тоа кога некој би ги мерел услугите.

**Розета Паскалиева:**

За условите во кои работиме би имало навистина многу да се каже и да се пожалиме.

**Иван Трајков:**

Плејадата на услуги кои Вие претходно ги споменавте беше двапати повеќе од 17. Значи тие професионалци треба да бидат вклучени во барем секој еден од сегментите. Дали се работи за семејно насилство, дали се работи за посвојување, дали се работи за проценка. Значи секој сегмент вклучува по еден психолог, би требало, барем условно кажано.

**Розета Паскалиева:**

Еве конкретно во нашето одделение, иако има навистина обемна работа во одделенијата за брак и семејство и одделенијата за семејно насилство, има само тројца психолози. Не знаеме како постигнуваме ни ние самите.

**Иван Трајков:**

Во популација како што е град Скопје во последните десет години бројот на разводите на брак секоја година е сé поголем.

**Розета Паскалиева:**

Мораме да спроведеме разговор, интервју со секоја странка која доаѓа, да обавиме стручна методолошка работа со деца, посебно кога се разведуваат родителите, да се направи посета во дом.

**Иван Трајков:**

И особено е значењето што ќе го даде психолог во однос на реализација на посети, доделување на деца. А сето тоа се базира на едни инструменти кои што ни се моментално достапни. Тоа е тоа, ние не можеме да бегаме од таа ситуација. Во ред, Ви благодарам, продолжуваме понатаму - колешката доаѓа од Јавна установа детски дом „11. Октомври“. Повелете.

**Розалија Секулоска Пендевска:**

Јас сум Розалија Секулоска Пендевска, работам во Домот за деца без родители и родителска грижа „11. Октомври“-Скопје, околу осум години. Ќе се обидам да бидам кратка и јасна иако би зборела на оваа тема многу долго. Значи да не се повторувам од претходното предавање, работиме во многу лоши услови. Завршениот факултет нешто посебно не ме оспособи како да работам. Не знаев дека ќе се вработам во социјалата, мислев во здравството или во образованието. Но, ете, случајно отидов во социјалата кај децата без родители и родителска грижа. Од

тамошниот психолог не наследив ништо, значи ниту еден психолошки тест и техника кои и ден денес не ги набавила. Сама се снајдов со нестандардизирани материјали за работа, со огромни лични парични средства. Многу ми помагаат едукациите на кои одам - по трансакциона анализа која сеуште ја изучувам, како и когнитивно-бихејвиор психотерапијата која ја завршив. Кога се вработив во Домот за деца без родители и родителска грижа за прв пат сватив дека повеќето од нив, всушност, скоро сите имаат родители кои од некои причини (егзистенцијални, здравствени, проблеми со законот и сл.), не се во можност да се грижат за нив. Родителското право не им е одземено, бидејќи тоа е тешка правна процедура, туку им се назначува старател кој е на некој начин во функција на родител и одговара пред законот за негата, грижата, воспитувањето, како и постапките на корисникот. Нашата институција е сервис за нивно згрижување, чување, воспитување, образување и сл., но во глобала, за сите одлуки не одлучуваме самостојно. Нашиот стручен тим дава предлог мислење кое може да биде прифатено или отфрлено од старателот и неговиот стручен тим. Проблем настанува кога не сме едногласни што е најдобро за корисникот, како и за останатите корисници на ниво на институцијата, па тогаш мора да го вклучиме нашиот надзорен Орган, Заводот за социјални дејности да ја донесе крајната одлука.

Да се вратам на психолошките тестови и техники. Ги задавам сите со кои располагам, пред сé, за да го изготвам наодот и мислење на психолог, како и заедничкиот на ниво на стручен тим. Тој документ архивски се заверува и се сместува во кумулативното досие на корисникот, каде сета документација е мошне важна, не само за лонгитудинално следење на корисникот, туку и за инспекцискиот надзор. Една од моите задачи како стручен работник, е носење на корисниците на детски психијатар, најчесто во Завод за ментално здравје. Оваа соработка и тимска работа морам да ја пофалам, бидејќи и мене многу ми помага во работата и корисниците се третираат со медикаментозна терапија и континуирано се следи нивната здравствена состојба. Во однос

на психолошките тестови и техники од огромна важност ми се проективните како за адолесцентите, така и за помладите деца. Имено Маховерот, Цртеж на семејство, дрво (или раскажување на приказна за дрвото) и Лишер ми даваат многу информации и ми го надополнуваат клиничкото структурирано или неструктурирано интервју. За интелигенција ги применувам Равенови прогресивни матрици во боја, Гудинаф и Тифин. Од останатите ги применувам ТНР, Бековиот тест за депресија, Гаск за општа анксиозност, Купер Смит за себепочитување, скали за надеж, генограм и сл. Магистрирав на тема Претстава за родителски авторитет, себепочитување и надеж кај деца и адолесценти со и без родителска грижа, применувајќи ги овие нестандардизирани тестови. Толкував резултати, давав заклучоци и мислења на добиените резултати од тестовите кои не се стандардизирани за нашата популација. Што е уште пожално, сите магистри и доктори на науки тоа го правиме. Зошто? Затоа што не располагаме со стандардизирани психолошки материјали.

**Иван Трајков:**

Некој сега ќе ги применува и Вашите, па ќе се повика на Вас - ќе цитираме дека од Розалија.

**Розалија Секулоска Пендевска:**

Да, и ќе се продолжи тој апсурд во недоглед. Сакам да истакнам дека од сета моја стручна работа, како и од долгогодишното работно искуство, групните психолошки работилници се прекрасни за оваа вулнерабилна група. За кусо време освестуваат многу проблеми, некои од нив нешто разрешуваат, но истовремено низ групната работа добиваат поддршка, мноштво на информации, увиди и уште повеќе се поврзуваат. Со други зборови, сите заедно растеме. И корисниците и јас со нив.

**Снежана Мишевска:**

Тоа треба, во суштина, социјалниот работник да го направи во Центарот за социјална работа, да го добиете Вие како информација за да знаете потоа во третманот што да направите со децата. Значи, токму во таа насока, тоа е оваа стандардизација да кажам или правење на сет на техники, па скали за проценка со кои што Центарот треба да ја направи апсолутната проценка. Токму во делот на згрижување на децата во институционалниот систем, треба само со таа проценка да се дадат и напатствија во тој индивидуален план за работа со корисник: што треба институцијата да работи со тоа дете, а Центарот што треба да работи со семејството. Сет на тие стандардизирани, да кажаме, скали за проценка. Вие понатаму ќе ги примените во Вашата институција која што ќе биде репер за движењето на корисникот, на негов прогрес. Ако Центарот процени на едно ниво од 1 до 10. степен дека е на 2, Вие со Вашиот третман и работа во институцијата со истите скали да направите повторно проценка и да видите дали има придвижување на детето од 2 до 4, 5, 6 итн. И токму во тие стандарди и процедури е дадена целата таа постапка. Значи Центарот ја врши проценката и упатува каде да ја добие корисникот услугата со комплетно добиени информации и наоди и мислења и она што го имате претходно во методолошките упатства. Сега, на различни, да кажеме, корисници, односно во различни услуги, дали се деца во ризик или се деца без родители, без родителска грижа. Влезот во системот е различен, дали е заради бракоразвод, дали е заради семејно насилство, дали е заради судир со законот, дали е дете без родителска грижа. Значи според Законот за права на децата, се деца во ризик и проценката на деца во ризик е токму тој модел. Проценка на дете во ризик и работа со деца во ризик дава многу добра техника за понатамошна работа и проценка на детето каде е. Затоа што во тој модул се одбрани сесии кои што модулот, дваипол дена трае, кај што се дадени аспекти кај децата при проценка токму на ризик. Прво се почнува со психолошкиот раст и развој на детето, значи повторно имаме едно повторување и збогату-

вање на развојните фази кај детето, значи едно потсетување кај психолозите на клучните аспекти во растењето кај детето, како што се врзувањето, како што се траумите кои вршат влијание на тој раст и развој и каде се необезбедени сите аспекти преку една многу интересна техника и многу добра. Тоа е целта - да ја применуваат сите психолози, педагози, социјални работници од свој аспект, каде што имаме триаголник на мојот сет на детето. Од една страна ги проценувате ризиците, потребите и потенцијалите на детето, согласно со неговата развојна фаза, и она што секоја развојна фаза го бара, нели, средината, а од друга страна оние што се грижат за детето, дали се родители, старатели... После имате проценка на средината, односно системот кој што го опкружува и детето и семејството, каде ги имате дефектите. На таква проценка, тогаш наодите на психологот, педагогот и социјалниот работник ќе бидат различни. Истиот аспект го проценуваат, но секој од свој профил и тогаш ќе го имате Вие оној валиден наод и мислење каде што заедно ќе ги споите психолог, педагог и социјален работник. Ние сме во голема предност дека нашиот систем така ни е поставен. Во другите држави Вие немате поставување на стручни тимови. Само социјални работници проценуваат, а ресурси на психолози, педагози од надвор влечат. Значи имаме еден феноменален систем кој што не функционира и не се искористува до крај. Тој план за индивидуална работа со корисник е токму тоа - проценка на сите ризици на детето, а водејќи се од Ковенцијата за правата на детето. Тоа сите го забораваме - најдобриот интерес на детето не е да биде во институциите, туку да расте со своите родители. Само да се доискажам. Значи тестовите кои што ги применуваме треба да се стандаризираат, а навистина тапкаме во место. Имаме доста јаки психолози во Македонија. Сум била во една ваква институција во Германија, во Нирнберг, службено во дом за деца без родители каде што институцијата функционира. Значи и таму има психолог, педагог, меѓутоа таму некако им беа измешани обврските. Меѓутоа, тие беа фрапирани од работилницата која што јас ја спроведов за разрешување на бес. Тие тоа го немаат и

бараа литература. Затоа сакам да кажам дека ние имаме многу знаење, меѓутоа со самата стандардизација на овие тестови ќе се издигнеме на повисоко ниво, ќе си го трасираме патот и мала дигресија - само потребно е и со персоналот нешто да се работи затоа што ова е многу маргинализирана burn out група и персоналот прегорува, значи многу имаме burn out ефект.

**Иван Трајков:**

Колешката Весна Стојменов доаѓа од СОС Детско село „Македонија“ кое што функционира во сиситемот на вонинституционална заштита како згрижувачко семејство.

**Весна Стоименов:**

Јас сум Весна Стоименов, дипломиран психолог, советник по когнитивна бихејвиор психотерапија и во едукација од трансакциска анализа. Работам како психолог во приватна установа за сместување на деца и младици без родители и родителска грижа СОС ДЕТСКО СЕЛО Скопје. Во нашата организација постојат повеќе програми, јас сум во Програма за поддршка на згрижувачки семејства и развој на деца, како психолог сум подршка на СОС згрижувачите со цел да се обезбеди подобар развој и грижа за секое дете. Моментално има сместено 54 деца и за нив се грижат 12 СОС згрижувачи. Центарот за социјална работа ги сместува децата, доставува наод во кој нема доволен број на податоци  за детето и е со малку информации. После периодот на адаптација на детето правам психолошка проценка и користам психолошки тестови кои за жал не се стандардизирани. Од тестови на способности кои ги користам се: РЕВИСК - Ревидирана скала за мерење на интелигенција на деца по принципот на Вексклер , Нова ревизија на Бине-Симонова скала, Прогресивни матрици црно бели и во боја , ТИФИН невербален тест, Гудинаф-Харис тест .Од инвентари на личност за деца: ХАНЕС - скала за неуротицизам и екстарверзија за деца и млади, тест на недовршени реченици – ТНР, ИПУЕС - илустративен проек-

тивен прашалник за емоционална стабилност на деца, РТЧ-П - развоен тест, ЧУТУРИЌ - скала за психички развој на мали деца за возраст од 2 до 8 год., СПП-3 - скала за психички развој на мали деца кои се на возраст од 3-6 год. Како психолог реализирам програма за професионална ориентација на деца кои се подготвуваат за запишување во средно образование и младинци кои се подготвуваат да го продолжат своето образование на факултет. Од тестовите ги применувам тестот за професионални интереси ТПИ-ОШ, тестот за седум интелигенции, ДАТ СЕРИЈА - Дат сваќање на механички односи, сфаќање на односи помеѓу површините, сфаќање на механичките односи, тестовите за сметање и сфаќање на односи помеѓу зборовите се многу застарени и не соодветствуваат за оваа популација на млади. Од проективни техники ги применувам Маховер цртеж на човек, цртеж на дрво, цртеж на дете и особено ми е значеаен цртежот на семејство. Децата кои се подолго време згрижени во СОС прашуваат кое семејство да го нацртам, дали семејството со кое живеам тука или моето биолошко, бидејќи тие се во постојан контакт со нивнито биолошко семејство и сродници. Изготвувам и психолошки наод и мислење на згрижувачите во процесот на вработување, ги применувам следниве тестови: Маховер, ПИЕ, тест на интелигенција, ММПИ-201 (202) и ТНР.

**Иван Трајков:**

Благодарам Весна. Остана колешката што доаѓа од Казнено-поправен дом Идризово и после тоа претпоставувам ќе се појави потреба од прашања кои произлегуваат од сите овие дискусии.

**М–р Ивана Стоименовска:**

Благодарам. Прво чест ми е што сум дел од овој симпозиум. Јас сум Ивана, доаѓам од Казнено-поправен дом Идризово, психолог сум по професија и магистер по социјална и правна психологија и едукантка на Институтот за семејство и брак – школата за семејна и системска психотерапија. За разлика од колегите

можеби имам помалку искуство во мојата област, меѓутоа, сепак 4 години работам во Казнено-поправниот дом Идризово и можам да кажам дека проблемите со психолошките тестови во оваа област, исто како и другите колеги што кажаа - тука некаде, се слични и исти. Сакам да не ја одолговлекувам многу дискусијата околу тестовите бидејќи како што можевме да видиме од сите мои колеги што имаа излагање пред мене, е речиси е иста. Би сакала да кажам дека јас ги користам тестовите Тифин, Маховер, Ајзенков прашалник на личност, Кетел 16 многуфакторен прашалник за личност, скала за импулсивност на осудени лица и невербални проективни техники кои мене ми се од корист. Сепак, сакам да кажам дека во однос на осуденичката популација која што моментално ја има во Идризово брои околу 2.000 осуденици - таму капацитетот за осудени лица е дупло помал, имаме капацитет за околу 1.000 осудени лица. Стручниот тим во приемно одделение, во кое што јас работам, се состои само од еден психолог, социјален работник и педагог. Во приемно одделение, кое е дел од секторот за ресоцијализација, се врши обсервација на осуденото лице. Станува збор за лица кои доаѓаат од различни категории и рангови на луѓе: од социјално дисфункционални семејства, лица зависници, до лица премногу интелегентни, манипулатори, до психопатски структури. Една широка плејада на луѓе за кои што јас треба да правам проценка, да го направам психолошкиот наод и мислење, понатака да го препратам на моите колеги и да предложам програма за ресоцијализација која што понатака моите колеги од таа служба, од секторот за ресоцијализација, ќе ја спроведуваат. Таму профилот на личности кои ја спроведуваат таа ресоцијализација треба да биде педагог, психолог и социјален работник. Тоа би требало да биде влезено во склоп на систематизацијата, не сум сигурна колку тоа правно е реализирано. Меѓутоа, праксата не е таква и тука, нели, да не ја раширувам темата, има многу да се работи и на тоа поле. Е сега во однос на мојот проблем - да кажам дека поради тоа што јас се соочувам со лица кои што се во голем дел неписмени, во голем дел се лица кои доаѓаат од Домови за

деца без родители (каде што и работат дел од колегите овде), од дисфункционални семејства или распаднати семејства. Голем дел од тие лица имаат стагнација во интелектуалниот развој и не можат адекватно да соработуваат на техниките и затоа сметам дека е потребно да имаме повеќе невербални тестови и проективни техники. Од друга страна, сметам дека во интерес на времето со кое што, исто така, сите Вие имате проблеми и ние сме соочени – имаме, нели, законска рамка и опсег на време во кое треба да ги сработиме предметите, и во интерес на огромниот број на таква популација, која во последно време се зголемува, и има многу лица кои се во казнената евиденција и завршуваат во затвор, сметам дека треба да се набават и изготват пократки некои алатки со кои што полесно би се правела таа проценка и тој психолошки наод и мислење. Од многу големо значење ми е и биографијата на осуденото лице и од многу големо значење ми е и неговата криминална историја во сооднос со семејството од каде што потекнува, за да може да ми даде, нели, индикација и показател за какво лице станува збор и што би можела јас да му предложам на него. Многу е битно тука да нагласам, како и колегите што кажаа во претходната предавална, не можеш секого за сé да тестираш. Затоа мене ми е потребна целата батерија на тестови и во однос на моето искуство и во однос на кривичното дело, да имам јас повеќе параметри од кои што можам да се водам за да направам конкретен наод, за да можам јас да дадам соодветна насока и соодветна препорака. На страна да ги оставиме другите проблеми, има многу проблеми, ама тоа е за друга тема. Секако, и јас мислам дека овој симпозиум е од големо значење. Друго нешто што сакав да кажам, еве за на крај, е дека сакам да ја поддржам иницијативата за стандардизација. Колку можам ќе помогнам, ќе помогнеме како институција за стандардизација. И еве еден пример: разговаравме со колешки од странство, на семинар на кој што имаше стручно лице психолог како експерт, па случајно дојдовме на муабет на оваа проблематика околу психолошките тестови. На тој семинар имаше повеќе мои колеги психолози од затвори од

Република Македонија и кога им кажавме каква е состојбата со психолошките тестови во нашите институации, жената – експертката, беше изненадена и нé праша: ‘’Како работите?“ И кажавме дека работиме некако, се снаоѓаме. На што таа одговори: „Само да Ви кажам, кај нас тоа е казниво со закон“. Затоа добра е иницијативата, ја поддржувам и сметам дека сите треба да се ангажираме да работиме во таа насока.

**Иван Трајков:**

Да имаше кај нас закон, ние немаше да бидеме тука сега, ќе бевме таму кај тебе.

**Снежана Мишевска:**

Значи најинтересно е за во затворот што лицата пак доаѓаат во Центарот за социјалната работа кај што, покрај ресоцијализација, Центарот треба да направи и реинтеграција. Сите овие мерни инструменти што Вие треба да ги примените, ќе треба да ги има и Центарот за социјална работа за да види дали промената понатаму во однос на давање на услугите е во интерес на корисникот, да биде реинтегриран во заедницата. Значи Центарот почнува и пак на Центарот се завршува. Уште нешто би кажала, пак за тие проективни и полупроективни техники. Значи тоа е еден голем предизвик, многу се лесни навидум за користење, а многу се и во континуитет знаење и едукација.

**Иван Трајков:**

Да оставиме на публиката доколку има некое прашање.

**Говорник од публика:**

Многу ми е мило што денеска сум овде и што ги гледам сите тука, а сакам да Ви кажам дека јас имам закажано средба со Министерот за труд и социјала. Работата е тоа што е пред избори и ние за кратко време нема да знаеме кој ќе биде на тоа

место, но идејата е, без разлика кој е на таа функција, ние мораме да го оствариме тој контакт со Министерсвото на труд и социјала и јас Ве поканувам Вие што сте тука дојдени кој сака да се вклучи во тоа и да формираме една комисија. Затоа што утре ќе биде само еден иницијален разговор или некоја насока со што би можеле да потпишеме некој меморандум за соработка помеѓу Комората на психолози и Министерството за труд и социјала и во кој ќе треба добро да размислиме што ќе понудиме, што ќе побараме ние, на што ќе личи тоа што ќе го потпишеме со нив, односно да ја утврдиме таа положба на психолозите во сите места каде што Вие работите, каде што МТСП е надлежно, нели. Би сакала сега да ни дадете телефони да се собереме некако и да направиме една нова средба за да можеме малку повеќе да се договориме. Јас не ја познавам Вашата проблематика и ми беше драго што сега, прво и речникот на кој зборувавте за мене е нов, и ми беше убаво да Ве слушам сите и да видам што се проблемите на психолозите.

**Говорник од публика:**

Не дека ќе направиме чудо едно, дека веднаш ќе се договориме со Министерот, туку дека ќе направиме една иницијатива и ќе добиеме насоки што, на пример, понатака да правиме, како да се упатиме, ете, за тој меморандум за соработка да го потпишеме и јас Ве поканувам Вас да бидете присутни. Ние да го поставиме меморандумот, односно овие проблеми што ги имате со тестирање и други проблеми со кои се соочувате на работното место да влезат во сето тоа, да знаеме што да побараме, како да потпишеме. Исто и од публиката, мислам денес што се овде присутни, ако сака некој да биде вклучен во тоа, затоа што мислам ние ќе го правиме тоа со сите министерства, и образование и здравство итн.

**Иван Трајков:**

Доколку нема други прашања, Ви се заблагодарувам од мое лично име и од колешките и се надевам дека нема да застанеме тука, ќе има и нови средби кои ќе бидат поврзани со психолошкото тестирање, не само во областа на социјалната заштита и во сите засегнати други области. Има преставници од различни институции и пак сите се согласуваме во едно дека ни се потребни стандардизирани алатки за работа.

Универзитет “Св.Кирил и Методиј”
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И
ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА- СКОПЈЕ
Бул. “Партизански одреди” бб, П.Фах 435
1000 Скопје
Телефон 02 3061 119 лок.205
Факс: 02 3061 281
www.isppi.ukim.edu.mk
www.facebook.com/isppi.skopje

